ISSN: 1857-6710

ШИТ

Бр. 77 Цена: 50 ден. јануари 2016

МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

АРМ СЕКОГАШ ПОДГОТВЕНА ЗА ОДБРАНА НА МАКЕДОНИЈА



ПАКЕТЧИЊА ЗА ДЕЦАТА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА ВОЗДУХОПЛОВНАТА БРИГАДА

Традиционално, и оваа година со транспортен хеликоптер на АРМ на воениот дел од аеродромот „Александар Велики“ во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец, пристигна и подели новогодишни пакетчиња најомилениот новогодишен лик кај најмладите - Дедо Мраз. Тој им подари новогодишни пакетчиња на децата на загинатите припадници на Воздухопловната бригада и на децата на вработените во оваа бригада и на останатите команди и единици на АРМ и Министерството за одбрана.

Над 300 деца, заедно со нивните родители, имаа единствена можност да го проследат атрактивниот прелет и пристигнување на „Дедо Мраз“ со транспортен воен хеликоптер, а потоа да добијат новогодишни пакетчиња и да се фотографираат со него.

Оваа манифестација, која е во организација на припадниците на Воздухопловната бригада (вбр) и на Синдикатот на вработените во Министерството за одбрана, традиционално се одржува во пресрет на новогодишните и божиќните празници, а заради атрактивноста, секоја година предизвикува огромен интерес кај децата.



Содржина:



Страница 4-8 **ИНФО 2015**
МИНИСТЕРОТ ЈОЛЕВСКИ ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА КИНА

Страница 9 **ТРАНСНАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКАНИ: ОДГОВОРОТ НА НАТО И НАЦИИТЕ"**
ПРЕПОРАКИ ОД „МАРШАЛ ЦЕНТАР ФОРУМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ– ОХРИД 2015"- 2

Страница 24 **ФОРЕНЗИКА**
АНАЛИЗА НА ДЕОКСИРИБОНУКЛЕИНСКА КИСЕЛИНА (ДНК)

Страница 26 **ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА НА ВОЕНИОТ И НА ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ОДБРАНАТА И АРМ**
ФАЗИ НА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА ВО ОДБРАНАТА И АРМ

Страница 28 **ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
ЕДУКАЦИЈА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ

Страница 38 **МЕШОВИТИ ТИМОВИ – ПОГОЛЕМ УСПЕХ**
РОДОВИОТ АСПЕКТ ВО ПРОЦЕСОТ НА МЕДИЈАЦИЈА

Страница 52 **КОНТРОЛА НА ПРИСТАП**
ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПОТВРДУВАЊЕ

Страница 54 **ОСВОЈУВАЊЕ НА АЛПИТЕ**
ОД ДНЕВНИКОТ НА ВОЈНИКОТ-ПЛАНИНАР



Страница 18



Страница 32



Страница 42

ШТИТ - Година VIII, број 77, јануари, 2016 година, излегува еднаш месечно
ИЗДАВАЧ - МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ИЗДАВАЧКИ СОВЕТ
д-р Зоран Јолевски (претседател)
Генерал-потполковник Методија Величковски, полковник Љубе Дукоски, полковник Петре Велковски, потполковник Тони Јаневски, полковник Мери Ринџова, Билјана Иванова, д-р Жанет Ристоска

ГЛАВЕН И ОДГОВОРЕН УРЕДНИК
д-р Жанет Ристоска

РЕДАКЦИЈА
Билјана Иванова (технички, ликовно-графички уредник),
Димче Исаиловски, академски сликар (корица),
Митко Василевски (новинар), Кристина Илиевска (новинар),
Ксенија Митева (лектор); Александар Атанасов (фотографии)

ПЕЧАТИ: „БРАНКО ГАПО" ДООЕЛ СКОПЈЕ

АДРЕСА НА РЕДАКЦИЈАТА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА - СПИСАНИЕ „ШТИТ"
ул. „Орце Николов" 116, 1000 Скопје
Телефони: 02 3128 276
www.morm.gov.mk; E-mail: stit@morm.gov.mk

ЦЕНАТА НА ЕДЕН ПРИМЕРОК Е 50 ДЕНАРИ
ГОДИШНА ПРЕТПЛАТА 600 ДЕНАРИ

жиро с-ка 05001001 1678720
(повикување на број: 725939-10)
даночен број: 4030990271748
ТС 100000000063095

ШТИТ

ЗА МИНАТИТЕ И ИДНИ ПРОЕКТИ

Улогата на медиумите во современиот свет е мошне значајна. Секоја демократска држава се стреми да има слободни и независни медиуми кои објективно ќе известуваат за случувањата и настаните во државата. Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија преку своите посебни организациони единици остваруваат добра соработка и медиумско покривање на сите настани поврзани со одбраната.
Во текот на целата измината година се трудевме секој настан, секоја значајна средба, посета, вежба и конференција да бидат соодветно претставени во јавноста. А, кон крајот на секоја година, Министерството за одбрана и АРМ традиционално организираат и неформална средба на министерот за одбрана и НГШ со претставниците на медиумите на која во непосреден контакт и неформални разговори се слуша и се почитува гласот на претставниците на медиумите. Оваа година средбата беше организирана во просториите на Воениот музеј, каде што министерот за одбрана Зоран Јолевски, во придружба на заменикот на НГШ, генерал-мајор Мухамет Рацај, во пријатна атмосфера, уште еднаш ги потсетија претставниците на медиумите на некои од најзначајните активности кои во текот на изминатата година ги имаа МО и АРМ.
Министерот Јолевски, заблагодарувајќи се за одличната соработка, ги потсети присутните новинари на некои од најзначајните проекти од годината што измина. Во тој контекст го потенцираше значењето на проектот „АРМ – мој вистински дом", кој е во фаза на реализација и со кој на секој припадник на АРМ му се овозможува по поволни услови да дојде до сопствен дом. Потсети и за некои значајни средби кои ги остварил со цел да се промовираат МО и АРМ како институции кои се целосно подготвени за прием во НАТО. Министерот се осврна и на активностите во насока на подобрувањето и етаблирањето на процесот на образование на кадри за потребите на одбраната. Во однос на идните проекции и зафати изјави дека Министерството за одбрана и АРМ, во текот на идната година, покрај редовните активности, имаат мисија да се фокусираат на Самитот на НАТО во Варшава и дека со сите сили и можности ќе се трудат да ја остварат зацртаната стратегиска цел за прием во колективното членство. Дружењето беше убаво, атмосферата новогодишна. На претставниците на медиумите, уште еднаш Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, искрено им покажаа дека имаат разбирање и широко отворени врати за соработка и олеснување на нивната основна задача и мисија – објективно и непречено да известуваат за случувањата и настаните во државата.

д-р Жанет Ристоска



ИНФО 2015

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПОСЕТА НА АРМИСКИТЕ „ВОЛЦИ“

На 1 јануари 2015 г. претседателот на Република Македонија и врховен командант на вооружените сили, д-р Ѓорге Иванов, по повод новогодишните празници, заедно со министерот за одбрана Зоран Јолевски и началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Горанчо Котески, ги посетија припадниците на Армијата на Република Македонија. При посетата, претседателот Иванов на припадниците на АРМ им подари ТВ-приемник и им ја честиташе Новата година од негово лично име и од име на граѓаните на Република Македонија. Тој, воедно, им се заблагодари за сè она што го прават за одбраната и мирот во земјата и упати искрени честитки до сите припадници на АРМ кои се во мировни мисии надвор од државата.Во рамките на посетата, претседателот Иванов го посети и Баталјонот за специјални намени „Волци“, при што го откри и камен-обележјето на армиските волци, каде во иднина секој нов припадник на оваа единица ќе дава заклетва.

ПРОШТАЛНА СРЕДБА

Министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски, на 14 јануари оствари проштална средба со амбасадорот на Соединетите Американски Држави во нашата земја, Пол Волерс. „Македонија и САД имаат долга и плодна соработка на сите полиња, а особено на полето на одбраната.



Соединетите Американски Држави се наш докажан партнер и поддржувач во напорите за развој и реформирање, како и на нашиот пат кон достигнување на стратегиските цели – членство во НАТО и во Европската унија“, рече министерот Јолевски на средбата. Министерот му се заблагодари на амбасадорот Волерс за личното вложување и личниот придонес во развојот на меѓусебните односи. Амбасадорот Волерс посочи дека САД ја сметаат Македонија за пријател и сојузник, факт кој може да се види и преку долгогодишното учество на припадниците на Армијата на Република Македонија во мисијата во Ирак, како и во мисиите „ИСАФ“ и „Одлучна поддршка“ во Авганистан.

СПОГОДБА ЗА БАЛКАНСКИ МЕДИЦИНСКИ СИЛИ

Министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски, во име на Министерството за одбрана на Република Македонија, на 17 јануари ја потпиша Спогодбата за Балканските медицински сили. Република Македонија е првата земја која ја потпиша Спогодбата, со што се потврди и определбата на нашата земја, но и на Министерството и Армијата на Република Македонија, за поблиска регионална соработка на сите полиња. Од регионот, во Балканските медицински сили, освен Република Македонија, се вклучени и Албанија, Босна и Херцеговина, Словенија, Србија и Црна Гора, со поддршка од Кралството Норвешка и Соединетите Американски Држави. Проектот е дел и од концептот за „паметна



одбрана“, имајќи предвид дека вклучува специфични капацитети од земјите од регионот, кои ќе бидат достапни за тие земји, но и во рамките на некое идно можно заедничко учество во меѓународни мировни мисии.

ПОСЕТА НА МИНИСТЕРКАТА ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

Во текот на месец јануари, министерот за одбрана Зоран Јолевски оствари средба

со министерката за одбрана на Република Албанија, Мими Кодели. На средбите, меѓу другото, се разговараше и за одржувањето на заедничка воена вежба на армиите на двете држави, со што ќе се претстави еден нов квалитет во меѓусебната соработка. Во рамките на посетата, министрите Јолевски и Кодели потпишаа и Меморандум за соработка, кој се осврнува на размената на експерти од областа на односите со јавноста, додека раководителите на секторите за меѓународна соработка го потпишаа и Би-



латералниот план за соработка за 2015 година.

УШТЕ ШЕСТ ШТАБНИ ОФИЦЕРИ НА АРМ ВО „ОДЛУЧНА ПОДДРШКА“

На 27 февруари, министерот за одбрана, Зоран Јолевски, и заменикот на началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Насер Сејдини, оствари средба со шесте штабни офицери на АРМ кои заминуваат во мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан. Министерот Јолевски, посакувајќи им успешна и безбедна работа на штабните офицери, им порача дека со учеството во новата мисија на НАТО во Авганистан, Република Македонија ја искажува силната заложба за полноправно членство во Алијансата. Изразувајќи цврсто убедување дека штабните офицери на АРМ достојно ќе ја претставуваат Република Македонија, министерот за одбрана изрази подготвеност за секаков вид на поддршка кон нив од страна на Министерството и Генералштабот на АРМ.

СРЕДБА СО ЗАМЕНИКОТ-ПОМОШНИК ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР ХОЈТ ЈИ

Министерот за одбрана, Зоран Јолевски, оствари средба со заменик-помошникот државен секретар за Европа и Азија Хојт Ји, кој беше во работна посета на Република Македонија. Главна тема на разговорот беа евроатлантските интеграции на Република Македонија. На средбата Ји истакна дека Македонија има поддршка од САД за евроатлантските интеграции. Тој, исто така, изрази благодарност за учеството на македонските војници во мировната мисија во Авганистан „Одлучна поддршка” и ја поздрави соработката на Армијата на Република Македонија со Националната гарда на Вермонт. Билатераланата соработка во областа на одбраната од министерот



Јолевски и заменик-помошникот државен секртеар Ји беше оцената како одлична. САД и Македонија се стратешки партнери, што особено се забележува во интензивната соработка во одбраната. Секоја година се одвиваат бројни активности во оваа област, а САД преку конкретни донации придонесува за зајакнување на Армијата на Република Македонија.

ОДЛИКУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМ

Седум припадници на АРМ од составот на Водот за заштита добија монети



„Commander’s award for excellence“ за одлично извршување на должноста. Признанијата на припадниците на Водот за заштита на силите им ги врачија командантот и првиот наредник на Командата на Батаљонот за поддршка и обезбедување на Главната команда на мисијата „Одлучна поддршка“, полковникот Пол Џонсон и главниот наредник Едвард Џексон. Доделувањето на монетите беше по повод претстојната смена на должноста командант на Баталјонот за поддршка и обезбедување на Главната команда на мисијата во чиј состав се македонските припадници од Водот за заштита на силите. Со овој чин уште еднаш се потврдува довербата и придонесот на македонските припадници кои учествуваат во мисиите надвор од државата.

НОВ ПРАВИЛНИК ЗА ИСХРАНА ЗА ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ

На 20 април министерот за одбрана Зоран Јолевски и началникот на Генералштабот



на АРМ, генерал-потполковник Горанчо Котески, во касарната „Гоце Делчев“ присуствуваа на промоцијата на новиот Правилник за исхрана на припадниците на АРМ. Со Правилникот, храната што ја добиваат војниците ќе биде многу поквалитетна, а исто така се искористуваат и прехранбените производи од домашно производство Следна новина е што одреден дел од храната ќе биде на принцип на самопослужување, начин кој го има во другите армии од НАТО-земјите, односно со сите оброци да има и супа и чорба, меѓутоа и салати и разни десерти, односно овошје. Со ова сериозно ќе се подобри квалитетот на исхраната во АРМ.

МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА НА ЛАТВИЈА ВО ПОСЕТА НА МО

Министерот за одбрана, Зоран Јолевски, на 11 и 12 мај го пречека својот колега од Латвија, Рејмондс Вејонис. Во рамки на програмата во Министертсвото за одбрана, двете делегации, предводени од министрите за одбрана, оствариja средба на која се дискутираше за продолжување и продлабочување на одличната соработката во одбраната. На средбата се разменија мислења за актуелните политички и геостратегиски состојби во регионот, во Европа и пошироко, потоа за интеграцијата на Република Македонија во НАТО и во ЕУ, за воспоставување на соработка на полето на високото образование и обуките за воените лица, како и за можноста за заедничко учество во мировни операции, како во НАТО така и во ЕУ-мисиите. Министе-



рот за одбрана на Република Македонија го потенцираше учеството на припадници од АРМ на командно-штабните школи во Латвија, што преставува голем придонес за Армијата. За време на средбата помеѓу двете делегации се разговараше и за користење на капацитетите од страна на претставниците на Армијата на Република Латвија во Република Македонија, како што се Регионалниот центар за односи со јавноста, Центарот за обука на пилоти и Воената академија во Скопје.

УЧЕСТВО НА БЕЗБЕДНОСНИОТ ФОРУМ ВО ЦРНА ГОРА

На 5 и 6 јуни, министерот за одбрана Зоран Јолевски учествуваше на безбедносниот форум „2BS – To be secure“ во Будва, Црна Гора. Во склоп на форумот, министерот Јолевски учествуваше на панелот посветен



на преструктурирањето на безбедносниот систем со цел справување со современите безбедносни предизвици. Покрај министерот Јолевски, за потребата од реформа на безбедносните структури дебатираа и министерката за одбрана на Република Црна Гора, г-ѓа Милица Пејановиќ-Ѓуришиќ, претставникот на Дивизијата за нови безбедносни предизвици на НАТО, д-р Џулиет Брд и специјалниот пратеник на претседателот на САД за борба со ИСИЛ – генералот Џон Ален. На маргините на состанокот, министерот Јолевски оствари билатерални средби со генералот Џон Ален, претседателката на Република Хрватска, Колинда Грабар-Китаровиќ и со Хојт Ји, заменик-помошник државен секретар за Европа на САД.

ДЕЛЕГАЦИЈА НА ВООРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА КРАЛСТВОТО НОРВЕШКА ВО ПОСЕТА НА МО И АРМ

На 29 и 30 јуни во официјална посета на АРМ престојуваше висока делегација на Вооружените сили (ВС) на Кралството Норвешка, предводена од НГШ на ВС на Кралството Норвешка, адмирал Хакон Брун Хансен. Делегацијата во ГШ на АРМ беше пречекана со високи воени почести од началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Горанчо Котески. Главни теми на средбата беа: унапредување на билатералната воена соработка, меѓуармиската соработка во регионот, трансформацијата на АРМ и учеството во меѓународни мисии за поддршка на мирот. Воедно, НГШ на Норвешка имаше и работен ручек со министерот за одбрана Јолевски, при што се дискутираше за повеќе прашања од билатерална соработка. За време на престојот во Република Македонија, НГШ на ВС на Кралството Норвешка посети одредени команди и единици на АРМ, каде се запозна со нивната мисијата, задачи и обука. Адмиралот Брун Хансен оствари успешна средба и со заменик-министерот за одбрана, Илъми Селами, на која беа потврдени одличните меѓусебни односи, а беше разговарано и за модалитетите за развој на соработката во иднина.



ВО ПОСЕТА НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Министерот Јолевски, во рамките на официјалната посета на претседателот Иванов на Република Хрватска, оствари средба со својот хрватски колега, Анте Котромановиќ. Во оваа прилика, министерот Јолевски истакна дека ние остануваме на патот кон постигнување на определбата за евроатлантска интеграција. Военотехничката соработка, соработката во областа на военото образование, како и заедничкото учество во мисии во рамките на САД – Јадранската повелба се дел од областите кои покажуваат одлични одбранбени односи меѓу двете пријателски земји, Македонија и Хрватска, заклучија министрите Јолевски и Котромановиќ на средбата во Загреб. Хрватскиот министер Котромановиќ посочи дека Хрватска и во иднина силно ќе ја поддржува нашата држава на патот кон Алијансата.

СВЕЧЕНО ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА АРМ

На 18 Август 2015 година пред платото на зградите на Министерството за одбрана и Генералштабот на АРМ се одржа централната прослава за одбележување на 23-годишнината од формирањето на АРМ. Во присуство на највисоките државни авторитети, врховниот командант на АРМ и претседател на Р. Македонија, Ѓорге Иванов, претседателот на Собранието на Р. Македонија, Трајко Вељановски, министри во Владата на Р. М, началникот на генералштабот на АРМ, генерал- потполковник Горанчо Котески, комплетниот воен врв и многу гости од цивилниот владин и невладин сектор, во пријатен летен амбиент се одржа главната церемонија од прославата на Денот на Армијата.



Со указ на врховниот командант на АРМ, претседателот Ѓорѓе Иванов за нов началник на Генералштабот на АРМ беше поставен унапреденият генерал потполковник Методија Величковски. На истата свеченост беа прочитани и многу укази за нови поставувања, разрешувања и пензионирања врзани со највисоките и одговорни позиции и чинови во АРМ.

ИСКЛУЧИТЕЛНА ОДБРАНБЕНА СОРАБОТКА

Министерот за одбрана во текот на месец септември ја посети Република Полска. Во рамките на посетата, министрите Јолевски и Шимоњак потпишаа и Меморандум за соработка. Македонија и Полска соработуваат во голем број активности. Особено актуелна е соработката во областа на военото образование и учеството на питомци од Полска на интернационалниот Летен кампус во Република Македонија. Истовремено, и контактите и соработката помеѓу Воената академија и Националниот одбранбен универзитет во Полска се зачестени и исклучително значајни за двете држави, а во план се и заеднички вежбовни активности.



АРМ СЕ СТРЕМИ ДА ИМА ВИСОКОПРОФЕСИОНАЛЕН КАДАР

Со приемот на 125 професионални војници во редовите на Армијата се заокружува првиот дел од процесот за прием на вкупно 250 професионални војници во АРМ. Министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски на новопримените професионални војници во редовите на Армијата на Република Македонија им порача: „Поминавте ригорозен процес на селекција и докажавте дека сте најдобри од најдобрите. Вие имате силна волја, мотивација и желба да ја носите униформата на Армијата на Република Македонија. Таа униформа претставува гордост и престиж за секоја граѓанин на Република Македонија“. Министерот Јолевски посочи дека главна цел е Армијата да остане да биде високопрофесионална, обучена и интероперативна, подготвена да го заштити територијалниот интегритет, независноста и суверенитетот на татковината.

МОСТ ВО ПОРОЈ

Припадниците на Инжинерискиот баталјон беа ангажирани за целосна реконструкција и изградба на двата моста кои ги поврзуваат жителите на Порој, а кои претрпеа големи оштетувања после поплавите во Тетовско. Началникот на ГШ на АРМ генерал-потполковник Методија Величковски и командантот на Здружената оперативна команда на АРМ, бригаден генерал Васко Ѓурчиновски, ги посетија припадниците на Инженерискиот баталјон на АРМ, ангажирани на реконструкција и изградба на мостовите во село Порој, Тетовско. Премиерот Никола Груевски лично изврши увид на



активностите за изградба на двата дрвени моста во тетовското село Порој. Воедно, тој изрази благодарност до припадниците на Армијата кои се ангажираа во изградбата на мостовите.

КОНФЕРЕНЦИЈА НА НАЧАЛНИЦИТЕ НА ГЕНЕРАЛШТАБОВИТЕ (НГШ) НА АРМИИТЕ ОД ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ НА САД– ЈАДРАНСКАТА ПОВЕЛБА (А-5)

На 17 септември во хотелот „Гранит“ во Охрид се одржа деветнаесеттата Конференција на началниците на генералштабови (НГШ) на армиите од земјите-членки на САД – Јадранската повелба (А-5). Оваа година Конференцијата беше посветена на „Здружените напори во постигнување на НАТО-партнерските цели и способности на силите“. Конференцијата ја отвори претседателот на Република Македонија и врховен командант на Вооружените сили, д-р Ѓорге Иванов, а покрај началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски како домаќин, учествуваа: командантот на Сојузничката команда на НАТО во Неапол и претставник на САД, НГШ на вооружените сили (ВС) на Албанија, Босна и Херцеговина, заменикот на НГШ на ВС на Хрватска и НГШ на ВС на Црна Гора, како набљудувач присуствуваше НГШ на ВС на Словенија, а во улога на гостин, командантот на Косовските безбедносни сили.





ТРАЈНО ПРИЈАТЕЛСТВО

Од 21 септември во тридневна официјална посета на АРМ престојуваше висока воена делегација на Националната гарда (НГ) на сојузната држава на САД, Вермонт, предводена од командантот на НГ на Вермонт, генерал-мајор Стивен Креј, а негов домаќин беше началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски. При посетата на Генералштабот на АРМ и Министерството за одбрана, генералот Креј оствари средба и со министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски. Двајцата соговорници ја истакнаа соработката меѓу НГ на Вермонт и АРМ, како плод на одличната соработката во одбраната меѓу Македонија и САД. Исто така, беше констатирано дека оваа соработка треба да продолжи да се развива во континуитет. Од страна на министерот Јолевски беше кажано дека од оваа година на Воената академија во трета и во четврта година ќе започне да се предава на англиски јазик. На овој начин ќе им се овозможи на студентите од другите земји да студираат токму тука и истакна дека би сакал припадници од НГ на Вермонт да дојдат и да изучат неколку семестри.

СИЛНА ПОДДРШКА ЗА МАКЕДОНИЈА

Министерот за дбрана Зоран Јолевски учествуваше на Сеопфатниот министерски совет на земјите-членки на САД – Јадранската повелба што се одржа во текот на октомври 2015 во Дубровник, Република Хрватска. Министрите за одбрана на земјите-членки на САД – Јадранската повелба во заедничката изјава која ја потпишаа на 21 октомври во рамките на сеопфатниот министерски состанок изразија силна поддршка за што поскоро членство на Република Македонија во НАТО. Министрите во изјавата истакнаа дека интеграцијата на Македонија, Босна и Херцеговина и Црна Гора во Алијансата е од суштинско значење за стабилноста на целиот регион. Во декларацијата, меѓу другото, беа истакнати и постигнувањата на Македонија и на Хрватска во НАТО-проектот за балкански регионален пристап кон противвоздушната одбрана – БРААД. Министерот Јолевски, во рамките на состанокот оствари одвоени средби со Евелин Фаркаш, заменик-помошник на секретарот за одбрана на САД, со министерот за одбрана на Хрватска, Анте Котромановиќ, како и со министерот за Косовските безбедносни сили, Хаки Демоли. На средбите беа потврдени одличните билатерални одбранбени односи со земјите.

АРМ И КФОР ИМААТ ОДЛИЧНА СОРАБОТКА

Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија имаат одлична соработка со КФОР на Косово, заклучија на средбата што се одржа на 26 октомври во Министерството за одбрана, министерот Зоран Јолевски и командантот на КФОР, генерал-мајор Гуџлиермо Мицлиета. Министерот Јолевски на средбата посочи дека Република Македонија во континуитет дава придонес кон напорите на меѓународната заедница за мир и стабилност на регионот, а дел од тие напори е и логистичката поддршка за КФОР. На средбата соговорниците разговараа за геополитичката состојба во поширокиот регион и во Европа, како и за состојбата околу мигрантската криза која го зафати континентот.

Началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски, исто така имаше одвоена средба со командантот на КФОР, генерал-мајор Гуљелмо Луиѓи Миљета. На средбата со НГШ на АРМ се разговараше за можностите за унапредување на соработката со силите на КФОР, за безбедносната состојба во регионот, како и за размена на информации со АРМ. Командантот на КФОР го информираше НГШ на АРМ за безбедносната состојба во зоната на одговорност на КФОР, како и за активностите и идните планови. Генералот Величковски ја истакна поддршката на Република Македонија за мисијата КФОР на НАТО, како и за улогата на Република Македонија во изградбата на безбедноста и стабилноста на регионот.





НА ФОРУМОТ ВО ХАЛИФАКС

Министерот за одбрана на Република Македонија Зоран Јолевски учествуваше на меѓународниот безбедносен форум „Халифакс 2015“, Канада, на кој беа присутни голем број високи државни претставници, дипломати, сенатори, експерти, членови на парламенти, уредници на медиумски куќи, претставници на „тинк тенк“-заедницата, од повеќе од 60 земји. Овој реномиран форум се одржува еднаш годишно и е посветен на глобалните безбедносни прашања. Тема на Форумот беа последните безбедносни случувања во Европа и во Африка, мигрантската криза и војната против ИСИС. Министерот Јолевски се осврна на



актуелните безбедносни предизвици во регионот и пошироко, и во тој контекст ја истакна потребата од скоро евроатлантско интегрирање на регионот. Кризата со мигрантите е заеднички предизвик на Европа и наметнува потреба од поголема соработка и координација во сите аспекти на ова прашање. Неодамнешните настани ја наметнуваат неопходноста од поддршка, обединување и кохерентност, не само во ЕУ, туку и пошироко. Во текот на форумот „Халифакс 2015“, министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски, оствари повеќе значајни средби, меѓу кои и средба со канадскиот министер за одбрана Харџит Синг Сајан и францускиот помошник-секретар за одбранбена стратегија, Гијом Шлумбергер, на кој министерот Јолевски во свое и во името на граѓаните на Република Македонија му изрази искрено сочувство и жалење за трагично загубените животи во терористичкиот напад во Париз.

МИНИСТЕРОТ ЈОЛЕВСКИ ВО ПОСЕТА НА САД

Министерот за одбрана Зоран Јолевски во текот на месец ноември престојуваше во неколкудневна официјална посета на САД. Во Вашингтон, министерот имаше средби во Сенатот и во Пентагон со сенаторот Роџер Викер и со заменик-помошникот на секретарот за одбрана, Лаура Грос. За време на средбите во Конгресот и во Сенатот на САД, министерот Јолевски доби пофални зборови за реформите, како и за стратешкото партнерство меѓу Македонија и САД во областа на одбраната. Тој оствари средби со конгресмените Мајк Роџерс, Роберт Витман, Бил Паскрел, Мајкл Конавеј, Трент Френкс, Џеф Милер и со сенаторот Џек Рид. Во Стејт-департментот министерот Јолевски оствари средба со Тери Вулф, заменик на специјалниот претставник на претседателот Обама за глобалната коалиција против ИСИЛ, а потоа се сретна и со Хојт Ји, заменикот-помошник државен секретар за европски и евроазиски прашања, одговорен за американските односи со земјите од Централна Европа и Јужна Европа. Министерот Јолевски оствари одвоени средби и со сенаторот Том Котон и со конгресмените, Роберт Адерхолт и Данкан Хантер.

РАЗВОЈ НА ВОЕНОТО ОБРАЗОВАНИЕ И МЕЃУСЕБНАТА СОРАБОТКА

Министерот Јолевски за време на официјалната посета на САД оствари посета на Универзитетот „Норвич“ во Вермонт. Тој на официјалните средби со високи претставници од Универзитетот истакна дека образованието и обуката на припадниците на Армијата на Република Македонија се приоритет за Министерството и затоа треба да се развива соработката и можноста за размена на студенти со едни од најреспектираните воени универзитети во светот, меѓу кои и со најстариот приватен воен универзитет „Норвич“. На средбата беа допрецизирани деталите околу размената на студенти со Воената



академија „Генерал Михаило Апостолски“. Се очекува истата да започне во текот на 2016 кога двајца питомци од македонската академија еден семестар ќе поминат во Вермонт, а потоа и студенти од „Норвич“ ќе престојуваат во Република Македонија. На средбите министерот Јолевски посочи дека е започната процедурата за прераснување на Академијата во Национален универзитет за одбрана и безбедност, што ќе влијае на понудата на студиските програми и на квалитетот на наставата.



НОВА РОТАЦИЈА

Со официјална церемонија беше одбележана нова редовна ротација на македонски контингенти во рамките на мисијата „Одлучна поддршка“ во Авганистан и во мисијата АЛТЕА во Босна и Херцеговина. Во мисијата „Одлучна поддршка“, 13 македонски мировници ќе бидат распоредени во Командата за обука, советување и асистенција во главниот град, Кабул. На свеченоста присуствуваше и амбасадорот на Република Турција во Република Македонија, Шолендил, имајќи предвид дека овој дел од македонскиот контингент е распореден заедно со турските сили. Тој посочи дека Република Македонија заслужува да биде дел од НАТО-алијансата. Со церемонијата беше одбележано и упатувањето на двајца штабни офицери во мисијата АЛТЕА, Босна и Херцеговина.

МИНИСТЕРОТ ЈОЛЕВСКИ ВО ОФИЦИЈАЛНА ПОСЕТА НА КИНА

Кон крајот на декември 2015 година министерот за одбрана Зоран Јолевски беше во неколкудневна официјална посета на НР Кина, каде оствари средба со министерот за одбрана на Кина, генералот Чхан Ванкуан. На средбите се дискутираше по повеќе прашања, при што беше заклучено дека односите и соработката меѓу Република Македонија и НР Кина се на мошне високо ниво и ги оценија како одлични. Воедно, двајцата министри истакнаа дека се определени да продолжат интензивно да работат на натамошно зајакнување и унапредување на соработката во областа на одбраната. Во рамките на посетата на НР Кина, министерот Јолевски го посети и Универзитетот за национална одбрана, при што потенцираше дека негов приоритет е унапредувањето на военото образование во Република Македонија. За време на посетата министерот Јолевски имаше средба и со менаџментот на една од најголемите кинески компании „Поли Груп“, која има значајни инвестиции во Европа и во регионот во областа на енергијата, инфраструктурата, градежништвото и рударството. Искажан е иницијален интерес на оваа компанија за инвестирање во Македонија во областа на инфраструктурата и енергијата по пат на јавно-приватно партнерство. Министерот Јолевски, исто така, ја посети и Академијата за специјални операции.





ТРАНСНАЦИОНАЛНИТЕ ЗАКАНИ: ОДГОВОРОТ НА НАТО И НАЦИИТЕ“

ПРЕПОРАКИ ОД „МАРШАЛ ЦЕНТАР ФОРУМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ– ОХРИД 2015“- 2

Во периодот од 26 до 30 август во Охрид се одржа Форум за безбедност во организација на Маршал-центарот од Република Македонија на тема „Транснационалните закани: Одговорот на НАТО и нациите“. Во претходниот број на „Штит“ беа објавени дел од препораките произлезени од овој значаен форум, а во овој број се задржуваме на уште некои аспекти и препораки во однос на темата кои беа изготвени од Алумни-асоцијацијата „Маршал-центар Македонија“, а во голем дел се темелат врз мислењата искажани за време на одржување на „Маршал-центар форумот – Охрид 2015“ и се наменети за НАТО и владите на државите од регионот за справување со транснационалните закани

Регионални капацитети за сајбер-одбрана

Сајбер-безбедност значи безбедност на сајбер-просторот од закани кои можат да имаат различни форми, од злонамерен софтвер преку спамови, фишинг, па сè до софистицирани вируси кои можат да го „исфрлат од функција“ целиот општествен систем. Крадењето тајни информации од националните компании и владините институции, напаѓање на инфраструктурата од витално значење за функционирањето на една нација или напад на приватноста на еден државјанин, сето ова се екстремни примери на широкиот спектар закани во сајбер-просторот каде што, почнувајќи од владите, преку компаниите, па сè до обичните граѓани, никој не е сигурен.

Во јануари 2008 година НАТО ја усвои својата прва политика кон сајбер-одбраната и во согласност со тоа разви соодветен акционен план за дејствување, план во кој се трасира јасната визија за опасноста и потребата од реакција кон таквата опасност од сајбер-заканите. Новиот стратешки концепт и декларацијата донесена на Самитот во Чикаго 2012 г., препознаа дека сајбер-нападите се сè пософистицирани и затоа дизајнирањето на ефективна сајбер-одбрана е една од најприоритетните задачи за НАТО. Изнаоѓањето на ефективен одговор мора да биде преку пристап кој е базиран на интензивна координација, преку што ќе се зајакне отпорноста на системот на одбрана. Сепак, комплексноста на овие закани наметна низа предизвици и од доменот на капацитетите и начините на справување со нив. Тие, во голема мерка можат да предизвикаат контрадикторни ситуации кои му пркосат на меѓународното јавно право и на почитувањето на човековите права.

Државите од Западен Балкан се соочени со предизвикот и пресијата од потребата за инкорпорирањето на современите технологии во секоја сфера на модерното живеење. Во таа насока, денес е речиси повеќе од јасно дека за да се оствари оваа цел, покрај останатото, мора да се следат тековните трендови во сајбер-домејнот. Во државите од Западен Балкан во тек е процес на имплементација на современа технологија преку која на граѓаните ќе им обезбеди поголеми удобности, ќе намали одредени трошоци и ќе забрза низа процеси. Меѓутоа, ова не смее да нè заслепува и да нè дефокусира од потенцијалните ризици заради неколку причини. Прво, паралелно со инкорпорирањето на технолошките достигнувања и современите технологии, општествата од Западен Балкан, како и останатите земји од светот, увезуваат ризици. Второ, платформите преку кои се користи современата технологија, како и голем дел од современата инфраструктура за кои се потребни софтверските пакети, не се креирани според безбедносни критериуми, туку според економските критериуми на помали трошоци и поголема економска и функционална ефикасност. Трето, светскиот тренд, сопствениците на овие инфраструктури и софтверски системи во најчест случај да бидат приватни компании за кои безбедносните прашања немаат директна економска логика туку се

непотребен трошок, е присутен и кај нас. Четврто, практиката на современите закани недвосмислено укажува дека недржавните актери кои имаат негативна агенда секогаш напаѓаат по линија на помал отпор, односно избираат т.н. „меки цели“. За жал, нападите на овие инфраструктури, заради поврзаноста предизвикуваат низа каскадни ефекти, преку што имаат сериозен капацитет асиметрично, со многу мал напор, да предизвикаат сериозен ефект. Оттука, според учесниците на Форумот, потребно е следното:

– Подигање на свеста кај вработените во државните институции и кај граѓаните за опасноста од сајбер-заканите.
– Државите да стават поголем фокус на истражувањата за новите текови и трендови во светот на сајбер-безбедноста.
– Државите од регионот да изготват соодветни национални стратегии за сајбер безбедност. Во овој документ би се лоцирале капацитетите и би се координирале активностите на државите за борбата против сајбер-заканите.
– Иако државите од регионот на Западен Балкан досега не била цел на посериозни сајбер-напади, тие мора да преземат превентивни мерки за справување со ваков тип на закани.

Политиката на САД кон регионот

Надворешната политика на САД кон државите од Западен Балкан во последните петнаесетина години не се променила воопшто. Ваквата политика целосно не ги рефлектира потребите на регионот како целина и регионалните влади поединечно. И, што е уште поважно, од аспект на националниот интерес на САД, оваа политика не е дел од сеопфатната глобална надворешна политичка рамка на САД. Кои беа



столбовите на оваа надворешна политика на САД кон регионот? Прво, да се одржува стабилноста на регионот за да не дојде до нови судири помеѓу државите и различните етнички групи во рамките на државите. Второ, колку што е можно повеќе да се намали влијанието на Русија кон регионот. И трето, да ѝ се дава поддршка на Европската унија во менаџирањето на регионот. Вака поставената рамка на надворешната политика на САД кон регионот имаше свои недостатоци. Имено, регионот како целина и секоја од државите во него поединечно имаат поширок спектар на потреби отколку што е само неговата стабилност. Нов момент е што „закрепнатата“ Русија под водство на Путин прави обиди за поголемо влијание врз регионалните влади. Но, сепак, генерално, ова влијание е минимално и во овој момент не го загрозува глобалниот интерес на САД. Од друга страна, сè повеќе е очигледно дека Европската унија не може сама да ја менаџира улогата што ѝ е доделена. Оттука, потребен е засилен ангажман на САД во регионот.

Во креирањето на американската надворешна политика постојат неколку „систематски грешки“, како што велат аналитичарите, кои се одразуваат и врз политиката кон државите од Западен Балкан. Имено, на надворешната политика на САД ѝ недостига глобална кохерентност и насоченост. Понатаму, политиката на САД е отпорна на промени и иновации. И трето, надворешната политика на САД ја меша итноста со важноста на настаните. Критичарите на ваквата надворешна политика на САД проблемот го гледаат во неколку неконзистентности. Како прво, процесот на креирање на надворешната политика на администрацијата на актуелниот претседател Обама е премногу политизирана. Основна задача на администрација е да се заштити репутацијата на претседателот. А кога е тоа така, тогаш таа е многу внимателна во преземањето одредени чекори што можат да бидат ризични. Вториот проблем, според критичарите, е дека на американската политика ѝ недостига добра подготовка, планирање на акциите, анализа и процена на ефектите од одредени надворешни политички одлуки. Или, кажано со други зборови, таа не функционира кохерентно на глобално стратегиско рамниште. Оваа забелешка на критичарите е помалку чудна ако се знае дека според официјалните листи американските универзитети и центри за истражување се меѓу најдобрите на свет. Третиот проблем, како што велат аналитичарите, е што процесот на донесување одлуки во надворешната политика не е добро приспособен, односно нема повратни механизми за тоа како донесените одлуки влијаат на субјектите кон кои се насочени. Според некои критичари, надворешната политика на САД е премногу обременета со домашната политика и јавното мислење. И последно, ваквата политика на САД не се справува ефективно и ефикасно со новите асиметрични закани кои се поврзуваат со сајбер-просторот, енергетската безбедност, корупцијата, организираниот криминал, а особено со тероризмот.

Политиката на Германија кон регионот

Во овој момент во Германија се води дебата дали државата треба да го преземе водството во Европа или, пак, своето влијание во европските и светските работи да го остварува преку Европската унија. Конзервативниот дел од политичката елита во Германија отсекогаш сакал да ја види државата како „хегемон“ кој ќе има главен збор во Европа. Од друга страна, либерниот дел од јавноста се залага Германија да ја гради својата улога преку ЕУ во која би била „главен олеснувач“ во градењето на зеднички позиции. Точно е дека на ЕУ во овој момент ѝ треба поцврство внатрешно водство поради разиединетоста за поголем број прашања, почнувајќи од „финансиска криза“, на пример, па сè до најновата „бегалска криза“. Дали Германија сака да стане толку моќна за да биде „европските САД“, и да има одлучувачко влијание врз сите други земји-членки на ЕУ, сè уште е отворено прашање.

По завршувањето на Втората светска војна, првпат Германија направи силен исчекор за да ја покаже својата моќ по обединувањето за време на југословенската криза. Тогаш таа ја призна Хрватска, спротивно на препораките на Бадинтеровата комисија, и ги доведе другите членки на ЕУ во незавидна позиција да ги следат нејзините одлуки. Оваа одлука Германија ја донесе не толку поради Хрватска колку што тоа беше поради нејзината желба да покаже дека се разбудил „заспаниот џин“ кој сака да има поголемо влијание во европските работи. Ваквата одлука ја доведе Германија во конфликт со Франција и со Обединетото Кралство. Тоа на некои начин се рефлектираше и на војната во Босна и Херцеговина, кога Германија водеше сопствена полтика, различна од политика на САД.

Влијанието на Германија во регионот е големо. Некаде тоа е поради историските врски. Па, така, на пример, Симеон Саксобурготски, поранешниот премиер на Бугарија, имаше германски корени. Актуелниот претседател на Романија, Клаус Вернер Јоханис, исто така, има германско потекло. Но не е само тоа. Германија покажува силен интерес и за актуелните случувања во регионот. Под притисок на Германија почна нормализацијата на односите помеѓу Србија и Косово. Последните парламентарни избори во Албанија, кои беа клучни за европската перспектива на државата, беа спроведени под силен германски мониторинг. Германија е силен лобист за интеграцијата на Црна Гора во НАТО. Германската амбасадорка во Македонија испрати силна порака во која бараше оставки во Владата како предуслов за разрешување на политичката криза во земјава.

Регионот на Западен Балкан се наоѓа на раскрсница помеѓу членството во евроатлантските структури и внатрешна стагнација. Минатата година на иницијатива на Германија, во Берлин се одржа конференција со која канцеларката Меркел сакаше да му каже на регионот дека не е заборавен и да им даде поттик на регионалните влади за спроведување на болните реформи.

Политиката на САД и на Германија кон регионот

Во светот во кој САД веќе ја немаат позицијата на глобален хегемон, туку само на најголема светска сила, Германија сака ја искористи актуелната состојба за да се позиционира како главна сила на идната Европа, каква и да биде таа. Но, тоа е меч со две острици. Пред големите сили секогаш се поставува дилемата колку моќ навистина треба да се употреби за да добие посакуваната позиција и каков ќе биде ефектот од употребата на моќта. Ако државата ја користи својата моќ неограничено во обидот да ги постигне посакуваните цели се соочува со незадоволството од другите држави затоа што моќта носи и одговорност со себе. Оттука, помудро е ако државата користи лимитирана моќ, односно само толку колку што е потребно за остварување на своите цели. Цената на неограничената моќ ја платија САД во ерата на Буш и затоа администрацијата на Обама сака да управува со светските работи од позадина.

Американската неограничена моќ создаде силен антиамериканизам. Кога и да дојде до демонстрација против империјализмот на големите страдаат САД. Зошто? За-



тоа што тие се олицетворение, симбол на империјализмот. Оттука, многу подобро е да се биде втор или трет по големина играч. Така, на пример, Кина не сака да биде играч број еден. Прашањето е меѓутоа може ли Германија да биде втора или трета во Европа? Во Европа сите сакаат да бидат втори, а сепак некој мора да биде прв.

Бегалската криза ја става пред сериозна дилема позицијата на Германија во ЕУ која, пак, се поврзува со иднината на Европа. Германија за првпат се наоѓа во позиција да одлучи дали има други алтернативи за својата улога во ЕУ. Дали ќе биде „хегемон" кој подиректно ќе ги менаџира европските горливи проблеми или, пак, ќе се обиде и понатаму да ја задржи позицијата на „олеснувач" во европските дебати. Како што вели Томас Багер, сега е моментот Германија да одлучи.

Германија и САД имаат различни приоритети кога е во прашање иднината на Западен Балкан, а тоа им создава дополнителни проблеми на балканските држави. Тие се свесни дека САД сè уште се број еден во светот, но кога се на дневен ред европските проблеми, тогаш Германија сè повеќе ја зазема лидерската позиција. Или, како што вели Сузана Грубјешиќ, заменик-премиер за европски интеграции на Србија: „Јасно е дека договорите се испорачуваат во Брисел, но одлуките ги носи Берлин". Оттука, според мислењето на експертите од Форумот, потребно е преоценување на политиката што ја водат САД и Германија кон државите од Западен Балкан во следното.

Прво, треба да се согледа реалноста и да се преземат акции за справување со новите предизвици, затоа што ако се игнорираат овие нови предизвици, тоа може да ја доведе во опасност тешко достигнатата стабилност на регионот. Новите предизвици во регионот се однесуваат на неколку работи. Тоа се легитимноста и демократскиот капацитет на институциите во државите од регионот, ефикасноста на воспоставените механизми за поделба на моќта во постконфликтните општества, потребата за странски директни инвестиции во економиите на државите, преструктурирање на економиите на државите, ефективна контрола на границите по масовниот налет на мигранти од Средниот Исток и успешна борба со корупцијата.

Второ, новите принципи на надворешната политика на САД и на Германија кон државите од Западен Балкан треба да бидат комплементарни и да го намалат акцентот на регионалната соработка во прилог на поголемо ангажирање за решавање на отворените билатерални прашања и внатрешните проблеми во државите. Новите политики на САД и на Германија треба да се фокусираат на реалноста дека секоја од државите на Западен Балкан има своја сопствена агенда и различни потреби кои бараат специфични решенија.

Лекциите за НАТО од украинската криза

Украинската криза нуди неколку важни лекции во доменот на енергетската безбедност. Како прво, кога е во прашање енергијата, географијата сè уште игра голема улога. Понатаму, се покажа дека гасоводите значат економска и политичка моќ. Следно, кризата нè потсети дека енергетската безбедност е интегрален дел од националната безбедност на државите. За да ја дестабилизира Украина, Русија примени комбинација на воени, полувоени и мерки поврзани со функционирањето на комуникациските системи. Во својата стратегија Русија успеа да оствари контрола и врз гасните полиња на Украина. Ако НАТО сака да биде сериозен играч во справувањето со овие таканаречени „хибридни закани", ќе мора да ја вклучи енергетската безбедност во својата агенда. Тоа досега не беше случај.

Украинската криза ја демонстрира ефективноста на хибридната војна, вклучувајќи ја и нејзината енергетска димензија. Иако специфичната географска лоцираност на Украина и нејзината енергетска зависност ѝ овозможија на Русија степен на влијание што веројатно нема да го имаат во однос на многу други земји, сепак, постојат голем број причини за загриженост на Западот. Русија поседува серија алатки (економски, воени, комуникациски итн.) што ѝ овозможуваат да ги постигне своите цели. Наспроти тоа, Западот мора да преговара за заеднички позиции не само помеѓу многуте држави-членки, туку и помеѓу различните институции. Оваа асиметрија секогаш ѝ дава почетна предност на Русија. Сепак, падот на цената на нафтата се покажа како најголем предизвик за руската економија. Од друга страна, оваа криза ѝ даде додаден стимул на ЕУ да размислува за диверзификација на своите енергетски извори и дистрибутивна мрежа.

Точно е дека НАТО не е институција што се занимава првенствено со енергетски прашања, како што е точно и тоа дека Украина не е членка на Алијансата. Но, сепак, ако сака да биде влијателен фактор, НАТО мора да има стратегија како да се справи со предизвиците на хибридната војна, вклучувајќи ја и нејзината енергетска димензија. Иако овој тип војна може да биде успешен само против држави што се внатрешно слаби и поделени, ваква војна може да го отежне процесот на стратегиска процена и одлучување во рамките на НАТО, истовремено маргинализирајќи ги елементите на целиот спектар на дефанзивни капацитети на Алијансата. За да не му се случи ова на НАТО, според експертите од Форумот, важно е да се направат одредени приспособувања во следните области.

– Алијансата треба да има усогласена политика во однос на Русија. Различните позиции на сојузниците го отежнуваат процесот на одлучување во НАТО.
– Со вклучување на повеќе од 60 разузнавачки служби на 28-те сојузници, Алијансата претставува специфичен форум за размена на информации поврзани со хибридните закани. Оттука, потребни се промени во доменот на размена на разузнавачки информации и изработка на стратегиски анализи.
– Треба да се воспостави политички дијалог за прашањата од енергетски развој. Во последните години Алијансата демонстрира поголема подготвеност да расправа за прашања поврзани со невоени-



те аспекти на безбедноста, согласувајќи се дека тие можат да имаат големи безбедносни импликации. За да се одговори соодветно на оваа безбедносна закана, Алијансата мора да дискутира за прашањата за енергетската безбедност, со цел зајакнување на нејзината превентивна улога.
– Потребно е да се подобри обуката и вежбите од доменот на енергетската безбедност. Зголемената важност на енергетските импликации во меѓународната политичка дебата ја прави енергетската безбедност незаобиколна карактеристика на програмите за образование и обуки во рамките на Алијансата.

– Потребна е подобра соработка со приватниот сектор и енергетските институции, како во доменот на сајбер-безбедноста така и во приватниот сектор, бидејќи ги поседува најголемите енергетски капацитети што можат да бидат цели на хибридната војна. За да биде во тек со брзите промени во безбедносната средина, НАТО треба да ја прошири соработката со овие играчи како преку постојан дијалог така и преку заедничко учество во одредени вежби.
– Потребна е потесна соработка помеѓу НАТО и ЕУ во доменот на енергетската безбедност. Украинската криза ја демонстрира растечката заинтересираност на ЕУ на полето на енергетската безбедност. Улогата на Унијата во постигнувањето договор со Русија во врска со цената на рускиот гас за Украина, како и покажувањето солидарност со Украина во обезбедувањето руски гас за земјата, се примери за заинтересираноста и капацитетите што ги има ЕУ на ова поле.

Новите безбедносни закани и одговорот на НАТО

Стратегискиот концепт на НАТО, усвоен на Самитот на НАТО во Лисабон во 2010 година, ја нагласува потребата НАТО да се приспособи кон промените во безбедносната околина за соодветно да одговори на новите безбедносни закани. Овие нови безбедносни закани се поврзуваат со: тероризмот, сајбер-нападите, проблемите со енергетската безбедност и пролиферацијата на оружјето за масовно уништување. Во таа смисла, НАТО воспостави посебен оддел којшто има задача да ја следи состојбата на ова поле. Во овој оддел има одделни секции коишто работат на прашањата за борбата со тероризмот, сајбер-одбраната, енергетската безбедност и на посебен центар за оружјето за масовно уништување. Понатаму, во овој оддел има две посебни единици, една за цивилно-воено разузнавање, позната како единица за стратегиски анализи на капацитетите и друга за економско-безбедносни процени. НАТО има и посебен Директорат за нуклеарна политика. Справувањето со новите безбедносни закани бара холистички приод. Засега европските сојузници се скептични во давањето поголема улога на НАТО на ова поле. Од друга страна, САД се залагаат за поголема улога на НАТО во справување со новите безбедносни закани. НАТО мора да ја одреди улогата која сака да ја игра во справувањето со новите безбедносни закани. Во таа смисла, лидерите на Алијансата мора да изготват конкретни политички насоки и да кажат што е тоа што сакаат заеднички да го одработат со партнерите и, секако, да дадат конкретни предлози за соработка. Овие политички насоки треба да дадат конкретен одговор на прашањето која треба да биде улогата на НАТО во справувањето со новите безбедносни закани. На Самитот на НАТО во Варшава во 2016 година се очекува НАТО да дискутира како поефикасно да се справи со новите безбедносни закани, особено за тероризмот и борбата со Исламската држава. Исто така, на Самитот се очекува да се најде и прашањето за справување



со хибридните закани и односите со Русија. Според учесниците на Форумот, НАТО треба да го стори следното:
– да инвестира во капацитети за справување со новите безбедносни закани за да може да одговори на задачите од стратегискиот концепт. Во таа смисла треба да се води сметка да нема дуплирање на капацитетите помеѓу сојузниците и да правилна распределба на ангажираните ресурси;
– да се залага за обновување на разговорите со Русија за контрола на оружјето за масовно уништување;
– да работи поблиску со партнерите од Северна Африка и од Средниот Исток во јакнење на нивните капацитети за справување со новите безбедносни закани, особено со тероризмот. Од друга страна, пак, партнерите треба јасно да ги дефинираат своите потреби на ова поле и да бараат помош и поддршка од НАТО за таму за каде што им е потребна;
– да го искористи моментот додека кај земјите од Западен Балкан сè уште се чувствува силна желба за интеграција во евроатлантското семејство, затоа што ова може да биде пропуштена шанса за стабилизација и интеграција на овие земји. Алијансата треба особено да внимава на регионот, затоа што ако не го интегрира, тој може да се дестабилизира и да преставува закана за земјите-членки.

Одговорот на нациите на новите безбедносни закани

Државите од регионот на Западен Балкана се соочуваат со предизвикот како да одговорат на новите безбедносни закани. Некои од државите во регионот се членки на НАТО (Албанија и Хрватска), една е членка на ЕУ (Хрватска), некои се аспиранти за членство во НАТО и во ЕУ (Македонија, Црна Гора, Босна и Херцеговина), некои се „воено неутрални“ а имаат аспирации само за членство во ЕУ (Србија), додека некои, иако имаат аспирации за членство во НАТО и во ЕУ, се многу далеку од исполнувањето на условите за членство (Косово). Ваквата хетерогеност на регионот се одразува и во нивната подготвеност во справувањето со новите безбедносни закани. Дел од државите имаа солидно развиена правна и стратегиска рамка за справување со овие закани по безбедноста, додека останатите се во процес на изготвување на стратегиски документи и институционални капацитети за таа намена. Актуелната бегалска/мигрантска криза со која најмногу се погодени дел од државите (Македонија и Србија), само го усложнува амбиентот. Експертите од Форумот сметаат дека:
– Државите од регионот треба да развијат соодветна првна и институционална основа за соодветно да одговорат на предизвиците кои доаѓаат од новите безбедносни закани.
– Косово, кое е изолирано од членството во меѓународните организациии, не придонесува за регионалната стабилност.
– Регионалните иницијативи за соработка коишто се бројни (дел од нив се насочени кон справување со новите безбедносни закани) и се преклопуваат, треба да се преоценат и да стават во функција на потребите на државите.
– Заканите по безбедноста на земјите од регионот не можат секогаш да се акомодираат во регионален формат. Иако многу често тие имаат заеднички предзнак, секоја земја има своја специфичност и свои потреби, што треба да се има предвид кога се прават регионални стратегии.
– Потребен е подобар систем за размена на информации на регионално рамниште, особено во делот на размена на разузнавачки информации и помеѓу органите одговорни за спроведување на законот.
– Во делот на справување со мигрантската/бегалската криза може да се заклучи дека ниту една земја од Западен Балкан не може да се справи со овој проблем самостојно, туку е потребна координирана и заедничка стратегија, како помеѓу земјите од регионот така и со меѓународната заедница.

д-р Стојан Славески



ОДБРАНБЕНА ОГРАДА



БОДЛИКАВАТА ЖИЦА ПОВТОРНО Е СЕКОЈДНЕВНА ВЕСТ

После уривањето на Берлинскиот ѕид во 1989 година, во времето на многуте симболични пресекувања на бодликава жица од кои највпечатлив беше оној на тогашниот унгарски министер за надворешни работи кој во присуство на австрискиот колега ја пресече бодликавата жица која го означуваше местото на „железната завеса“ помеѓу Западна и Источна Европа, малку кој можеше да замисли дека токму бодликавата жица многу години подоцна повторно ќе стане секојдневна вест, и тоа во своето најизворно значење – агресивно просторно раздвојување и контрола на преминување на одредено подрачје.

Бодликавата жица засекогаш го изменила изгледот на американскиот запад, но и начинот на војување, особено после нејзината масовна употреба во Првата светска војна. И денес бодликавата жица во различни варијанти е дел од опремата на сите армии во светот. Но, истовремено, бодликавата жица е и симбол на борбата против угнетувањето.

Бодликавата жица е направена во северна Америка во далечната 1867 година, првенствено заради заградување на имотите, а нејзините пронаоѓачи сигурно не можеле ни да сонуваат дека таа и покрај силниот индустриски и технолошки напредок во последните два века до денес ќе остане речиси иста, со иста намена и симболика.

Бодликавата жица има интересна историја. Со стотици патенти за разни видови на жица и машини за нивна изработка, бодликавата жица, неспорно е пронајдок кој влијаеше врз разграничувањето на имотите, сточарството, затворите и концентрационите логори и одбранбените воени операции. Бодликавата жица помина пат од евтините огради на американскиот Запад па сè до тоа да се развие и да се употребува во воени операции. Постојат повеќе од 570 патентирани видови со преку 2000 варијанти на бодликава жица во САД, а тие започнуваат со патентот на Вилијам Д. Хант. Неговиот патент бил да се стават мамузи на жица. Втората идеја и патент за бодликава жица била развиена од страна на Алфонсо Даб. Тој патентирал тип на ограда со истакнувања на нејзиниот врв, додека пак Хенри Роуз понудил еден вид „дрвен столб со метални шилци». Уште еден човек, Чарлс Кенеди, понудил еден вид на преносliв шилец кој се завиткувал со жицата. Сепак, најзначаен изум бил патентот на Мајкл Кели. Патентот на Кели бил да се стават рамни двострани шилци во жицата и понудил материјал за изработка на подобра и евтина ограда за потребите на ранчерите на американскиот Запад. Следните познати патенти по Кели биле на двајца пронаоѓачи кои сфатиле како да се задржи двостраниот шилец во место во жицата: Јакоб Хаиш и Џозеф Глиден. Хаиш патентирал бодликава жица од посебен вид на жица која има шилец во облик на „S“ за да се одржи меѓу спирално вплетените парови жица. Глиден, од друга страна, пак, шилецот го завиткал околу жицата и користел спирално вплетени жици за да се задржи во жицата на едно место. Околу 50% од патентираните типови на бодликава жица се произведувле рачно, поради потешкотиите во автоматизирањето на производството или поради други трошоци. Помалку од 10% од патентираните типови на бодликава жица се докажале во практична употреба. До денес, бодликавата жица на Џозеф Глиден е најпрактичната, најупотребуваната и најпрепознатливата форма на бодликава жица во употреба. Дел од успехот на патентот на Глиден може да се припише и на фактот што тој конструирал и машина за нејзино масовно производство. Поради ова, Џозеф Глиден бил екстремно богат и своевремено тој бил еден од најбогатите Американци и бил наречен „крал на бодликавата жица“, а градот Глиден во државата Ајова во САД, го добил името според него.



Бодликавата жица засекогаш го изменила изгледот на американскиот запад, поради тоа што стоката, која дотогаш лесно ги уривала дрвените огради, по прв пат била спречена да влегува во нивите. Ранчерите на почетокот биле против бодликавата жица, но многу брзо ги сфатиле предностите на бодликавата жица. До 1900 година, најголем дел од приватните ранчови биле заградени со бодликава жица. Оградите со бодликава жица брзо биле прифатени и за заштита од луѓе, бидејќи преку обичната ограда можело лесно да се искачат и да

поминат преку неа или пак со раце да ги раздвојат жиците кои ја формираат оградата и да поминуваат низ неа. Набргу бодликавата жица послужила и за заградување на подрачјата на американските Индијанци, кои бодликавата жица на својот јазик ја нарекувале „јаже на ѓаволот“.

Бодликавата жица е еден од главните елементи за изработка на фортификациски пречки. Првата употреба на бодликава жица во војна била во 1898 година, за време на Шпанско-американската војна. Ова е само триесет и една година од првиот патент во 1867 година или 24 години од славниот изум на Глиден. Бодликавата жица, исто така, се користела во Руско-



јапонската војна, а за време на оваа војна, таа е употребена на неколку начини кои ќе се развиваат и ќе се применуваат подоцна, и во текот на Првата светска војна. Една особено релевантна битка е битката кај реката Шахо во октомври 1904 година. Во оваа битка е започнат нов тип на борба: рововска војна. Рововите биле изработени за време на битката и бодликава жица е користена за нивно зајакнување. Оваа битка ќе постави нов стандард за војна со ровови и пречки од бодликава жица помеѓу две завојувани страни. Во прилог на рововите и пречките од бодликава жица, во битката на Шахо за време на Руско-јапонската војна имаше и еден друг пронајдок кој, исто така, е поврзан со бодликавата жица: торпедото „Бангалор“. Развиено во 1912 година, „Бангалор“ торпедото, всушност претставува едноставна издолжена бомба. Војниците ги прават овие бомби во реонот на употреба со редење на експлозивни полнења од 400g ТНТ, прицврстени на дрвена штица или со ставање во метална цевка. Во најголем дел, „Бангалор“ торпедата се користеле за уривање и отстранување на жичени стапици, особено на оние кои останале зад Руско-јапонската војна, а особено на пречките од заплеткана бодликава жица. Овој уред е интересен бидејќи другите методи за пробивање на одбраната зајакната со бодликава жица или се состоеле во тоа да се движите низ/преку неа (се ризикуваат повреди и фаќање во стапица), или да се обидете да ја пресечете бодликавата жица (потребно е време и се ризикува да се биде фатен во вкрстен оган). Со „Бангалор“ торпедото војниците можеле да постават експлозивни полнења, да се повлечат на безбедно растојание и да ги активираат, притоа расчистувајќи ја областа од бодликавата жица.

По Руско-јапонската војна, бодликавата жица масовно се користи за време на Првата светска војна. Така, на пример, бодликавата жица била им била делена на американските војници како дополнување на нивните следувања со опрема и муниција, па така на мали единици им се доделувале по 100 ролни од бодликава жица за користење. Во рововската војна, целта не е да се запре непријателското напредување, туку тоа да се забави и да се направи полесено за погодување. Целта на употребата на бодликавата жица не била одвраќање на непријателот, туку таа да овозможи нивно фаќање во стапица. Во принцип, бодликавата жица се поставувала на 50 до 100 метри од рововите за да не биде уништена од артилерискиот оган. Жичените пречки се поставувале како ограда од три реда со наизменично поставено столбови поставени во земја. Имало три главни форми на поставување на бодликавата жица. Првата форма била високо поставена жица на столбови со височина од еден метар. Втората форма била ниско поставена жица во висина на половина од високо поставената жица, која била скриена во вегетацијата, и третата форма била во форма на сплетови од бодликава жица во форма на јамки која се прицврстувала на колци или слободно се распостилала на земјата. Намената на овие пречки била да се сокрие жицата, така што таа би била стапица за непријателски трупи, а ниско поставените и добро маскираните биле целосно невидливи и биле тешко да се лоцираат. Сите жичени пречки биле поставени на такво растојание од бранителот за да можат да бидат бранети со оган и надвор од дострел на артилеријата, односно на околу 100 метри од рововите на бранителот. Жичените пречки од бодликава жица биле најбрз и најлесен начин за запречување на одреден простор. Брзината со која се правеле жичените пречки овозможувале тие да се поставуваат и за време на битката. Пречките изработени од бодликава жица претставувале ефективни пречки и биле користени за брзо формирање на одбранбени точки, и тоа не само за да се спречи напредокот од страна на непријателот туку, исто така, да го насочи во области покриени со митралески оган. Металниот колец во вид на свредло за изработка на жичени пречки е изум како последица на војната, бидејќи тој овозможил изградба на жичени пречки во текот на ноќта во тишина, без употреба на чекани за забивање на колците, односно без привлекување на вниманието на противникот. Денешната, таканаречена „жилет-жица“, исто така е последица на Првата светска војна. Во недостаток на материјал за изработка на бодликава жица, Германците почнале да изработуваат бодликава жица изработена од тенки метални ленти кои биле триаголно засекувани. Позитивна страна била таа што се произведувала многу побрзо. Овој претходник на денешната „жилет-жица“ немала внатрешна жица за зајакнување и стабилизирање, така што била многу лесна за пресекување со обични ножици за лим.

Бодликавата жица по Првата светска војна продолжува да се користи и во Втората светска војна. На јапонското војувалиште бодликавата жица се користела од страна на Јапонците во различни конфигурации поради крајбрежната конфигурација на земјиштето. Ниските жичени пречки биле поставувани на плажите, а како дополнување на оградите биле изработу-



вани и подвижни пречки во форма на подвижни огради, крстила и ежеви, кои не биле многу ефикасни но, сепак, биле корисни во недостаток на време. Германија многу успешно ги користела жичените пречки во Првата светска војна и продолжила со нивното користење и во Втората светска војна. Таа прва користи аларм-бодликава жица и електрифицирани жичени огради. Аларм-бодликавата жица била комбинирана со гранати, експлозивни полнења или звончиња кои се активирале при сечење или поместување на жиците. Електрифицираната бодликава жица се користела, но поретко. Во прилог на користењето на пречките од бодликава жица од страна на Германците, карактеристично е нивното комбинирање при изградбата на комплексни фортификациски пречки од бодликава жица. Така, тие комбинирале различни видови на жичени пречки кои биле така поставувани за да се надополнуваат едни со други.



минот „жилет-жица“, преку неговото долго користење, денес веќе генерално се користи за опишување на производите од бодликава жица. Бидејќи бодликавата „жилет-жица“ е многу поостра отколку стандардната бодликава жица, таа е именувана според нејзиниот изглед но, всушност, и не е остра како жилет. Сепак, рабовите се многу остри и прават оштетувања на облеката и на телото. Многуте острици поставени на жицата се така дизајнирани за да им нанесат сериозни оштетувања на тие кои се обидуваат да се искачат преку неа и затоа имаат силен психолошки ефект на одвраќање. Бодликавата „жилет-жица“ се користи за оградување на објекти со висока безбедност, бидејќи нејзиното совладување без алат е многу бавно и тешко, а тоа им дава можност на безбедносните сили повеќе време за да одговорат. Бодликавата „жилет-жица“ содржи јадро од зајакнат челик кој често е под притисок, па ако се пресече може неконтролирано да се однесува како камшик и да предизвика сериозни последици. Почнувајќи од 1960 година, бодликавата „жилет-жица“ обично се поставувала во затворите, каде што зголеменото време за нејзино совладување од страна на слабо опремените потенцијални бегалци претставувало одредена предност. До развојот на зајакнатата бодликава „жилет-жица“ на почетокот на 1980-тите години (а особено по 11-септемвриските напади во 2001 година), таа ретко се користела за воени цели или за заштита на објекти со високо ниво на безбедност. Оттогаш, воените сили ја заменуваат обичната бодликава жица со бодликава „жилет-жица“ и ја користат за многу намени, главно поради тоа што е полесна за ракување и чување, а воедно е и поефикасна. Во поново време бодликавата „жилет-жица“ повеќе се користи за комерцијални и безбедносни намени. Ова често првенствено претставува визуелно заплашување, бидејќи добро подготвен провалник може лесно да ги совлада пречките од бодликавата „жилет-жица“. Поради нејзината опасна природа, бодликавата „жилет-жица“, обичната бодликава жица и други слични материјали се забранети во некои места. Норвешка забранува каква било бодликава жица, освен во комбинација со други огради, со цел заштита на домашните животни од нивна изложеност. Некои локални заедници ја доуредуваат нејзината употреба или целосно ја забрануваат.


Употребата на бодликавата жица како средство за агресивно просторно раздвојување и контрола и понатаму трае. Кога американскиот фармер Џозеф Глиден ја изумил за да ги загради своите имоти, бодликавата жица веднаш станала и политичко оружје од најголема важност. Бодликавата жица стана симбол на угнетување, тиранија и насилство, иако станува збор за примарен, технички предмет на најнискиот степен на механички изум. Кога би ги издвоиле случаите кои се поврзани со бодликавата жица, а кои имаат најважни и најјасни политички импликации, тоа би биле овие три историски манифестации – американската прерија, рововите од Првата светска војна и нацистичките концентрациони логори. Во овие случаи употребата на бодликавата жица надалеку ја надминува нејзината првобитна (земјоделска намена). Таа има директно политичко влијание бидејќи активно учествува во три катастрофи: во физичката ликвидација, а потоа и етноцидот на американските Индијанци, во крвопролевањето на модерната војна, во средиштето на тоталитарна катастрофа и во концентрационите логори. Бодликавата жица функционира и како индикатор на политичките разлики и затоа може да се види на врвот на ѕидовите на богатите вили, а полицијата на многу држави со нејзиното поставување по улиците сè уште ги запира демонстрантите. Употребата на бодликавата жица на затворските ѕидини, околу концентрационите логори, на Берлинскиот ѕид, на границите помеѓу Западниот и Источниот блок и слично, довело до тоа таа да претставува симбол за угнетување и оневозможување на слободата во целост, како на пример во логото на „Amnesty International“.

Александар Стојчевски



И по Втората светска војна бодликавата жица ќе продолжи да се користи за војување. За време на Виетнамската војна, борбата станува повеќе индиректна, па начинот на користењето на бодликава жица, исто така, се променил. Жичените пречки од бодликава жица првенствено биле наменети да го попречат движењето на непријателот и за одбрана на позициите. За време на Виетнамската војна, пречките од бодликава жица биле поставувани малку поинаку отколку за време на Првата и на Втората светска војна. Слично на Првата и на Втората светска војна, пречките од бодликава жица требало да бидат покриени од огнено оружје, делумно сокриени од непријателот и надополнети со други пречки со цел поквалитетна одбрана. Меѓутоа, клучните разлики се дека во војната во Виетнам, пречките од бодликава жица се поставувале во неправилни, негеометриски шеми. Додека Втората светска војна овозможувала поставување на пречки од бодликава жица во повеќе геометриски шеми, Виетнамската војна барала пречките од бодликава жица да бидат повеќе импровизирани и надвор од правилата на поставување. Во Виетнам, пречките од бодликава жица се поставувале тактички, за заштита или како дополнување на другите пречки. Тактички, пречките од бодликава жица биле поставувани на начин да се одржи непријателот во најинтензивните области на оган. За време на Виетнамската војна, преносните пречки од бодликава жица повеќе биле користени за заградување. Преносните пречки од бодликава жица биле користени за да се покријат и да се затворат одредени премини во заднината и за затворање на патеки и премини кога тие не се во употреба. Тие најчесто се користеле на контролните пунктови, како противпешадиски пречки, при блокади на патиштата, како и за зајакнување на природните пречки во одредени области.

Бодликавата жица продолжи да се користи и во воените конфликти во Ирак и во Авганистан, но во нова форма. Таа со развојот на технологијата се трансформира во така наречена бодликава „жилет-жица“ која, пред сè, се користи за заштита на позициите и за насочување и контрола на движењето. Бодликавата „жилет-жица“ претставува комбинација на метална жица зајакната со метални елементи со остри рабови, чија цел е да се спречи преминувањето од страна на луѓето. Тер-



„Штит" ви претставува ЛОВЕЦ-






„TORNADO IDS" Е ДВОМОТОРЕН МЛАЗЕН АВИОН СО КЛАСИЧНА КОНСТРУКЦИЈА, КОЈ ПОСЕДУВА ВИСОКО ПОСТАВЕНИ КРИЛА СО ПРОМЕНЛИВА ГЕОМЕТРИЈА. КОКПИТОТ НА ЛЕТАЛОТО Е ДВОСЕД СО ТАНДЕМ-РАСПОРЕД. КРИЛАТА СО ПРОМЕНЛИВА ГЕОМЕТРИЈА СЕ ДВИЖАТ ОД 25°ДО 67° И ПОСЕДУВААТ СЛОЖЕН МЕХАНИЗАМ НА ДВИЖЕЊЕ, КОЈ ОВОЗМОЖУВА НОСАЧИТЕ НА ОРУЖЈЕ СЕКОГАШ ДА БИДАТ НАСОЧЕНИ ВО ПРАВЕЦ НА ДВИЖЕЊЕ НА ЛЕТАЛОТО, НЕЗАВЕСНО ОД АГОЛОТ НА ПОСТАВЕНОСТА НА КРИЛАТА. ЛЕТАЛОТО Е ОПРЕМЕНО СО МОЌНИОТ ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ РАДАР „DECCA DOPPLER TYPE 72", КОЈ ПОСЕДУВА РАДАРСКА АНТЕНА ЗА ПРЕБАРУВАЊЕ И МАПИРАЊЕ НА ТЕРЕНОТ И РАДАРСКА АНТЕНА ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ТЕРЕНОТ. ВО КОКПИТОТ СЕ ВГРАДЕНИ HUD-ПОВЕЌЕНАМЕНСКИ ДИСПЛЕИ, А ЗА УПРАВУВАЊЕ СЕ ВГРАДЕНИ HOTAS-КОМАНДИ, ДОДЕКА ЗА ЛЕТАЊЕ ВО НОЌНИ УСЛОВИ ЕКИПАЖОТ Е ОПРЕМЕНИ СО ВИЗИРИ ЗА НОЌНО ГЛЕДАЊЕ. НА ДОЛНИОТ ДЕЛ ОД ТРУПОТ (ПОД КОКПИТОТ) Е ВГРАДЕН FLIR-СИСТЕМ СО ЛАСЕРСКИ ДАЛЕЧИНОМЕР И ЛАСЕРСКИ ОБЕЛЕЖУВАЧ НА ЦЕЛТА. ЗА ПОЛЕСНО УПРАВУВАЊЕ СО ЛЕТАЛОТО СЕ ВГРАДЕНИ ЕЛЕКТРОНСКИ УПРАВУВАЧКИ КОМАНДИ. ОД ОПРЕМА АВИОНОТ ПОСЕДУВА И ЗАШТИТНИ СИСТЕМИ ЗА ОДБРАНА ОД ПРОТИВАВИОНСКИ РАКЕТИ, РАДИОВИСИНОМЕР, IFF-УРЕД, СИСТЕМИ ЗА НАВИГАЦИЈА INS/GPS, МАГИСТРАЛАТА ЗА ПОДАТОЦИ MIL STD 1553 И СИСТЕМСКАТА АРХИТЕКТУРА НА ОРУЖЈЕТО MIL STD 1760. ОД КОМУНИКАЦИСКА ОПРЕМА ВО ЛЕТАЛОТО Е ВГРАДЕН ТАКТИЧКИОТ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ JTIDS (NATO LINK 16).

ЗА РАЗЛИКА ВО ГЕРМАНСКАТА И ИТАЛИЈАНСКАТА ВЕРЗИЈА, БРИТАНСКАТА ВЕРЗИЈА НА IDS ВО ВЕРТИКАЛНИОТ СТАБИЛИЗАТОР ИМА ВГРАДЕНО РЕЗЕРВОАР ЗА ГОРИВО СО КАПАЦИТЕТ ОД 551 ЛИТАР. ВО ЛЕТАЛОТО КАКО ПОГОН СЕ ВГРАДЕНИ ДВА ТУРБОМЛАЗНИ МОТОРИ RBB199-34R MK103, СЕКОЈ СО МОЌНОСТ ОД 43.8 KN, СО ВКЛУЧЕНО ДОПОЛНИТЕЛНО СОГОРУВАЊЕ, СЕКОЈ СО МОЌНОСТ ОД 76.8 KN. КАРАКТЕРИСТИЧНО ЗА ОВОЈ МЛАЗЕН МОТОР Е УРЕДОТ ЗА „РИВЕРС" НА МЛАЗОТ КОЈ Е ПОСТАВЕН НА КРАЈОТ ОД МОТОРОТ, ЧИЈА НАМЕНА Е ЗАБАВУВАЊЕ НА ЛЕТАЛОТО ВО ЛЕТ И ПРИ ДВИЖЕЊЕ НА ЗЕМЈА.

„TORNADO IDS" ПОСЕДУВА 9 НОСАЧИ НА ОРУЖЈЕ ОД КОИ 4 СЕ ПОСТАВЕНИ НА КРИЛАТА, А 5 НА ДОЛНИОТ ДЕЛ ОД ТРУПОТ. НА ОВИЕ НОСАЧИ АВИОНОТ МОЖЕ ДА ПОНЕСЕ 9 ТОНИ ОРУЖЈЕ. ВО ТРУПОТ СЕ ВГРАДЕНИ 2 АВТОМАТСКИ ТОПОВИ „MAUSER BK-27" СО КАЛИБАР ОД 27 MM, КОИ НА РАСПОЛАГАЊЕ ПОСЕДУВААТ ПО 180 ГРАНАТИ. ТОПОТ ПОСЕДУВА ТЕОРЕТСКА БРЗИНА НА СТРЕЛБА ОД 1.700 ГРАНАТИ ВО МИНУТА. ЗА БОРБА СО ДРУГИ ЛЕТАЛА „TORNADO IDS" МОЖЕ ДА ГИ ПОНЕСЕ СЛЕДНИТЕ РАКЕТИ СО КРАТОК ДОСТРЕЛ: „AIM-9L SIDEWINDER", „AIM-132 ASRAAM" И „IRIS-T". ОД НАВЕДУВАНИ РАКЕТИ ЗА ДЕЈСТВО ПО ЦЕЛИ НА КОПНО ИЛИ ВОДА ЛЕТАЛОТО МОЖЕ ДА ГИ ПОНЕСЕ СЛЕДНИТЕ ОРУЖЈА: „AGM-65 MAVERICK", „WASP", „BRIMSTONE", АНИТИРАДАРСКИТЕ РАКЕТИ „ALARM" И „AGM-88 HARM", А ОД ПРОТИВБРОДСКИ РАКЕТИ „AS.30", „KORMORAN 2" И „SEA EAGLE". ОД НАВЕДУВАНИ БОМБИ АВИОНОТ МОЖЕ ДА ГИ ПОНЕСЕ СЛЕДНИТЕ МОДЕЛИ: МОДУЛАРНАТА НАВЕДУВАНА БОМБА „GBU-15", ЛАСЕРСКИ НАВЕДУВАНИТЕ БОМБИ PAVEWAY II MK13/18, „PAVEWAY III GBU-24", ЛАСЕРСКО-САТЕЛИТСКИ НАВЕДУВАНАТА БОМБА „PAVEWAY IV" И САТЕЛИТСКИ НАВЕДУВАНАТА БОМБА „JDAM". НО, ЛЕТАЛОТО МОЖЕ ДА ЈА КОРИСТИ И НУКЛЕАРНАТА АМЕРИКАНСКА БОМБА „B61", КАСЕТНАТА БОМБА „BL755" И КЛАСИЧНИ НЕНАВЕДУВАНИ БОМБИ СО ТЕЖИНА ОД 450 KG. „TORNADO IDS" КОРИСТИ И КОНТЕЈНЕРСКИ КАСЕТНИ ВООРУЖЕНИ СИСТЕМИ, КАКО НА ПРИМЕР „JP.233", „MW-1" И КРСТОСУВАЧКИТЕ РАКЕТИ СО МОДУЛАРНА БОЕВА ГЛАВА „STORM SHADOW" И „TAURUS KEPD 350". НА НОСАЧИТЕ ЗА ОРУЖЈЕ МОЖЕ ДА СЕ ПОНЕСАТ И НЕНАВЕДУВАНИ РАКЕТИ, ПОДВЕСНИ КОНТЕЈНЕРИ ЗА ИЗВИДУВАЊЕ, ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОНТРАМЕРКИ, НИШАНСКИ КОНТЕЈНЕРИ И ПОДВЕСНИ РЕЗЕРВОАРИ ЗА ГОРИВО. КОРИСНИЦИ НА ЛЕТАЛОТО СЕ ВОЕНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВСТВА НА В. БРИТАНИЈА, ИТАЛИЈА, ГЕРМАНИЈА И САУДИСКА АРАБИЈА.

Ивица Дамески



1. Питот-цевка
2. Простор за авиониката
3. Кокпит
4. Катапулт-седиште на пилотот модел „Martin Baker Mk10A"
5. Катапулт-седиште на копилотот-ракувачот на оружје модел „Martin Baker Mk10A"
6. Конструкција на вшмукувачот за воздух
7. Компјутерски менаџмент-систем
8. Противавионска ракета „AIM-9L Sidewinder"
9. Носач на оружје и подвесни резервоари за гориво
10. Стожер (зглоб), кој овозможува вртење на носачот за оружје
11. Куќиште на пасивниот систем за електронски контрамерки
12. Контејнер за електронски контрамерки „Marconi Sky Shadow"
13. Елерон
14. Подвесен резервоар за гориво

БОМБАРДЕР „TORNADO IDS“



15. Два турбомлазни мотори „RBB199-34R Mk103“
16. Издувен млазник на млазниот мотор
17. Куќиште на тркалото од задниот стоен трап
18. Подрупен носач на оружје
19. Диспанзер на мамки за ракети „BOZ-107“
20. Ласерски наведувана бомба „Paveway II“
21. Магацин за топовските гранати со калибар од 27 mm
22. Автоматски топ „Mauser Bk-27“ со калибар од 27 mm
23. Нога од предниот стоен трап
24. FLIR-систем со ласерски далечиномер и ласерски обележувач на целта
25. Радар „Decca Doppler Type 72“
26. Радарска антена за следење на теренот
27. Радарска антена за пребарување и мапирање на теренот

ТАКТИЧКО- ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „TORNADO IDS“	
ЕКИПАЖ	2 лица
ДОЛЖИНА	16,72 м
МАКСИМАЛЕН ОПСЕГ НА КРИЛАТА	13,91 m под агол од 25°
МИНИМАЛЕН ОПСЕГ НА КРИЛАТА	8,6 м под агол од 67°
ВИСОЧИНА	5,95 м
ТЕЖИНА ПРАЗЕН	14.090 кг
МАКСИМАЛНА ПОЛЕТНА ТЕЖИНА	27.215 кг
НОСИВОСТ	9.000 тони
ПОГОН	2 турбомлазни мотори RB199-34R Mk103, секој со моќност од 43.8 kN, а со дополнително согорување, секој со моќност од 76.8 kN
МАКСИМАЛНА БРЗИНА	2.335 км/h
ПЛАФОН	15.240 m
ТИПИЧЕН БОРБЕН РАДИУС	1.390 km
МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ СО 4 ПОДВЕСНИ РЕЗЕРВОАРИ ЗА ГОРИВО	3.890 km
Г-ОПТОВАРУВАЊЕ НА КОНСТРУКЦИЈАТА	+7,5 ,,Г”



„BELL UH-1 IROQIUS / HUEY“

СЕНАМЕНСКИ ВОЕН ХЕЛИКОПТЕР

„Bell UH-1 Iroquois“ (неофицијално име „Huey“) е воен хеликоптер развиен во 1952 година од страна на компанијата „Bell“, со цел да се исполнат барањата на американската армија за медицинска евакуација и обука и да се задоволи потребата за сенаменски хеликоптер. За прв пат полетал на 20 октомври 1956 година, а производството започнало во март 1960 година. Оригиналната ознака на овој хеликоптер била „HU-1“. Всушност, таа ознака го донела познатиот прекар на хеликоптерот – „Huey“. Инаку, официјалното име „Bell UH-1 Iroquois“ од страна на американската армија речиси никогаш не се користело во практика.

„UH-1 Iroquois“ е хеликоптер со огромен број на произведени единици, односно повеќе од 16.000 произведени модели. Првите мисии на хеликоптерот биле во служба на Армијата на САД за време на Виетнамската војна. Од нив, вкупно 7 000 хеликоптери биле на служба во Виетнам.

„UH-1“ варијантата понатаму била заменета со двомоторен „UH-1N Twin Huey“, а подоцна и со „UH-1Y Venom“. Развојот започнал во 1968 година за потребите на Канада, со употреба на моќните мотори „Pratt & Whitney Canada PT6T“.

Постои и варијанта „Bell 212Twin Huey“ – хеликоптер со двокрак носечки ротор, двомоторен, во класата на средни хеликоптери. Во случај на откажување на еден мотор, другиот испорачува доволна сила за лет од 30 минути. За првпат полетал во 1968 година, со негово производство во Квебек, Канада. Има капацитет од 15 седишта, со еден пилот и 14 патници. Може да крене надворешен товар од преку 2000 килограми.

Развој во вооружените сили

Армијата на САД во тоа време утврдила дека постојната флота на хеликоптери била премногу голема, со помала сила и комплексна за одржување. На објавата за потребата од ваков тип на хеликоптер, дизајни за нивната кандидатура според договорот поднеле дваесет компании, вклучувајќи ја и „Bell Helicopter“ со „моделот 204“. На 23 февруари 1955 година, армијата ја објавила својата одлука, со избирање на моделот од компанијата „Bell“ и изградба на три примероци од „моделот 204“ за понатамошна евалуација.

Во суштина „моделот 204“ имал кратка конфигурација. Армијата сакала верзија која може да носи повеќе војници. Решение на компанијата било да се продолжи трупот за 104 сантиметри. Капацитетот на седење се зголемил на 15 лица, вклучувајќи ги членовите на екипажот. Може да се сместат шест носилки за повредени и лекар, односно две носилки повеќе од претходните модели. Се користел за обука, за лесен транспорт (патници и карго), гасење на пожари и слично. Пристапот до кабината е преку две лизгачки врати кои можат да се отстранат за време на летот. Прототип на моделот „205“ полетал на 16 август 1961 година.

Како и армијата на САД така и Маринскиот корпус во 1962 година одржал натпревар за избор на еден хеликоптер со цел замена на авионот „Cessna O-1“ и хеликоптерот „Kaman OH-43D“. Победник на натпреварот бил хеликоптерот „UH-1B“, кој веќе бил во служба на армијата. Хеликоптерот бил назначен со ознака „UH-1E“ и модифициран за да се исполнат барањата на Маринскиот корпус. Главните промени се однесувале на алуминиумската конструкција за отпорност на корозија, посилни мотори, компатибилни радија за комуникација со сопствените трупи, склопувачки лопатки на главниот ротор за операции од бродови и монтирање на дигалка за спасување.

И најновите модели произлегоа за потребите на Маринскиот корпус во 1996 година. Имено тие започнаа програма за надградба во подобрите модели познати како „UH-1Y Venom“ (исто така познат како „Super Huey“) и моделот „AH-1Z Viper“. Хеликоптерите вклучуваа продолжена кабина, четири лопатки на роторот и два помоќни мотори GE T700. Во употреба влегоа во 2008 година.

Воздухопловните сили на САД овој хеликоптер го намениле за поддршка на копнените сили со употреба на ракетни лансери. Како посебно барање било замена на моторот со „General Electric T58“. Имено, воздухопловните сили имале големи резерви на овие мотори, затоа што ги употребувале за флотата „HH-3 Jolly Green Giant“ хеликоптери. „Bell“ предложил надградена верзија позната како „204B“.

Оперативна употреба

Во оперативна служба хеликоптерот „UH-1A“ влегол во 57. медицински детачмент со мисија во Виетнам во 1962 година. Тој веќе долго време е симбол на инволвираноста на САД во Југоисточна Азија, а посебно во Виетнам. Како резултат на тој конфликт, станал еден од најпрепознатливите хеликоптери во светот. Примарни мисии дадени на извршување со овој хеликоптер биле: општа воздушна поддршка, медицинска евакуација, превоз на стоки, потрага и спасување и електронско војување.
Армиските сили за време на конфликтот го надградувале хеликоптерот, особено во поголема верзија врз основа на „моделот 205“. Оваа верзија првично била назначена како „UH-1D“, која полетала во 1963 година. Одредени модели биле употребувани за копнени напади или како вооружена придружба и опремени со ракетни лансери, гранати и митралези.
Воздухопловните сили во текот на 1965 година формирале хеликоптерски скваадрон во воздухопловната база во Јужен Виетнам. Хеликоптерот во суштина се користел за специјални операции за потребите на сквадронот. Оперирале под името „Green Hornets“, што произлегува од нивната боја, првенствено од зелената двотонска камуфлажа. Биле извршени операции за психолошка војна, односно тајни операции, особено во Лаос и во Камбоџа, соседи на Виетнам.
Кралската австралиска воздушна сила ги употребувала хеликоптерите „UH-1H“, сè до 1989 година. За веме на ангажирањето во Јужен Виетнам биле познати како сквадрон бр. 9 (No. 9 Squadron RAAF). Во оваа улога хеликоптерите биле вооружени. Помеѓу 1982 и 1986 година, Австралискиот хеликоптерски детачмент бил дел од Мултинационалните сили (Multinational Force and Observers Peacekeeping Force) на Синајскиот Полуостров во Египет.
Во Германија биле произведени вкупно 352 лиценцирани германски „UH-1D“ - варијанти од страна на компанијата „Dornier“ во периодот помеѓу 1967 и 1981 година. Оваа германска компанија е специјализирана за производство на воздухоплови и е основана во 1914 година. Хеликоптерите се употребувале за потребите на германската армија и германските воздухопловни сили како сенаменски лесни хеликоптери и за пребарување и спасување (SAR).

Модерни тековии

Компанијата „Bell“ го модернизираше хеликоптерот „Huey I“ во варијанта „UH-1 HP Huey II“. Дизајнирањето и тестирањето на хеликоптерот се одвивале помеѓу 1991 и 1996 година. Крајниот резултат на модернизационата програма бил хеликоптер со зголемени перформанси, зголемена сигурност, а воедно и намалени оперативни трошоци. „Huey II“ продолжува и понатаму да го носи името на легендарниот хеликоптер „UH-1H“, иако има многу малку заеднички работи со својот претходник.
Морнарицата на САД и Маринскиот корпус во 2011 година ги истрелаа првите истрели од хеликоптерот UH-1Y со употреба на напреден прецизен систем за вооружување (Advanced Precision Kill Weapon System II). За време на испитувањето биле истрелани вкупно шест истрели против фиксни цели со различна далечина од 1,5-5 километри. Ова е многу ефикасно оружје коешто ќе ѝ овозможи на посадата да ја заврши својата



мисија, со минимизирање на ризикот од штета на сопствените сили (blue-on-blue fire), сојузниците и цивилните лица.
Американските воздухопловни сили во текот на 2012 година издадоа барање за модернизација на хеликоптерите UH-1. Посебно заентересирани за ваков проект се Air Force Department и Air Force's Global Strike Command. Интересот е насочен кон проширување на можностите на хеликоптерот во однос на времетраење на лет, опсегот на реализација на мисиите, способност за сите временски услови, модернизирана опрема за комуникација и навигација.
Хеликоптерот „UH-1Y“ совршено е приспособен за Азиско-пацифичкиот регион и за извршување на поморски операции според последната изложба на хеликоптерите во март 2015 година во Куала Лумпур, Малезија. Овие хеликоптери се опремени за интегрирани мисии (Intelligence, Surveillance and Reconnaissance - ISR), за избор на цели со прецизни погодоци, за транспорт, за поддршка на сопствени трупи и за мисии за напад.
Денес, многу години по завршувањето на сериското производство, повеќе од 5000 хеликоптери сè уште се наоѓаат во употреба во над 45 земји ширум светот. Хеликоптери од овој вид поседува и воздухопловството на Армијата на Република Македонија.

Драган Павловски



ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ХЕЛИКОПТЕРОТ „BELL UH-1“	
ПОСАДА	1 - 2 пилоти со 14 патници
ДОЛЖИНА	17.40 м
ШИРОЧИНА	2.62 м
ВИСОЧИНА	4.39 м
МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ	4 309 кг
ТЕЖИНА НА ПРАЗЕН ХЕЛИКОПТЕР	2 365 кг
МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ЛЕТ	217 км/час
ПЛАФОН НА ЛЕТ	5 910 м
МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ	507 км



„ROLAND“

РАКЕТЕН СИСТЕМ ЗА ПВО СО КРАТОК ДОСТРЕЛ

Ракетениот систем за противвоздушна одбрана со краток дострел „ROLAND“ е произведен од страна на компанијата „EADS Euromissile“, со седиште во близина на Париз, Р. Франција. Компанијата „EADS Euromissile“ првично беше основана од страна на компаниите „Aerospatiale-Matra“ од Франција и „DaimlerChrysler Aerospace“ од Германија, која сега е подружница на „EADS“. Ракетите за овој ракетен систем ги произведува француската компанија „MBDA“, која е формирана на основа на активностите во делот на ракетни системи на компаниите „Aerospatiale“, „Matra BAE Dynamics“ и „Alenia Marconi Systems“, во заедничка сопственост на „EADS“, „BAE Systems“ and „Finmeccanica“.

Ракетениот систем „ROLAND“ претставува мобилен модуларен систем за противвоздушна одбрана од нападни средства од воздушен простор, првенствено наменет за одбрана на оклопни и механизирани единици. Системот има способност за борба против воздухоплови кои летаат со брзина до 1,5 Mah на височина под 5.500 метри и хеликоптери кои лебдат. Во суштина, овој ракетен систем е интегриран на лансирна рампа на која се наоѓаат: набљудувачки радар, инфрацрвен систем за нишанење и ракети.

Ракетниот систем „ROLAND 1“ влезе во оперативна употреба во армијата на Република Франција во 1977 година, а подоцна оперативни станаа и системите



„ROLAND 2“ во 1981 година и „ROLAND 3“ во 1988 година. Овие системи се наоѓаат во употреба во армиите на Франција, Аргентина, Бразил, Нигерија, Катар, Шпанија и Венецуела. Досега се нарачани/произведени повеќе од 650 ракетни системи и над 25.000 ракети во различни варијанти. Ракетниот систем од овој тип, за француската армија е монтиран на каросерија од возила со ознака „AMX-30“.

Ракетениот систем со краток дострел „ROLAND“ е произведен од страна на „EADS Euromissile“

Ракетниот систем „ROLAND“ е ефикасен во борба против закани од воздушен

простор од исклучително мали до средни височини. Тој е произведен како самостоен ракетен систем на возило или на приколка како влечна варијанта со можност за воздушен транспорт под назив „Roland Carol“. Варијанатата „Roland Carol“ отпочна со производство во 1995 година, а првите 20 системи беа испорачани на армијата на Р. Франција, а потоа 11 системи им беа испорачани на германските воздухопловни сили.

Надградени варијанти

Голем број на ракетни системи „ROLAND“ кои се во употреба во француската армија се надградени. Оваа надградба, односно модернизација, вклучува нов систем за командување и контрола со ознака „BBKS“ и поставување на инфрацрвен нишан „Glaive“ од компанијата „Safran“ (поранешен „SAGEM“) за автоматско мултиканално следење на целите. Првиот прототип на една огнена единица беше завршен во јуни 1999 година, а испитувањата започнаа во септември 1999 година. Вака надграденият ракетен систем носи ознака „Enhanced Roland M3S“. Вториот прототип на основа на варијанта на системот „CAROL“ е завршен во октомври 1999 година.

Планот за надградба на ракетниот систем „ROLAND“ за германската армија со нови дигитални компјутери и монитори, подобрен дигитален систем за контрола на оган и подобрување на комуникацискиот систем во рамките на германскиот контролен систем за противвоздушна одбрана („HFlaAFuSys“) беше откажан.

Надграденият прототип, кој носи ознака „ROLAND NDV“, успешно ги помина завршните испитувања во рамките на единиците-корисници во јуни 2003 година.

Овој ракетен систем е способен за лансирање на ракети од типот „ROLAND 2“ и „ROLAND 3“, како и за лансирање на ракетите со хипер-забрзување од типот „ROLAND VT1“. Ракетите од типот „ROLAND 2“ и „ROLAND 3“ имаат способност за командно наведување во однос на линија на визирање на целта, а боевата глава со вдлабнатина од предната страна е вооружена со контактна и близинска запалка. Ракетата од типот „ROLAND 3“ има поголем дострел (коса далечина до целта), кој изнесува 8 км, додека ракетета од типот „ROLAND 2“ има дострел од 6,3 километри. Исто така, ракетета од типот „ROLAND 3“ има потешка боева глава, чија тежина изнесува 9,2 кг, во однос на боевата глава на ракетата „ROLAND 2“ која тежи 6,5 килограми.

Ракетата со хиперзабрзување од типот „ROLAND VT1“ е произведена од страна на „Euromissile“ според лиценца на „Thales“ (поранешен „Thomson-CSF“) кој, исто така, ја развил ракетата за ракетниот систем „Crotale NG“. Ракетата со ознака „VT1“ достигнува брзина од 1250 м/с и дострел од 11 км. За командното наведување на ракетата во однос на линија на визирање на целта се користи радар и електрооптички сензори. Ракетата е вооружена со боева глава со тежина од 13 кг со фокусирано и фрагментирачко дејство, која се иницира од близинска запалка.

Ракетниот систем „ROLAND“ може да се вооружи со десет ракети, од кои две се наоѓаат на лансирната рампа, а останатите осум во магацинот во самото возило. За дополнување на лансирните рампи со нови две ракети од магацинот, потребни се само шест секунди.

Ракетниот систем „ROLAND M3S“ поседува двоен систем за набљудување,



3Д-радар и инфрацрвени сензори што работат паралелно. Системот за следење на целта вклучува радар, инфрацрвени и CCTV-сензори кои, исто така, работат паралелно со моментално и автоматско менување на работниот канал. Следењето на ракетата се врши од страна на радар и од инфрацрвениот уред за следење со двојна бранова должина, коишто работат паралелно, со способност за автоматски избор на оптималниот канал и моментално и автоматско менување на работниот канал.

Системот поседува набљудувачки 3Д-радар кој работи во „X - band“. Набљудувачкиот фреквентно-агилен радар кој работи на принципот „track-while-scan“ има досег до 25 км на максимална височина од 9 километри, а радарот за наведување има досег до 20 км.

Интегрираниот електрооптички нишан „Safran Glaive“, развиен за модернизираната ракета „ROLAND 3“, во својот состав вклучува: термална камера на основа на 288 × 4 IRCCD (Infrared Charge Couple Device); ТВ-камера; ласерски далечиномер и инфрацрвен уред за следење на ракетата со работен опсег од 1 микрон и 10 микрони. Овој електрооптички систем е успешен на далечини до 20 км за авиони и до 10 километри за хеликоптери.

Варијантата „Roland Carol“ е инсталирана во лесен, компактен алуминиумски контејнер, кој тежи 8,3 тони

Надграденият ракетен систем „ROLAND“ поседува нов систем за командување и контрола „BBKS“ со три мултифункционални дисплеи во боја, нов компјутер за наведување, компјутер за координација и уред за интерконекција „MIL-Bus“. Системот има способност да се интегрира во системите за комуникација „земја-воздух“ „C3I“ (Command, Control, Computer/ Intelligence) и, исто така, е интероперабилен со системи како што се „PATRIOT“, „HAWK“ и „AWACS“.

Варијанатата на овој ракетен систем со ознака „Roland Carol“ е инсталирана во лесен, компактен алуминиумски контејнер, кој тежи 8,3 тони. Оваа варијанта е дизајнирана за лесен транспорт по воздушен пат, особено со авиони од типот „C-130 Hercules“ или „C-160 Transall“, и истата може лесно и едноставно да се инсталира на голем број возила со приколки, камиони и шлепери. Системите „Roland Carol“, кои се користат во француската армија се монтирани на полуприколка која ја влече возило 6 × 6 од тиот „ACMAT“, додека, пак, германските системи беа поставени на возила 6 × 6 од типот „MAN“.

Системот располага со две ракети поставени на лансирната рампа, подготвени за лансирање и уште осум ракети кои се во резерва, поставени во два паралелни магацини по четири ракети.

Ракетениот систем „ROLAND“ во германските вооружени сили истовремено се наоѓал во служба во сите три видови, и тоа во: армијата, воздухопловните сили и морнарицата. Во февруари 2003 година, Бундесверот најави дека системот ќе биде отстранет од служба. Кон крајот на 2005 година, германските вооружени сили ги повлекоа од употреба последните ракетни системи „ROLAND“ кои беа монтирани на шасија од возилата од типот „Marder“. Наместо нив, во употреба беа воведен ракетниот систем „LFK NG“, кој е развиен од страна на компаниите „MBDA“ и „Diehl“.

Т.Д.



„КАПЛАН-20“

НОВА ГЕНЕРАЦИЈА ТУРСКИ ОКЛОПНИ БОРБЕНИ ВОЗИЛА

Турската компанија за производство на одбранбени системи „FNSS Savunma Sistemleri A.Ş.“ за прв пат на 5 мај 2015 година на саемот за вооружување IDEF–2015 (International Defence Industry Fair) во Истанбул, со гордост го презентираше новото гасенично оклопно борбено возило „КАПЛАН-20“, дизајнирано да ги задоволи тактичките и техничките критериуми на армијата на Република Турција и на сите нејзини пријателски и сојузнички сили.

„КАПЛАН-20“ е последниот член од фамилијата „КАПЛАН“, со борбена тежина од 20 тони, и истиот претставува работен прототип, чие испитување започна кон крајот на 2015 година. Ова оклопно борбено возило има можност за опремување со два вида куполи, и тоа со: „Teber-30“, со далечинско управување или „Teber-30“ конвенционално управувано со двочлена посада.

„Teber-30“ претставува модуларна купола со среден калибар за оклопни борбени возила. „Teber“ е турски збор кој во англиски превод носи назив „Halberd“, што во превод на македонски јазик се преведува како „воена секира” која се користела во 14 и 15 век.



Основното вооружување на оваа купола е автоматски топ „Мк44“ 30 мм со двојно нахранување и 250 гранати подготвени за испукување. Теоретската брзина на гаѓање изнесува 200 гранати/минута, при што нишанџијата може да одбере рафална или единечна стрелба. Секундарното вооружување е спрегнат митралез „Мк52“ 7,62мм со 750 куршуми во реденик, подготвени за испукување. На двете страни од куполата се поставени по 4 (четири) фрлачи на гранати од 76мм, свртени нанапред.


Клучната предност на куполата „Teber-30“ со далечинско управување е можноста за пополнување со муниција од внатрешноста на возилото под потполна оклопна заштита.

Управувачкиот систем на топот во куполата е електричен и потполно дигитализиран со можност за стабилизација по хоризонтална и вертикална рамнина, со што е обезбедена висока прецизност за гаѓање во движење. Куполата по хоризонтала може да се заврти за 360°, континуирано, со елевација на вооружувањето од -8° до +45° со стапка од 60°/секунда.

Куполата „Teber-30“ е опремена со напреден систем за управување со оган со помошен компјутерски систем за

контрола на огнот и стабилизиран независен систем за нишанење. Системот има можност за генерирање на решение, за зголемување на веројатноста на погодување на целта со прв проектил.
Стабилизираниот систем за набљудување и гаѓање во себе вклучува термална слика, дневна камера со широко и тесно поле на набљудување и ласерски мерач на далечина.
Куполата „Teber-30“ е опремена и со стабилизирана 360° панорамска, независна направа за набљудување на командирот, со термална слика, дневна камера и ласерски мерач на далечина поставен на врвот на куполата. Направата има можност за вкучување на опцијата „hunter/killer”.









Школката на куполата е направена од заварени алуминиумски плочи со композитен и челичен оклоп кој нуди балистичка заштита до STANAG 4569, ниво V стандард.
Архитектурата на ова оклопно борбено возило ја сочинува систем за заштита против мини, ракетно водени проектили и закани со голема кинетичка енергија. Како дополнителна надоградба се јавуваат најсовремените електронски потсистеми кои се интегрирани со моторниот дел.
„КАПЛАН-20“ има доволен капацитет и поседува високи перформанси кои му овозможуваат на бојното поле да се движи непречено во формација со тенкови.
Ова возило има многу ниска силуета која изнесува 2 метри, и со своите 6 потпорни тркала, еден мрзливец, едно погонско тркало и едно гумирано гасенично платно на секоја страна од возилото, кое има можност за оперирање низ многу жешки и многу ладни временски услови со голема брзина на движење низ мек, каллив и нерамен терен, со максимална брзина на движење до 70 км/ч и акционен радиус од 650км. Гумираните гасенични платна ја намалуваат бучавата, вибрациите, ја зголемуваат комфорноста на возењето на посадата и го продолжуваат сервисниот век на траење на вградената опрема во возилото. Влезот во возилото е низ хидраулична рампа поставена на задниот дел.
Возилото има амфибиски карактеристики благодарение на двата пропелери поставени на задниот дел, со што е овозможено возачот да влезе со возилото во вода без претходни подготовки.
Од познатите системи за заштита, ова борбено возило во својата основна верзија е опремено со систем за редукција на термалната силуета, систем за ласерско предупредување, систем за активна заштита, интегриран акустички систем „Metravib PILAR V“ за детекција на снајперски оган, автоматски систем за гаснење на пожар во моторно и борбено одделение, систем за задимување на боиштето, седишта за заштита од експлозија на мина и систем за нуклеарна, хемиска, биолошка и радиолошка детекција и заштита.
Во возилото се вградени систем за навигација, систем за набљудување низ оклопот на возилото, систем за адаптација на светлината во внатрешноста на возилото, систем за климатизација, систем за борбен менаџмент и систем за идентификација на сопствените сили. Вграден е и дополнителен мотор за тивок режим на работа на сите електрични системи на 24V.
Во делот кај возачот е вграден перископ со ласерска заштита, кој му овозможува на возачот да има широко поле за набљудување пред возилото, со интегриран систем за ноќно набљудување.
Посадата на возилото ја сочинува командир, возач и нишанџија, кои меѓусебно можат да комуницираат со помош на безжичен интерком-систем. Во транспортниот дел од возилото може да се превезуваат уште 6 или 8 лица, во зависност од варијантата на возилото.

Зоран Стојановски

ЧЕШКА, ПРВИОТ ОПЕРАТОР НА „RBS 70 NG“

Откако на крајот на октомври беа завршени серија на тестови, Чешка донесе одлука за купување на нов лесен мобилен противвоздушен систем на краток опсег. Станува збор за шведскиот систем „RBS 70 NG“ (Next Generation Robotsystem 70), кој го произведува конзорциум на „Сааб“. Република Чешка ќе биде првиот оператор во овој систем, кој има цел да го замени постоечкиот систем за воздушна одбрана на краток опсег „9К35 Стрела-10М“ (НАТО-ознака „SA-13 Gopher“). Досега не е наведен вкупниот број на лансери и проектили кои Чешка има намера да ги купи, освен податокот дека испораката или опремувањето на чешки војници ќе се



врши во две фази. Првата би се спровела од 2018 до 2020 година, а втората од 2020 до 2025 година. Донесувањето на оваа одлука го помогна позитивното искуство кое Чешка го има со системот „RBS 70“, кој е набавен во 2007 година, кога е потпишан договор за 16 лансери „RBS 70“ и 100 проектили. Чешка со нив ја започна замената на нивните системи за воздушна одбрана „9К32М Стрела-2М“ (НАТО СА-7b Граил).

„RBS 70 NG“, како и неговиот претходник, припаѓа во VSHORAD (Very Short Range Air Defence) категоријата Сем-системи со краток опсег. За прв пат системот ѝ беше презентиран на светската јавност за време на Меѓународниот саем на воената индустрија DSEI (Defence & Security Equipment International) во септември 2011 година. „Сааб“, исто така, остана верен и на системот „RBS 70 NG“ со својот ласерски систем на насочување (јавање на ласерскиот зрак), што го прави бесчувствителен за одвлекување на вниманието. Друга карактеристика на „RBS 70 NG“ е новиот систем на термичка обработка на таргетирање со повисока резолуција, која има подобрено време на реакција и следење на повеќе цели во воздух. Исто така, има и подобрен систем со терминал-оператор, подобрено функционирање на системот во автоматскиот и рачниот начин на работа и видеосистем кој овозможува снимање и анализирање на секое ракетно лансирање.

Она што е најквалитетно на системот „RBS 70 NG“ е неговата компатибилност со сите генерации проектили. Меѓу нив посебно е важен проектилот BOLIDE, кој може да брани од широк спектар на најновата генерација на авиони и ракети. Спектарот на BOLIDE изнесува 8.000 метри, а може да нападне цели на надморска височина до 5000 метри, со максимална брзина во два наврати.

(Текстот е преземен и адаптиран од списанието „Хрватски војник“)

Подготвила: Кристина Илиевска



ФОРЕНЗИКА

АНАЛИЗА НА ДЕОКСИРИБОНУКЛЕИНСКА КИСЕЛИНА (ДНК)

При вршење на увид на местото каде што е извршено делото, се собираат траги од самото место со цел нивно детално испитување и создавање на форензичка информација. За таа цел во ова поглавје ќе се даде осврт на испитувањето и профилирање на ДНК.

ДНК-анализа

ДНК-профилирањето или одредување на ДНК е исто што и земање на еден вид отпечатоци од местото на злосторот. ДНК-анализата е револуционерна метода за откривање на идентитетот на сторителот на злосторот, но и на самата жртва. Анализата на ДНК претставува најмоќна алатка во форензичката наука. Притоа, треба да се напомене дека анализата на ДНК никогаш не се зема како единствен доказ при подигнување на обвинение, туку претставува само една од алатките при креирање на мозаикот, односно целата оперативна слика за динамиката и илустрирање на злосторството. Најчесто за ДНК-анализа се земаат примероци од влакна, плунка, ткиво, коска, урина, семена течност, фекалии и слично. Анализата на ДНК од овие примероци го креира профилот со кои се идентификува жртвата или злосторникот. Во понатамошниот текст ќе го користиме терминот „изворот на доказот“, односно со анализа на ДНК се идентификува изворот на доказот до тој степен што издвојува можна сличност, дури кај непосредно блиски (роднински блиски) личности со мал теоретски процент на исклучителност кај идентични близнаци. Тоа значи дека доколку изворот на доказот генерира профил, тогаш можностите за отстапки се исклучително мали, речиси невозможни но, сепак, законот предвидува потреба и од други докази за подигнување на обвинение против потенцијалниот злосторник.
Денес може да се каже дека анализата на ДНК има примена во науката, но има и комерцијална вредност. Ако во минатото овој вид на анализа беше исклучително скапа метода, денес претставува широко распространета метода, која дури и некои приватни институции ја преферираат за комерцијални цели. Па, така, овој вид на анализа еволуирал во форензиката и благодарение на тоа се отстранети голем број на ограничувања кои претходно постоеле, како што се издвојување на примерокот од севкупниот материјал или профилирање на ДНК од нечист примерок.

ДНК-профилирање

ДНК-профилирањето се гледа со типизирање, односно со индивидуален пристап на генетско ниво. Треба да се има предвид дека секоја индивидуа има сопствена различна ДНК од кој било друг човек. Имено, на ниво на гени секоја индивидуа е уникатна (освен идентичните близнаци) и може да постои унифициран генотип. Децата на секоја индивидуа ќе наследат дел од гените на родителите, односно дел од ДНК, но во комбинација со ДНК на другиот родител. При профилирање на ДНК се создава шаблон кој ќе биде автентичен за секое ткиво или телесна течност на индивидуата. Гените се информација која се



пренесува во наследство. Информацијата е во вид на биохемиска типологија која индивидуите ја наследуваат од своите родители преку генетските молекули. Па, така, информацијата пренесена од повеќе гени сочинува еден вид на шаблон или упатство за создавање на одреден биохемиски елемент (протеин), кој ќе ја детерминира одредена карактерна црта на индивидуата. За да го разбереме ова, неопходно е да ја опишеме ДНК-структурата.


Имено, ДНК претставува спирала од полимери, составени од едноставни молекули или нуклеотиди (Слика.1). Има четири нуклеотиди кои се спојуваат заедно и секој се разликува од другиот по типот на основата на која се држи. Станува збор за аденин, цитозин, гванин и тимин. Па, така, „писмото“ на гените е напишано на овие четири основи преку кои се пренесува понатамошното генетско структуирање.

ДНК има структура на двоен хеликс со две низи на нуклеинска киселина, а меѓусебно ги држи водоровна врска помеѓу паровите на органските бази. Секоја од низите е составена од шеќерни молекули поврзани со фосфатни групи, кои притоа формираат шеќерно-фосфатен скелет. Информациите кои се содржани во ДНК-молекулата е во вид на секвенци долж молекулата. Секој ген е креиран од специфична секвенца во комбинација од четирите нуклеотиди: аденин, цитозин, гванин и тимин (Слика бр.2).

ДНК е организирана на начин што сегментот од неа е ген. Подолгите ДНК-молекули носат повеќе гени, дури и по неколку илјади гени од хромозоми. Сетот од хромозоми се вика кариотип, а кај човекот има вкупно 22 хромозомски парови и два полови хромозомски парови (ху за машко и хх за женско). Тоа е вкупно 46 хромозоми од кои 44 се неполови или автозоми и се поставени по големина. Секоја клетка во себе има копии од автозоми и два полови хромозоми или диплоидни. Значи, во секоја клетка има копија од гени на таткото и на мајката. Целокупниот кариотип на човекот изнесува во должина околу два метри, но истата е етаблирана во секоја клетка која има мала микроскопска површина. Секоја човечка единка има околу 100 трилиони клетки и секоја од нив носи идентична ДНК и тие се диплоидни. Единствено еритроцитите не носат ДНК и истите не се земаат како примерок за профилирање. Во анализата на ДНК при здрав примерок од ткиво или некоја биолошка маса од разни видови на примероци, секогаш ќе се профилира една иста ДНК.

Генетски мутации

Алтерација или мутации настануваат кога некоја секвенца од генот има изменет протеин. Ако изменета е голема тогаш тоа завршува со леталност или смрт, а доколку е мала тогаш има само генетска болест. Позицијата на генот се вика „локус“ и ја опфаќа и локацијата на генот, односно регијата каде што е лоциран генот. Генетските мутации можат да настанат како последица на некои екстремни надворешни влијанија како што се опасни хемикалии или некаква радиоактивност. Тогаш под влијание на овие фактори доаѓа до мутирање на оригиналната секвенца, при



што самата мутација се одразува и се илустрира во некоја најнеобична надворешна или внатрешна форма кај личноста.

Форензичка анализа на ДНК и ДНК-профилирање

Прво, за да се изврши форензичка анализа неопходно е е да се земе примерок од местото на злочинот и да се обезбеди негово складирање, а потоа и издвојување на ДНК-примерокот, како и квантифицирање на ДНК со цел да се утврди дали има доволно количина за анализа.

За таа цел прво се зема биолошки примерок, крв, ткиво, семена течност, коска и слично од местото на злосторот. При земање на примерокот мошне важно е да се избегне можноста од контаминирање на биолошкиот примерок заради подоцнежна успешна анализа. Човекот кој врши собирање и складирање на биолошкиот материјал е неопходно да носи соодветна облека со цел да се избегне мешање на материјалот (влакно од коса и сл.). Имајќи предвид дека ДНК е стабилна молекула, потребна е правилна безбедносна процедура при складирањето на материјалот за да не дојде до дополнителни оштетувања. Честопати за таа цел е потребно, пред транспортот, примероците кои се земаат за анализа да се замрзнат или да се исушат или, пак, да се транспортираат во специјална течност.

Издвојување на ДНК-материјал

Потребно е да се знае дека ДНК-материјалот не може секогаш да биде издвоена од сите биолошки материјали на човекот. Но, секако, добро е да се знае дека коската и забната пулпа во себе содржат ДНК која може мошне долго да преживее и речиси секогаш кога е возможно форензичарите земаат ДНК токму од тие места, доколку телото е пронајдено како стар примерок. Што се однесува до методот на издвојување на ДНК, тој е различен кога треба да биде издвоен од различен биолошки материјал. Така, на пример, издвојувањето на ДНК од влакно од коса е сосема различно од издвојување на ДНК од коска. Како и да е, еден од универзалните начини е кога на пронајдениот клеточен материјал му се врши центрифугирање и издвојување на ДНК-материјалот. Потоа издвоената ДНК се квантифицира за да се одреди нејзината концетрација и таа се одредува со флуросенција, со цел одредување на количината.

Денес, речиси со сигурност може да се утврди или да се отфрли нечија одговорност за учество во некое злосторство, особено за тешки кривични дела како што се убиствата, благодарение токму на форензичката анализа на ДНК. Денес, многубројните истражувачи и детективи вршат истражување за стари случаи на злосторства во минатото кога поради малите ресурси за проверка на факти одлуките на судот биле дискутабилни. Вообичаено пресудите се носеле врз основа на некои мали траги кои технички не можеле да се проверат или според алиби на обвинетите во злосторот. Ќе наведам еден пример од минатото кога судијата под притисок на јавноста морал да донесе тешка одлука токму поради скудноста од докази. Станува збор за случајот кога еден познат и почитуван граѓанин во својот град бил во минатото обвинет за убиство на повеќе девојки во тој реон. Според обвинителот, посоченият убиец, г. Рејч, кој патем бил познат банкар во градот, откако со својот автомобил ќе ја оставел својата девојка во нејзиниот дом, се враќал и барал забава во локалните селски средини каде што речиси секогаш си заминувал дома со некоја неугледна и вообичаено нималку симпатична девојка. Неколку дена подоцна се губел трагот на секоја од девојките со кои тој бил виден во нивно друштво. Неколку дена подоцна, по исчезнувањето на девојките, нивните тела биле случајно пронајдени од некои минувачи. Девојките биле сурово измачувани, силувани и убивани. Тоа што ги збунувало детективите е тоа што г. Рејч секогаш имал убави и познати дами од градот и важел за многу познат харизматичен господин, кој бил посакуван во женското друштво. Наспроти тоа, непознатиот



сериски убиец своите жртви ги бирал да бидат неугледни, нималку симпатични и, секако, мошне нечисти во хигиенска смисла. Господинот Рејч, и покрај своите врски и углед кој го уживал во аристократското друштво, сепак бил осуден, а подоцна и погубен, што предизвикало мошне остри реакции во јавноста бидејќи бил погубен и покрај неубедливите докази.

Иако овој настанот се случил во триесетите години на минатиот век, речиси седумдесет години подоцна со форензичка анализа на пулпата од забите од ексхумираното тело и споредба со шамивче на една од жртвите, било констатирано дека, сепак, судијата бил во право кога донел одлука за негово погубување, бидејќи се констатирало дека убиецот навистина бил г. Рејч.

д-р Игор Гелев



ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА НА ВОЕНИОТ И НА ЦИВИЛНИОТ ПЕРСОНАЛ ВО ОДБРАНАТА И АРМ

ФАЗИ НА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО И ОБУКАТА ВО ОДБРАНАТА И АРМ

Во развојот на обуката и усовршувањето на воениот и цивилниот персонал во изминатите дваесетина години, можеме да уочиме одредени фази и специфики кои го одбележуваат процесот на образование, обучување и усовршување во МО и АРМ. Опфатот на овие фази го дефинираме според воведувањето на нови системски решенија (промени во системот за одбрана, донесување на нова систематизација, трансформација на Армијата и воведување на нова формациска структура) и со воспоставувањето на различни организациски единици во системот за образование, обука, оспособување и усовршување во одбраната и Армијата.

Прва фаза – Развој на образованието и обуката во одбраната и АРМ во периодот од 1992 до 1994 година

Во првата фаза се донесени првиот Закон за одбрана, Законот за служба во АРМ и Декларацијата за пристапување на Република Македонија кон НАТО-сојузот. Со донесувањето на Законот за одбрана во февруари 1992 година, беше воспоставен систем за одбрана на самостојна Република Македонија. Во согласност со Законот беа идентификувани субјектите на системот на одбрана со нивното место и улога, надлежностите и одговорностите. Покрај историската димензија и значењето на овој период на осамостојување и создавање на самостоен систем на одбрана во Р. Македонија, дел од авторите ги согледуваат и неговите слабости и недостатоци. Тие се однесуваат, пред сè, на тогашната организација на Министерството за одбрана која имаше редица елементи од претходниот одбранбен систем. Сепак, системот за одбрана беше поставен и како таков функционираше во дадените услови. Самиот факт дека во голем број дејности и области на одбраната и Армијата се поставуваа основите и темелите, зборува и за позитивните ефекти на процесот. Со воспоставувањето на системот за одбрана практично се создадоа и почетните услови за понатамошна изградба на систем за образование и обука за потребите на одбраната и Армијата.Можеме да констатираме дека првата фаза од развојот на образованието и обуката во одбраната и Армијата беше преодна и се остваруваше во значително тешки и неповолни политичко-безбедносни и економски услови, предизвикани од добро познатите внатрешни и надворешни околности. Постојниот воен кадар и оние старешини кои се вратија во Р. Македонија и се приклучија на Армијата, потекнуваа од различни родови, служби, специјалности и имаа завршено различни воени школи. Формирањето на Центарот за обука за одбрана имаше особено значење за одржување на континуитет во организираното оспособување на граѓаните за одбрана. Одделението за школство во ГШ на АРМ имаше улога да создаде почетни услови за изведување на обука во овој период на транзиција, а Установата за обука на воените старешини требаше да ги прифати сите незавршени питомци и да организира нивно дошколување. Главните напори беа насочени кон создавање услови за формирање на Воена академија.

Втора фаза – Развој на образованието и обуката во одбраната и АРМ во периодот од 1995 до 2002 година

Втората фаза го опфаќа периодот од 1995 до 2002 година, кој се карактеризира со интензивирање на меѓународната воена соработка, приклучувањето на Р. Македонија кон програмата „Партнерство за Мир“ – ПзМ и со добивањето на статус кандидат за членство во НАТО. Ова овозможи да се започне со посериозни обиди за приспособување и прифаќање на прописите и стандардите на НАТО и ангажирање на првите странски воени советодавни тимови, што резултираше со донесување на првиот Преглед на оперативни способности за 1997 година. Следната година изработени се и стратегиските документи „Белата книга“ и првата Стратегија за одбрана. Како резултат на тоа во 2000 година е изработена и одобрена нова организациска структура на АРМ, а кон крајот на оваа фаза се донесени и нов Закон за одбрана и нов Закон за служба во АРМ. Во оваа фаза се **поставени основите** на системот за образование и обука за потребите на одбраната и Армијата, со донесување на Законот за Воена академија и нејзиното конституирање, а во АРМ е формирана Команда за обука со три центри за обука.
Во оваа фаза системот за образование и обука ја доби основата која ќе послужи за негов понатамошен развој. Темпото на развој и унапредување го немаше секогаш потребниот интензитет за промени. Секако, случувањата во 2001 година оставија последици. Но, од друга страна, таквото несакано воено искуство, во добар дел помогна реално да се согледаат пропустите, слабостите, недостатоците, па и предностите, и да се преточат во предлози и мерки за подобрување на системот. Како дел од тие мерки за подобрување на стручното оспособување и усовршување на старешинскиот кадар во АРМ, произлезе дека е потребно:да се интензивираат активностите за приспособување на системот за обука во согласност со стандардите во НАТО-земјите; да се изработат доктрини и други потребни документи; да се започне

со интензивно преведување на македонски јазик на военостручната литература од Армијата на САД и армиите на останатите држави-членки на НАТО, која е потребна за планирање и реализација на процесот на обука; да се одредуваат приоритети во спроведувањето на планираните задачи.

Трета фаза – Развој на образованието и обуката во одбраната и АРМ од 2003 до 2008 година

Третата фаза се карактеризира со интензивни активности и **суштински реформски процеси** во сите области на одбраната и Армијата. Усвоени се и донесени првите стратегиски документи од областа на националната безбедност на државата и управувањето со човечките ресурси. Донесена е Стратегија за образование и обука во одбраната и е формиран Сектор за образование и обука во МО. Се воведува Системот за повеќегодишно планирање, програмирање, буџетирање и извршување. Со одобрениот Стратегиски одбранбен преглед, најавена е сеопфатна реформа на системот на одбрана и Армијата. Донесена е одлука за потполна професионализација на Армијата и за укинување на регрутниот систем. Од системот за одбрана издвоени се заштитата и спасувањето и вградени се во новоформираната Дирекција за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи. Извршено е пренесување на уставната обврска за чување на државната граница од МО на МВР. Продолжува процесот на континуирана трансформација и реорганизација на формациската структура на Армијата. Донесена е одлука за прекин на прием на нови генерации питомци и за мирување на функционирањето на Воената академија. Изработени се Концепти за професионален развој на офицерите и подофицерите, а во АРМ доаѓа до зајакнување на капацитетите на Командата за обука со придодавање на нови центри за обука во нејзиниот состав. Во МО се донесени повеќе стратегиски документи. Може да се забележи дека одреден број на стратегиски документи, како на пример Стратегијата за управување со човечки ресурси и Стратегијата за образование и обука, иако се донесени, нивната имплементација се остварува со забавено темпо и динамика. Донесувањето на Стратегијата за образование и обука во одбраната беше од големо значење за изградба, интегрирање и унапредување на системот за образование и обука. Меѓутоа, имплементацијата на нејзините одредби не се остваруваше на посакуван начин. Како последица од таквиот приод, формирањето и функционирањето на Секторот за образование и обука во МО како да беа осудени на пропаст од самиот почеток. Сепак, придобивките од функционирањето на секторот се огледаат во воспоставување на одделенија кои и понатаму ќе продолжат да функционираат и да ги остваруваат функциите и задачите од Стратегијата за образование и обука во составот на друг сектор. Посебно е значајно што Центрите за обука „Д-р Џозеф Крузел“ и Регионалниот тренинг-центар за комуникации - РТЦК ја зацврстија нивната улога и значење за планирање, организирање и спроведување на обуки за потребите на системот за одбрана и пошироко.
Изработени се голем број на стручни документи за планирање и спроведување на обуката и вежбите, во согласност со стандардите во земјите-членки на НАТО. Заокружен е доста сложен процес на професионализација на АРМ, со што е прекинат приемот и обуката на регрутите војници и е започната обука со кандидатите за доброволно служење на воениот рок. Командата за обука на АРМ вложи големи напори за реализација на индивидуална обука на војниците и подофицерите од активниот состав и за поддршка на колективната обука на единиците на АРМ. Покрај тоа, зајакна нејзината улога и задача, со тоа што во својот формациски состав интегрира седум центри за обука.
Во оваа фаза најголеми турбуленции имаше на Воената академија. Заради вишокот на произведени млади офицери беше прекинат понатамошниот прием на питомци и Академијата беше ставена во мирување. Дополнителни проблеми произлегуваа со завршувањето на последните две генерации питомци за кои МО не обезбеди вработување, па Владата на Република Македонија мораше да содава услови за нивно вработување во други државни институции.

Четврта фаза – Развој на образованието и обуката во одбраната и АРМ во периодот од 2009 до 2014 година

Четвртата и последна фаза го одбележа процесот на образование и обука во Одбраната и Армијата со **понатамошни промени и подобрувања**. Во делот на организираното образование, секако е најзначајно започнувањето со работа на Воената академија. Во МО во оваа фаза е укинат Секторот за образование и обука, но сите негови организациски единици продолжија со работа во составот на новиот Сектор за човечки ресурси. Оваа значи дека функциите и надлежностите во делот на образованието и обуката, предвидени со Стратегијата за образование и обука и понатаму ќе се остваруваат преку функционирањето на новиот сектор. Имајќи предвид дека менаџментот со човечки ресурси ја опфаќа и обуката и усовршувањето, новото место на организациските единици кои се носители на активностите во врска со образованието и обуката во МО, е соодветно. Всушност, со формирањето на Секторот за човечки ресурси, конечно се заокружи целиот процес на менаџмент со персоналот во една целина. Донесувањето на Долгорочниот план за развој на одбраната 2011-2020 година претставува голема придобивка. За обезбедување единство на напорите на МО и АРМ за систематски развој на одбраната и усогласување на ограничените ресурси со клучните развојни приоритети, изработен е нов ДПРО 2014-2023 година. Со донесувањето на Упатство за раководење со обуката во АРМ, Упатство за вежби во Армијата и Доктрината за обука на АРМ се направени значителни напори за унапредување на раководењето со обуката и вежбите и нивно приспособување кон стандардите на НАТО.
Трансформацијата на АРМ врз основа на последната организациско-формациска структура е со цел да се изврши концентрација на човечките и материјалните ресурси и капацитети и подобрување на ефикасноста на системот за раководење и контрола и воедно да обезбеди развивање на нови воени способности и капацитети потребни за реализација на мисиите на АРМ. Со трансформацијата, силите ќе се групираат во борбени сили, сили за борбена поддршка и сили за борбено-сервисна поддршка. Со трансформацијата треба да се овозможи развивање и одржување на распоредливи, интероперативни сили и способности на ниво од 50% од севкупната структура на копнените сили на АРМ. За учество во операции предводени од НАТО, АРМ ќе развива и ќе одржува една Средна пешадиска баталјонска група (СПБГ).
Командата за обука и доктрини на АРМ, и во оваа фаза се надградува и ги зајакнува своите капацитети и улога во планирањето и спроведувањето на обуката. Новоформираниот Центар за изработка на доктрини, правила, упатства и научени лекции, има значајно место во унапредувањето на стандардите и прописите за обука.
Особен напредок во оваа фаза е направен во примената на Концептот за оперативни способности, со оспособувањето на голем број на припадници на АРМ за самооценување и оценување и со спроведувањето на плановите за самооценување на ниво 1 и 2 на борбената готовност на декларираните единици.



д-р Златко Кузманов

ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



ЕДУКАЦИЈА НА ПРИПАДНИЦИТЕ НА АРМ

Образованието е важен сегмент во армиските кругови, а посебно дообуката, прекфалификацијата, следењето на современите теркови во сите области од одбранбената сфера. Армијата на Република Македонија за своите потреби продуцира кадар од Воената академија, но и од цивилниот сектор, посебно за одредени специјалности кои се најчесто поврзани со вршење на должности од логистичките задачи. Потребата за проширување на знаењето во разни области е суштинска за сите армии во светот. Со програмата за билатерална соработка со земјите-членки на НАТО се школуваат припадници на Армијата на најреномираните воени академии во светот.

НАТО препорачува три нивоа на обука од доменот на заштита на околината:

1. Градење свест за околината. Градењето свест за околината подразбира грижа за: чистиот воздух, водата, почвата, природата, културното и историското наследство, приспособување на личниот став и развој на лична одговорност.
2. Практикување заштита на околината и животната средина. За ова ниво потребна е добра практика и вештини за да се исполнат барањата од областа на заштитата на околината при извршувањето на воените задачи.
3. Развој на вештини за надгледување и планирање. Ова ниво подразбира проучување на политиката, на законската одговорност и приспособливост на армиските кругови при управување со околината, планирање на вежби и одржливи развојни цели.

Кои се предизвиците пред кои би се соочиле раководните лица во поглед на изработката на планови и програми за обука? Секако дека најпрво треба да се одредат целните групи или за кого е наменета обуката и во согласност со тоа би се подредиле и нивоата на обуката.

Примарното ниво би се одвивало во текот на редовните школувања во воените академии или за слушателите кои доаѓаат од цивилниот сектор во текот на извршувањето на курсот за развој на офицери и подофицери. За припадниците кои се во армијата, а не ги поминале ваквите обуки би се организирале по принципот на еднонеделни курсеви и во текот на редовната обука за професионалните војници. Тука, сепак, мора да ги споменеме и факторите кои би влијаеле на програмата за обука. Според НАТО, влијаат следниве надворешни и внатрешни фактори:

– Во *надворешни фактори* спаѓаат легислативата и обврската да се грижиме за меѓународните обврски и притисокот на јавното мислење, додека во *внатрешни* ги става владините цели, иницијативите на министерствата и финансиските ограничувања. Основната цел на обуката е развивање на систем кој успешно би управувал со околината, животната средина и културното наследство во армиската средина. Според досегашната компарација со земјите кои имаат и применуваат систем, користејќи ги нивните искуства во нашата армија, потребно е системот да се развие и да ги опфаќа следниве фази:

– Фаза 1. Преглед на состојбата. Оваа фаза би била почетна и би опфаќала препознавање на ризиците и заканите во воената средина.
– Фаза 2. Во оваа фаза би се работело на изработка на политика за заштита на животната средина.
– Фаза 3. Изработка на програма која би ги утврдила реалноста, одржливоста, времетраењето и цената на чинење.
– Фаза 4. Изработка на процедури кои би се применувале за посебни услови на заштита на околината.
– Фаза 5. Вршење на мерења и проверки на состојбата со утврдување на минимални и максимални дозволени параметри.
– Фаза 6. Казнени мерки. Поради специфичноста на воената средина би се одредиле рокови за отстранување на недостатоците и би се одредиле мерките за лицата кои покрај сите предупредувања не ја извршуваат законската одредба.
– Фаза 7. Изработка на годишен преглед за состојбата со целосни анализи.

По завршувањето на седмата фаза, значајно е да се спомене дека сега се продолжува со истите фази од почеток, почнувајќи од втората фаза.

Во фазата на изработката на програмите треба посебно да се нагласи за кој дел од околината би се однесувале активностите. Така, за заштита на културното наследство и нејзино подобрување би ги нагласиле заштитата на биодиверзитетот, археолошките и културните наоѓалишта, историските згради и заштитата на околината.

Кога говориме за заштита на ресурсите, програмата на обуката би се однесувала на намалување на потрошувачката на енергијата и користењето на водата,

намалување на користење на материјали кои се тешко обновливи (како хартијата за печатење документи) и намалување на отпадот од секакво потекло.
Во тематики од одржливиот развој би ги изучувале климатските промени и управувањето со енергенсите, заедниците на локалната самоуправа и влијанието кон истата, животниот циклус на опремата и нејзиното влијание на околината, набавка на опрема и купување на „зелени" материјали.

Преглед на клучни меѓународни договори и протоколи од доменот на заштитата на животната средина-суплементарен материјал

Потребата од меѓународни договори кои ќе ги третираат предизвиците и заканите од загадувањето на животната средина и неминовната потреба од меѓународни договори, јасно беше увидена од меѓународната заедница, а посебно од Организацијата на Обединетите нации кои беа најголемиот поборник државите и владите во светот(пред сè кај најбогатите и најмоќните кои се и најголемите загадувачи), со меѓународни договори, да ги присилат со законска рамка да ги намалат емисиите и изворите на загадувачи во животната средина. Во тој контекст ги анализираме следниве меѓународни конвенции и регулативи на ЕУ и НАТО:
Меѓународни конвенции за заштита на животната средина.
Виенска конвенција (1985). Виенската конвенција усвоена во Виена на 22 март 1985 година за заштита на озонската обвивка претставува еден од првите меѓународни протоколи. Истиот влегува во сила во 1988 година и има две главни задачи. Првата да го штити човековото здравје и околината од штетни загадувања кои се предизвикани од човековите активности и втората цел е да се развие подобра соработка и разбирање помеѓу договорените потписници.
Протоколот од Монтреал (1987). Монтреалскиот протокол се однесува за контрола на опасните супстанци кои ја оштетуваат озонската обвивка и истиот е потпишан на 16 септември 1987 година со одлагање од двегодишен период за стапување во сила. Монтреалскиот протокол има пет дополнителни амандмани: Лондонскиот во 1990 година, Копенхашкиот во 1992, Виенскиот во 1995, Монтреалскиот во 1997 и Пекиншкиот во 1999 година. Како договор во Лондон се формира мултиратерален фонд контролиран од светските финансиски институции како што се ММФ и Светската банка, со цел да се поддржи имплементацијата на протоколот.
ОСПАР-конвенцијата (1992). Таканаречената конвенција ОСПАР е потпишана на 22 септември 1992 г. во Париз, а е резултат на министерската средба во Осло и Париската комисија. Истата се однесува за заштита на морскиот животен свет во северноисточниот Атлантик.
Протоколот од Кјото (1997). Протоколот од Кјото е потпишан на 11 декември 1997 година од страна на 191 државачленка на ОН (освен пет држави, меѓу кои и САД), и стапува на сила во 2005 година. Протоколот е дел од конвенцијата на ОН која се однесува на климатските промени. Со овој договор земјите-потписнички (не е задолжителен за земјите во развој) се обврзуваат во два периоди, од 2008-2012 и 2013-2020 година да ги намалат емисијата на гасовите кои го предизвикуваат ефектот на „зелена градина". Во изминатата година Протоколот доби амандман кој се однесува за вториот период, но до денес не стапил на сила.
Стокхолмска конвенција (2001). Стокхолмската конвенција, која е потпишана на 22 мај 2001 година, е меѓународен договор чија цел е елиминирање или ограничување на производството на отпорните органски загадувачи (POPs). Оваа конвенција е тесно поврзана со Ротердамската конвенција која е потпишана на 24 февруари 2004 година, а се однесува на трговијата со посебни хемиски опасни материи и пестициди и Базелската конвенција која се однесува на контрола на прекуграничното движење на опасните материи и опасниот отпад, потпишана на 22 март 1992 година, а е влезена во сила на 5 мај 1992 година.

Европски закони и регулативи

Покрај меѓународните договори кои се однесуваат за заштита на животната средина, значајни за нас како земја-кандидат за Европската унија се и европските регулативи кои ја третираат оваа област. Европската унија ги има донесено следниве реулативи:
– Околина 5050;
– Општи подготовки и програми 1122;
– Загадување и проблеми 2590;
– Нуклеарна безбедност и радиоактивен отпад 239;
– Заштита и управување на водите 239;
– Мониторинг на атмосферското загадување 939;
– Заштита од бучава 128;
– Хемикалии, индустриски ризици и биотехнологија 628;
– Просторот, околината и природните ресурси 1008;
– Заштита на дивата флора и фауна 342;
– Менаџирање на отпад и чиста технологија 475;
– Меѓународна соработка 419.
Заштитата на природата е регулирана и со Законот за заштита и унапредување на животната средина и природата („Службен весник на РМ" бр. 13/03, пречистен текст), според кој за заштитените области е употребен терминот „посебно природно богатство". Со овој закон, сите природни богатства, објекти и делови на природата за кои со научни и стручни истражувања е утврдено дека имаат особено значајни природни вредности, уживаат посебна заштита.
Правна основа за заштита на природата преставуваат и потпишаните или ратификуваните меѓународни договори од Република Македонија кои се однесуваат на заштита на природата: Конвенција за биолошка разновидност/ Convention on Biological Diversity (ратификувана) („Службен весник на РМ" бр. 54/97); Конвенција за заштита на водните живеалишта со меѓународно значење за заштита на водните птици-Рамсар/Convention on Wetlands of International Importance especially as Waterfowl Habitat (ратификувана), („Службен лист на СФРЈ" бр. 9/77); Конвенција за заштита на миграторни видови диви животни – Бон/ Convention on the Conservation of Migratory Species of Wild Animals (ратификувана), („Службен весник на РМ" бр. 38/99); Конвенција за заштита на дивиот свет и природните живеалишта во Европа - Берн/Convention on the Conservation of European Wildlife and Natural Habitats (ратификувана), („Службен весник на РМ" бр. 49/97); Конвенција за заштита на светското културно и природно наследство/ Convention for the protection of the World Cultural and Natural Heritage (ратификувана), („Службен лист на СФРЈ" бр. 56/74); Конвенција за меѓународна трговија со загрозени диви животински и растителни видови/Convention on International Trade in Endangered Species of Wild Fauna and Flora (ратификувана), („Службен весник на РМ" бр. 82/99); Европска конвенција за заштита на рбетниците кои се користат за експериментални и други научни цели/European Convention for the Protection of Vertebrate Animals Used for Experimental and other Scientific Purpose (ратификувана), („Службен весник на РМ" бр. 13/02); Протокол за менување на Конвенцијата за заштита на рбетниците кои се користат за експериментални и други научни цели/Protocol of Amendment to the European Convention for the Protection of Vertebrate Animals Used for Experimental and other Scientific Purposes (ратификуван), („Службен весник на РМ" бр. 13/02); Европска конвенција за пределот/ European Landscape Convention (ратификувана); Договор за заштита на лилјаците во Европа/Agreement on the Conservation of Bats in Europe (ратификуван), („Службен весник на РМ" бр.44/03); Амандман на Договорот за заштита на лилјаците во Европа/Amendment of the Agreement on the Conservation of Bats in Europe (ратификуван), („Службен весник на РМ" бр.33/99); Договор за заштита на африканско-евроазиските миграторни видови водни птици Xar/Agreement on the Conservation of African-Eurasian Migratory Waterbirds (ратификуван), („Службен весник на РМ" бр. 32/99); Картагенски протокол за биосигурност кон Конвенцијата за биолошка разновидност / Cartagena Protocol on Biosafety to the Convention on Biological Diversity (потпишан) и Меморандум за разбирање за заштита и управување со средноевропската популација на Големата дропла (Otis tarda) / Memorandum of Understanding on the Conservation and Management of the Middle-European Population of the Great Bustard (Otis tarda) (потпишан).



м-р Каменко Аврамоски



СЕОПФАТНИ ДИЈАЛОЗИ

ВО ПРИЛОГ НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

За заштита на природните ресурси и реткости често е потребна и меѓународна соработка,отворена дебата и семинарски сеопфатни дијалози. Резултат на големиот број анализи, конференции и дебати се многубројните проекти кои се преземаат со цел да се заштитат природните реткости, да се сочуваат загрозените видови и да се дејствува еколошки. Некои проекти се во тек, некои изминаа, но проблемот со загадувањето на животната средина и во Република Македонија и пошироко е сè уште присутен. Иако Македонија не е енормно загадена земја за која треба посебен третман, сепак најзагадени се областите каде е концентрирана хемиската, прехранбената, тешката индустрија или...Скопје, Тетово, Велес, Полошко, Пчиња, Црна, Брегалница, Прилеп, Битола, кои не се баш светли точки од еколошки аспект. Ќе ве потсетиме на некои од проектите кои се одвиваа со меѓународна помош и соработка.

За Охридското Езеро, Галичица, Пелистер и нивната заштита

Со околу три милиони долари, Владите на Албанија и Македонија со помош на ГЕФ (Фондација на Светската банка), уште во декември 1996 година предвидуваа заштита на Охридското Езеро од загадувања. Фирмата ,,Ернст-партнерс“ од Швајцарија со исто толку швајцарски франци предвидуваше набавка на апаратура за Хидробиолошкиот завод од Охрид, за мониторинг и надгледување на загадувањето на пречистителната станица за третман на водите за пиење. За овој проект готовност за финансирање изразиле Холандија, Финска, Германија, Франција. Националната агенција „Натурора“, со примена на меѓународни стандарди како ИСО, и научно ги валоризираа законските режими за просторно уредување, промена на температурата и менување на климата на Шар Планина и националните паркови Галичица и Пелистер,а изработени се и досиеја за заштита на историските споменици како Маркови кули, Стоби, Хераклеа. Нормативно и конференциите за животна средина на ООН се залагаат за заштита на природната средина и на културното наследство кај нас и на Балканот. Се прават сеопфатни анализи за секаква заштита на човекот, на фауната и флората, на водата и воздухот, на шумите, на почвите итн.



Националниот еколошки акционен план – НЕАП на РМ во Македонија, во Европа и на светско ниво ги одредува мерките за заштита на демографско-географската населена сфера, но и на ненаселената, како и во однос на индустријата, шумарството, аерозагадувањето. И озонската сфера е во еколошки домен. Во тие договори меѓу владите при одбирањето на приоритетите од НЕАП-соработниците одлучиле да одберат пет приоритети, односно идеи за реализирање т.е. за доработка на почнатото, за нови идејни решенија, како и легислативно и законски да работат преку отворени канцеларии, сектори за заштита на природни резервати како што се Преспа, Пелистер, Шара, Тиквеш, Галичица, Беласица. Тоа значи дека и наши претставници се дел од овие проекти и мини-естамблишменти кои учествуваат на семинари и конференции во Лозана, Истанбул, Дрезден, Брисел, Осло...

Васе Митреска





ДРВОТО КАКО СИМБОЛ НА ВЕЧНОСТА

УШТЕ ЕДНАШ УСПЕШНО РЕАЛИЗИРАНА АКЦИЈАТА „ДЕНОТ НА ДРВОТО“



Во трагите на минатото, во спомените на одржливите цивилизации, во недогледот на убавините на животот, дрвото е оној симбол на вечноста, на долготрајноста, на убавината, на здравјето, на зеленилото.

Шумите се посакувани дестинации за најубава релаксација, прошетките низ шумите го чуваат здравјето, убавината на нивното постоење е тесно врзана со опстанокот на човечкиот род. Тие се белите дробови на нашите животи, дрвјата, шумите, планините, ни се многу потребни денес во оваа наша постмодерна и технолошка револуција.

„Денот на дрвото и по 16-ти пат се реализираше во Република Македонија, успешно, работно и наменски.

Министерството за одбрана на Република Македонија и АРМ, во согласност со на своите физички и технички перформанси, традиционално се најголемите поддржувачи, афирматори и спроведувачи на оваа масовна акција. Тој традиционален концепт не изостана и оваа година.

Министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски и началникот на Генералштабот на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски, засилени со акредитираните одбранбени атешеи во Република Македонија, на акцијата „Денот на дрвото - засади ја својата иднина“ во кругот на Воено-медицинскиот центар, симболично ја поддржаа оваа акција и под мотото: „Засади ја својата иднина“, го дадоа својот конкретен придонес за реализација на предвиденото.

Во краткото обраќање за новинарите, министерот Јолевски потенцираше дека и оваа година Министерството за одбрана на Република Македонија и Армијата на Република Македонија учествуваат масовно во реализацијата и дека засадените дрвца се подарок за нашите деца, за иднината на Република Македонија и дека најважно од сè е што оваа акција континуирано продолжува.

Исто така, во рамките на истоимената акција, министерот Јолевски, низ конкретни активности, ја поддржа оваа акција и во месноста Богословец, Светиниколско.

Интересно е што оваа масовна и наменска иницијатива своето 16-то продолжение го доживеа со еднаков темперамент и агилност како и на самите почетоци.

Ова е многу одговорна иницијатива која има цел да го обнови шумскиот фонд во Република Македонија, гледано од сите аспекти. Убави се глетките кога и на телевизија следиме прилози од сите краеви на Р. Македонија, кога како учесници во акцијата се вклучени ученици од основните училишта, средношколци, студенти, возрасни, војници, административци, пензионери и други, кои својот несебичен физички ангажман го даваат во една, пред сè, хумана еколошка димензија која е убав влог за иднината на државата.



Како што веќе рековме, по 16-ти пат на повеќе од 100 локации на територијата на целата држава се засадија околу 3 милиони дрвца. Ако се направи една паралела од 2008 година па до денес, статистиката кажува дека досега се посадени некаде околу 50 милиони дрвца, од кои околу 60 % успешно егзистираат како природа во Република Македонија, што е бројка за поздравување.

Министерството за одбрана на РМ и АРМ секогаш се во служба на која било јавна акција која се однесува на Република Македонија и е општо продуктивна за благосостојбата на сите нејзини граѓани.

Авангардата во нашите редови е секогаш прва на предвидените позиции и најкомпетентна да остави дрво за сите нас.

И овојпат МО и АРМ го докажаа тоа со конкретни активности.

Веруваме дека и во иднина ќе бидеме први во реализацијата на вакви убави акции.

Митко Василевски



РЕГИОНАЛНА КОНФЕРЕНЦИЈА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

ПРОДЛАБОЧУВАЊЕ НА РЕГИОНАЛНАТА СОРАБОТКА НА ПОЛЕТО НА ОДНОСИТЕ СО ЈАВНОСТА

Во периодот од 8-9 декември во организација на Министерството за одбрана на Република Македонија, а со поддршка на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка, во хотелот „Холидеј ин“ во Скопје се одржа Регионална конференција за односи со јавноста.

Целта на Регионалната конференција беше да се создаде регионална платформа за дискусии и размена на искуства помеѓу сите релевантни актери од полето на односи со јавноста од Министерствата за одбрана на земјите од регионот со цел зајакнување на регионалната соработка и подобра координација на полето на односи со јавноста во регионот. Освен ова, за време на Регионалната конференцијата беа дискутирани и разгледани можностите и начините за постигнување на поголемо регионално вклучување во креирањето на агендата и реализацијата на академските активности што ги нуди Регионалнот центар за односи со јавноста (РЦОЈ).

Регионалната конференција ја отвори министерот за одбрана на Република Македонија, Зоран Јолевски кој, меѓу другото, ја истакна потребата од прецизно и навремено споделување на информациите, а ја потенцираше и важноста на развојот на соработката на полето на односите со јавноста, која е од исклучително значење за севкупната регионална одбранбена и безбедносна соработка.

Во своето воведно обраќање министерот Јолевски се осврна и на значењето на Регионалниот центар за односи со јавноста во Скопје, кој функционира во составот на Министерството за одбрана, а воедно е и единствениот регионален и НАТО-центар за едукација и обука кој исклучиво третира обуки од областа на односите со јавноста. „Регионалниот центар за односи со јавноста и понатаму останува единствен партнерски центар за обука и образование, специјализиран за односи со јавноста, и од таа причина претставува важна придобивка за регионот и за НАТО“, истакна министерот Јолевски.

На отворањето на Конференцијата се обрати и одбранбеното аташе на Кралството Норвешка, потполковник Торе Андерсон, кој го истакна значењето на присуството на претставниците од регионот, потенцирајќи притоа дека тие се клучни за развојот на регионалната соработка.

Андерсон посочи дека Регионалниот центар за односи со јавноста (РЦОЈ) е од исклучително значење за Кралството Норвешка, имајќи ја предвид норвешката политика за развој на регионалната соработка. Центарот, како што додаде, е изграден на цврсти темели и е на пат на самоодржливост преку натамошна и зајакната регионална инволвираност и посветеност.

За време на Конференцијата, раководителот на Сектор за комуникации, анализа и оперативна поддршка, Билјана Ефтимова, и раководителот на Одделението на Регионалниот центар за односи



со јавноста, потполковник Сашо Гелевски, во своите обраќања ги презентираа анализите за развојот на Центарот во периодот од претходната Регионална планирачка конференција, потенцирајќи го големиот напредок што во меѓувреме, од 2013 година досега, Центарот го има постигнато со приклучувањето во мрежата на НАТО-партнерските центри за едукација и обука.

Со ова, Регионалниот центар за односи со јавноста ја потврдува својата посветеност и залагање да одговори на барањата на регионот во поглед на едукација и професионална обука на персоналот којшто работи на полето на односи со јавноста, како и пошироко, на меѓународно ниво, да ги понуди своите активности на НАТО и партнерските земји.

Конференцијата беше збогатена со темата „Потреба на НАТО од обука во областа на односите со јавноста“ од страна на полковник Ерик Блум, шеф на Канцеларијата за односи со јавноста при Врховниот штаб на сојузничките сили – Европа (SHAPE), во Монс, Белгија, кој ја истакна клучната улога на односите со јавноста во мисиите предводени од НАТО, како и недостатокот од обучени и квалификувани лица за односи со јавноста во оваа организација.

Претставниците на земјите од регионот, вклучувајќи го и претставникот од Одделението за медиа и мултимедијална работа во Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, Иван Петрушевски, како и портпаролот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, потполковник Тони Јаневски, одржаа поединечни презентации, претставувајќи ја организациската поставеност, структурата, како и целокупната работа на единиците за односи со јавноста, со што се отвори платформа за размонување на искуства во насока на подобрување на работата и соработката меѓу истите, како и за размонување на постоечките документи изработени во оваа област. Во делот наменет за регионалната соработка во областа на односите со јавноста, претставникот од канцеларијата за односи со јавноста на Министерството за одбрана на Република Македонија, истакна дека од голема важност е обновувањето на мрежата од лица за контакт во рамките на одделенијата за односи со јавноста од Министерствата за одбрана на земјите од регионот.

Како дел од подготовката за конференцијата, на сите учесници на конференцијата им беше дистрибуиран прашалник, којшто беше употребен како алатка за да се направат анализи за реалните потреби на регионот, во однос на различни видови активности и целни групи, и со тоа да се овозможи активно учество на регионот во креирањето на годишните активности на РЦОЈ за 2017 година. Прашалникот, исто така, имаше цел да се разгледаат модалитетите и регионалните предлози и сугестии за зацврстување и проширување на регионалната димензија на РЦОЈ преку воведување на регионално буџетирање и регионално менаџирање на академските активности во Центарот.

Врз основа на резултатите од прашалниците, учесниците дискутираа за можностите од разни видови и содржини на активности, за нивниот број и за дефинирање на конкретните целни групи. Како резултат на дискусиите и размената на мислења за време на дводневната конференција беа донесени неколку важни насоки и заклучоци во насока на исполнување на целите на самата конференција.

Имено, регионалните учесници ги изнесоа своите потреби за различни видови содржини и целни групи кои во наредниот период имаат потреба да се обучуваат во регионалниот центар за односи со јавноста, а со тоа се поставија основите на агендата на активности во РЦОЈ за 2017 година.

Во насока на зајакнување на регионалната соработка, беше претставена иницијативата од страна на Република Македонија и Кралството Норвешка за поголема застапеност на земјите од регионот во работата на центарот. Од земјите на регионот беше побарано да се разгледаат можностите за идно поактивно вклучување во поефективното користење на капацитетите на РЦОЈ, преку обезбедување на човечки ресурси (сертифицирани регионални медиа-тренери), финасии, експертска помош и слично.



Исто така, во насока на зацврстување на регионалната соработка на полето на односите со јавноста, беше донесен заклучок да се формира ќелија на лица за контакт од областа на односите со јавноста од министерствата за одбрана и генералштабовите на земјите од регионот.

За време на Конференцијата беше разгледан и усвоен предлогот земјите од регионот(посебно оние што имаат сертифицирани медиа-тренери за потребите на РЦОЈ) да поддржат идни иницијативи (по барање на трети земји) за формирање и ангажирање на регионални мобилни тренинг-тимови за изведување на обуки од областа на односите со јавноста во земји надвор од регионот.

Од страна на раководителот на Секторот за комуникации, аналитика и оперативна поддршка, Билјана Ефтимова, регионалните претставници беа охрабрени, во рамките на пакетите на партнерски цели на националните министерства за одбрана, да биде прифатена новата партнерската цел 1204 (обука за односи со јавноста во операции), која од страна на Република Македонија е понудена до НАТО. Прифаќањето на оваа партнерска цел од страна на регионалните министерства за одбрана ќе овозможи задоволување на регионалните потреби од обука во областа на односите со јавноста, а исто така ќе придонесе и за поголемо регионално искористување на капацитетите на РЦОЈ.

Во рамките на панел-дискусиите од страна на претставниците на Министерството за одбрана на Република Македонија беше изнесен предлог за организирање на вакви регионални конференции во РЦОЈ на годишно ниво. Овој предлог беше прифатен од страна на сите присутни регионални претставници и беше донесен заклучок следната регионална конференција да биде одржана во РЦОЈ, најдоцна до крајот на октомври 2016 година. Инаку, ова е досега втора конференција која е во организација на Министерството за одбрана на Република Македонија, а со поддршка на Министерството за одбрана на Кралството Норвешка се одржува на регионално ниво. На овогодинешната конференција учество зедоа претставници од Република Албанија, Република Хрватска, Република Словенија, Босна и Херцеговина, Косово, Кралството Норвешка, Центарот РАКВИАК од Загреб, Центарот за мировни операции ПСОТЦ од Сараево, како и претставници од Врховниот штаб на сојузничките сили - Европа, одбранбените аташеи акредитирани во Република Македонија, претставници на норвешката Медиа-консултантска куќа „Медиаловен“, како и сертифицирани регионални медиа-тренери за потребите на РЦОЈ.

Сашо Гелевски



ТРАНСПАРЕНТНОСТ, ВЕРОДОСТОЈНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА

ОБУКА ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА ОД СТРАНА НА НАТО-МОБИЛЕН ТРЕНИНГ ТИМ

Во Домот на АРМ во Скопје, од 9 до 11 декември, се реализираше обука на персоналот за односи со јавноста од страна на НАТО-мобилен тренинг тим.

„Транспарентноста, веродостојноста на информациите и активната комуникација е основа на мисијата на армиските односи со јавноста во поддршка на командантите“, беше главната порака искажана од страна на претставниците на НАТО-мобилниот тренинг-тим (МТТ) за време на обуката.

Предавач на обуката беше сертифициран инструктор за односи со јавноста од НАТО-мобилниот тренинг тим од Неапол, потполковник Свен Касимир, а на вториот ден од обуката, кратко предавање одржа и началникот на Канцеларијата за односи со јавноста во Здружената команда на НАТО за операции, полковник Ерик Блум.

На обуката присуствуваа офицери и подофицери за односи со јавноста од Канцеларијата за односи со јавност, потчинетите команди и единици на ГШ на АРМ до ниво на баталјон, од Секторот за комуникации од МО на РМ и други старешини од АРМ.

Според програмата, од страна на предавачот од НАТО, на практичен начин и низ дијалог беа презентирани повеќе теми од односите со јавноста во воените организации а, меѓу другото, се разменија и голем број искуства од оваа област.

На првиот ден од програмата, од страна на предавачот беа презентирани брифинзи за организацијата и структурата и за функционалната област на односите со јавноста во НАТО (НАТО-регулативи од оваа област, НАТО-воени односи со јавноста - политика, принципи и организација), начинот на функционирање на односите со јавноста воопшто, како и дискусии поврзани со овие прашања.



Вториот ден се реализираше обука преку работилници за начинот на спроведување на интервјуа, прес-пакети, начин и содржина на пишување на соопштенија и за значењето на фотографијата за соопштенија, а на крај од дневната обука се реализираше и практична настава по синдикати, односно слушателите, поделени во неколку групи, ги изработуваа потребните продукти, а потоа истите се разгледуваа од инструкторот и се даваа забелешки. Во текот на денот свое излагање за важноста на односите со јавноста и за улогата на социјалните медиуми имаше полковникот Ерик Блум, кој претходните два дена учествуваше на Регионалната конференција за односи со јавноста која се одржуваше во организација на МО на РМ. Тој го истакна значењето кое го имаат односите со јавноста во НАТО и воопшто во воените организации во поддршка на реализација на мисијата на единиците.

Третиот ден на програмата на изведувачот се обработија темите: прес-конференции – начин на организација во НАТО, покани, соопштенија и практично изведување, односи со јавноста за време на кризни состојби, односно комуникација во кризи и начин на изработка на планови за односи со јавноста за поддршка на командантот и воената организација.

На крај од дневната обука повторно се реализираше и практична настава на учесниците поделени по синдикати. Научените лекции од оваа активност се дополнителен поттик за персоналот за односи со јавноста за проактивно афирмирање на активностите и на припадниците на Армијата на Република Македонија.

Обуката им беше од голема корист на старешините кои учествуваа на истата. Сите припадници на АРМ се стекнаа со нови знаења за принципот и начинот на работата на односите со јавноста во НАТО-организацијата, а и ги обновија постоечките знаења во однос на познавањето на оваа материја.

Воедно, од страна на претставниците на НАТО беше понудена стручна советодавна помош и обезбедување на потребната литература, но и понуда за понатамошна соработка во оваа област, при што од нивна страна ќе бидат понудени курсеви и прирачници во електронска форма кои ќе ги побараме.

Овој вид на обука од доменот на односи со јавноста се реализира за првпат во АРМ од страна на МТТ на НАТО, а покрај ова, лицата за односи со јавноста и останатиот персонал од АРМ, знаењата од оваа област ги стекнуваат во Регионалниот тренинг центар за односи со јавноста и на други курсеви надвор од земјата.

Кристина Илиевска



СРЕДБИ НА АВТОРИТЕТИ ЗА БЕЗБЕДНА И СИГУРНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕДОВНИ ПРЕДНОВОГОДИШНИ СРЕДБИ НА МИНИСТЕРОТ ЗА ОДБРАНА И НГШ СО БИВШИТЕ МИНИСТРИ ЗА ОДБРАНА И ГЕНЕРАЛИ НА АРМ

Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија како компактна целина која го сочинува најмоќниот безбедносен елемент во Уставот на нашата држава, мора да бидат во тековни контактни активности со многу институции и физички лица во државата, со цел наменски да се постават кон предвидената динамика и низ призмата на поширок дијалог, секогаш низ сопствените механизми на одлучување да ги донесат најдобрите одлуки и решенија за одбрана на државата.

Р. Македонија, гледано традиционално, физички и мултиетнички е неодвоен дел од еден поширок безбедносен концепт кој го наметнува новото време и кој е исклучиво врзан со членството во НАТО-алијансата во која, впрочем, се наоѓаат и повеќето држави од регионот и од нашето соседско опкружување. Тој стремеж резултира со мноштво активности во тој правец, проследени со заслужени признанија.

За сите тие теми, за ретроефектите, за сегашните предизвици и за концептот за одбраната во иднина, секогаш пред Нова година, врвот на Министерството за одбрана и АРМ во Домот на АРМ во центарот на Скопје разговараат со претставници на Комисијата за одбрана и безбедност при Собранието на Р. Македонија и со бившите министри за одбрана на Р. Македонија и некогашни генерали во АРМ.

Во две одвоени средби со работен ручек во различни денови, овие еминентни дијалози го разбудија интересот кај пошироката јавност и кај ТВ-екипите, така што заклучоците беа објавени и во влијателни јавни весници како важни теми во еден многу специфичен момент, првенствено за нашата но и за регионалната, континентална и светска безбедност. Министерот за одбрана Зоран Јолевски и началникот на ГШ на АРМ, генерал-потполковник Методија Величковски, во разговорите со поранешните министри за одбрана на Р. Македонија и поранешни генерали во АРМ, имаа можност одблизу сите да ги запознаат со актуелните и идни планови за модернизација на АРМ, да им посочат дел од поширокиите активности и процеси кои ја водат Армијата и Министерството во нови периоди и успеси, да отворат една поширока дебата за можностите за уште поинтензивни реформи и концепти кои би биле од конкретно значење за овие наши институции.

Се разговараше и за квалитетот на обуките и за стандардите во работењето на АРМ, но и за подготовките за самитот на НАТО што следниот јули ќе се случи во Варшава, самит од којшто Македонија многу очекува.

Оваа средба беше интригантна и за новинарските екипи кои ги имаше во голем број и кои министерот за одбрана на Република Македонија го прашуваа и за актуелните позиции на АРМ на нашата јужна граница, за миграцискиот бран, но и за тоа дали е пристигната новата опрема за биометриска регистрација, прашање на кое министерот Јолевски одговори дека е пристигната, но и дека ќе биде предадена во МВР како институција која е законски задолжена да раководи со истата.

На оваа средба говореше пред новинарите и првиот министер за одбрана во Владата на Р. Македонија, д-р Трајан Гоцевски, кој рече дека ако досега фокусот беше на функционирањето на АРМ во рамките на мисиите, сега веќе е време конкретно да се разговара за опремување, оспособување и кондиционирање на нашата армија за да може да се справува и со одредени домашни предизвици.

Претходниот ден, и претседателот на Собраниската комисија за одбрана и безбедност, Емил Димитријев, исто така зборуваше пред новинарите дека ова се исклучително важни работни средби поврзани со областа на одбраната, безбедноста и стабилноста на Р. Македонија, особено кога се во прашање директната размена на информации, ставови и предлагањето нови решенија.

Традиционалното одржување на овие средби е една силна симболика во интеграциската клаузула која МО и АРМ секогаш ја стават во концептот на сопственото работење низ сопствената отвореност и приемчивост да демонстрираат врвно ниво на разбирање за сите кои некогаш биле влијателни фактори во системот на македонската одбрана, првенствено во Армијата и во Министерството за одбрана.

Митко Василевски





ПРЕДНОВОГОДИШНО – НОВИНАРСКИ, ВО ПРЕУБАВИОТ МУЗЕЈ НА АРМ

КОКТЕЛ-СРЕДБА НА МИНИСТЕРОТ ЗОРАН ЈОЛЕВСКИ СО НОВИНАРИТЕ

Малку историја, малку сегашност, најмногу за иднината.

Во неформален амбиент, релаксирано, после интензивната 2015 година, редно беше со чаша вино да ја испратиме старата и да ја најавиме новата 2016 година. Многу стилски, со прекрасен амбиент и декор, Музејот на АРМ е одлична армиска експозитура за релаксирани разговори, средби, дружења, пријатни разговори. Идеален простор за историски потсетувања, свечени состаноци, коктели. Преубавите поставки кои ја отвораат богатата историја поврзана со настанокот на армијата и развојот на државата, силни илустрации, експонати, предмети кои укажуваат на периоди кои ја формираат денешнината, цврсто поставени на преубавиот бел мермер како под, оваа институција ја прават силен ретросегмент проектиран во денешнината за да потсетува на минатото, но и да дава насоки за иднината.

Верувам дека тој што ја осмислил средбата на министерот за одбрана на Република Македонија Зоран Јолевски со претставниците на медиумите кои го следат ресорот одбрана и Армијата на Република Македонија токму на ова место, имал изразено чувство за простор и естетска градација, токму кога се во прашање ваквите дружења.

Екипа од редакцијата „Штит“, како најповикана и најкомпетентна кога е во прашање Министерството за одбрана на Р. Македонија и АРМ, присуствуваше на овој симпатичен настан. Уредно и навреме дојдовме и низ срдечни разговори со вработените колеги во Музејот на АРМ малку поразговаравме околу концептот на ова армиска институција, за обемот на нивните активности, за идните проекции, за континуитетот во надградбата со нови поставки и за сè друго што е интересно за Музејот.

Ова беше речиси неформална средба, иако оваа влијателна институција, архивар на постоењето на АРМ, заслужува сосема длабок приод и разговори со претпоставените, за во некој од наредните броеви на „Штит“ да бидат адекватно застапени и третирани за најширокатa армиска читателска публика.

Доаѓаа новинари од повеќе реакции и неврзано разговора во меѓусебната комуникација, водени од премисата и во иднина да се најдат во стројот известувачи за МО и АРМ и за идните обврски кои ќе произлезат од истите.

Министерот Јолевски разговараше со сите за потоа по теркот на неформалниот протокол, со чаша в рака како здравица да се обрати пред присутните и да отвори еден мал сегмент од предвидените агенди за АРМ и МО за во следната 2016 година. Внимателно и прецизно одредени зборови отвораа теми кои се однесуваат на надворешните позиции на државата, гледано од аспект на НАТО-интеграцијата и претстојниот самит во Варшава, за значајното учество на АРМ во мисиите, за квалитетот на животот на вработените во МО и АРМ и за можностите како истиот да се подобри со проектот „АРМ мој вистински дом“ итн.

Непретенциозно, без какви било ограничувања, најпрецизно и концентрирано беа посочени дел од веќе споменатите содржини, за во својот завршен збор министерот Јолевски да поентира со една голема благодарност до сите редакции за веќе сработеното, со желби за добро здравје и големи успеси на личен и на семеен план до сите присутни.



Стручни луѓе од МО и АРМ со пресудна помош од целокупниот содржински арсенал во Воениот музеј на АРМ и оваа година направија Календар за 2016 година. Календарот е ефектно, уочливо и стилски аранжирано издание на чии страници доминираат слики од широката колекција на Воениот музеј, за прв пат во тој ретро-стил со впечатливо претставени графички и визуелни мотиви, почнувајќи од античко време па до денес. Слики од примитивни оруджа до најсофистицирани воени техники со кои е вооружена АРМ, преку мотиви од вечната борба на илинденците, на партизаните, сè до сегашноста. Календарот за 2016 година е спомен-календар, кој соодветствува на дигнитетот на државата и на Армијата.

Потоа преминавме на одличен коктел подготвен од вештите раце на готвачите од Домот на АРМ, за во препознатлив амбиент да продолжиме со дружбата и да отвораме нови содржини.

Опкружени со влијателни историски и воени поставки, слики и текстови, на маргините од ова релаксирано дружење во пресрет на Новата година, поминавме преубави мигови, кога човек може да го почувствува задоволството од сопствената професија, сумирано на крај од годината во која се реализирани работните цели и е направен приод кон содржините за понатамошно работење.

Овој настан за новинарите, во суштина беше и една голема новогодишна честитка на која се надоврзуваме и ние, Редакцијата на воениот магазин „Штит“.

Се надеваме дека сте задоволни од нашиот ангажман.

Среќна Нова 2016 година!

Митко Василевски



„РЕФОРМИ ВО ОДБРАНАТА“

НАСЛОВ ПРОИЗЛЕЗЕН ОД ПРОЕКТОТ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА, ВОЕНАТА АКАДЕМИЈА И ИНСТИТУТОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ, ОДБРАНА И МИР

Кон крајот на 2015 година во Домот на АРМ беше направена успешна промоција на книгата „Реформи во одбраната“, која е сублимат на сеопфатните напори кои ги вложи тим од експерти од областа на одбраната, врвни професори и научни истражувачи од неколку институции кои учествуваа во рамките на истоименит истражувачки проект. Проектот „Реформи во одбраната“ имаше цел во период од неколку години да направи сеопфатно истражување, анализа и теориска елаборација на објективната состојба во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија во однос на прашањата поврзани со реформските предизвици, но и да даде основа за можни решенија, идни проекции и подобрувања на состојбите. Во проектот учествуваа претставници од Министерството за одбрана, Армијата на РМ, професори од Воената академија и од Институтот за одбрана, безбедност и мир. Сето она што овие врвни експерти, научни истражувачи и теоретичари успеаја да го опфатат и да го изработат во рамките на проектот, беше сублимирано и во печатена форма промовирано пред јавноста во вид на книга со наслов „Реформи во одбраната“. Раководител на проектот беше д-р Оливер Бакрески, раководител на Институтот за безбедност, одбрана и мир, а координатор, д-р Димче Петровски, директор на ГШ на АРМ. Во изработката на проектот беа вклучени д-р Мухамет Рацај, ЗНГШ, д-р Ванчо Кенков, д-р Тања Милошевска, д-р Рина Киркова, д-р Сергеј Цветковски и д-р Горан Зенделовски од Институтот за безбедност, одбрана и мир, д-р Александар Главинов



и д-р Ненад Танески од Воената академија и д-р Игор Ѓорески од Министерството за одбрана.

Д-р Оливер Бакрески и д-р Димче Петровски вложија дополнителен напор како уредници и се погрижија книгата „Реформи во одбраната“ да се претстави пред читачката и експертска јавност и да остане трајно сведоштво за овој значаен проект од секторот на одбраната.

Рецензенти на книгата беа проф. д-р Трајан Гоцевски, проф. д-р Лидија Георгиева и проф. д-р Зоран Нацев, како докажани и врвни теоретичари и експерти од областа на безбедносните, одбранбените и мировните студии, кои воедно беа и поканети на чинот на промоцијата на книгата да кажат по некој збор за овој значаен проект и за публикацијата произлезена од него.

Ние, накратко ќе се задржиме на претставување на книгата „Реформи во одбраната“.

Концепциски книгата се состои од три глави и предговор. Во првата глава, именувана како „Реформи на безбедносниот сектор како концепт“ се опфатени теориски елаборации на самиот поим на реформите, реформите како специфичен концепт и реформите во контекст на одбраната. Исто така, обработени се транспарентноста и отчетноста како нужен императив на успешни реформи и како тие најадекватно да се имплементираат. Анализирани се и некои аспекти на трансформацијата на реформите во одбранбениот сектор, за на крај од оваа прва глава да бидат објаснети и резултатите од реформите.

Втората глава, именувана како „Реформи на одбранбениот сектор во Република Македонија – потреба од трансформација, во 7 точки ја опфаќа хронологијата на генезата, воспоставувањето, одредувањето модел во одбраната, формирањето на АРМ, формациско-организациските поставености, сè до започнувањето на суштинските реформи и откривањето на одредени слабости и недостатоци во рамките на последните неколку години.

Третата глава, која е и носечка и најобемна, се концентрира на „Интерпретацијата на резултатите од емпириското истражување за специфичноста на реформите во одбраната во Република Македонија.

На простор од околу стотина страници во книгата, во повеќе точки и потточки се интерпретирани резултатите добиени од емпириското истражување во однос на голем број прашања во врска со одбранбените реформи. Од интерпретираните резултати согледани се состојбите во врска со ефикасноста, издвојувањето за потребите на одбраната, концептот за соработка и поддршка на АРМ на полицијата и прашањето во однос на безбедносната средина и поставеноста на системот за одбрана. Пренесени се видувањата во однос на регрутниот наспроти професионалниот состав, прашањето за концептот на резервни сили, хиерархијата, субординацијата и интеграцијата на функциите. Елаборирано е и прашањето во врска со раководењето и управувањето со одбраната, опремувањето и модернизацијата, како и учеството на АРМ во меѓународни операции за поддршка на мирот. Истражувањето во рамките на проектот „Реформи на одбраната“ ги опфати и прашањата во однос на отвореноста на АРМ кон општеството, системот на образование и обука во одбраната, стручната подготвеност, политиката во одбраната и реализирањето на демократската контрола над вооружените сили.

Последната точка се однесува на теориските и апликативни согледувања од истражувањето во коешто, се поместени заклучните согледувања во однос на прашањата опфатени во истражувањето.

Ќе заклучиме дека пред јавноста се обелодени четиво кое прави сеопфатна и критичка, но воедно и конструктивна анализа на состојбите во однос на реформите во секторот одбрана, четиво кое задолжително мора да се прочита за да се продолжи во вистинската насока за донесување на вистински одлуки, остварување на сите потребни функции и сеопшт развој на овој витален и неопходен сектор.

д-р Жанет Ристоска



МЕШОВИТИ ТИМОВИ – ПОГОЛЕМ УСПЕХ

РОДОВИОТ АСПЕКТ ВО ПРОЦЕСОТ НА МЕДИЈАЦИЈА

Резолуцијата на Советотот за безбедност 1325 ја потврдува централната улога на жените во спречување и решавање на конфликти и во градењето на мирот, а воедно го истакнува и значењето на нивното еднакво учество и целосна вклученост во сите напори за одржување и промоција на мирот и безбедноста, како и потребата за зголемување на нивната улога во донесување одлуки во врска со превенција на конфликтите. Првите три препораки на Резолуцијата 1325 се: земјите-членки треба да ја зголемат застапеноста на жените во сите нивоа на донесување одлуки во националните, регионалните и меѓународните институции и механизми за превенција, управување и решавање на конфликтот; генералниот секретар на ОН го прави истото; генералниот секретар треба да назначи повеќе жени како специјални претставници и пратеници кои ќе ги водат во негово име канцелариите на ОН, како и да ги повика земјите-членки да обезбедат кандидати за вклучување во редовно ажурираниот централизиран список.

По донесувањето на Резолуцијата 1325, следуваа повеќе важни резолуции што придонесоа кон зголемување на посветеноста на владите и меѓународните организации за нивната имплементација. И покрај тоа, учеството на жените во мировните процеси и вклучувањето на родовите фактори во одлучувањето да се стави крај на конфликтите, останува ограничено. Во формалните мировни процеси сè уште има многу малку жени-медијатори. Во таа насока, родовите прашања треба да бидат од суштинска важност за одржливост на мирот во процесот на медијаторство. Поголем фокус на родовата застапеност во мировните процеси ќе придонесе за постигнување на повеќе одржлив мир.

Според наведеното се јавува потреба да се спроведат истражувања и анализи кои ќе помогнат во пронаоѓање начини за зголемување на застапеноста на жените на преговарачката маса и да се развијат стратегии за поттикнување и поддршка на актерите во мировните процеси, со што би се овозможил сериозен пристап кон родовите прашања. Воедно, тоа би придонело имплементацијата на Резолуцијата 1325 на Советот на безбедност да стане реалност при посредување во конфликтите.

Непобитен факт е дека меѓу високите посредници во конфликт кои се вклучени во мировните процеси денес, ретко се наоѓаат жени. Истражувањата откриваат дека има жени од кои може да се направи избор да бидат високи посредници ако им се даде шанса да го сторат тоа. Исто така, тие сугерираат дека перспектива на жените во причините и решенијата во конфликтот, нивниот пристап кон комуникација и решавање на проблемите и нивното присуство како жени и симболично и буквално, има значителни позитивни страни во комплексната арена на посредувањето во конфликти. Конечно, истражувањата даваат опции за акција за да се спротивстават на институционалната инерција и рамнодушност, како и свесните и несвесни предрасуди кои се детектирани. Овие опции вклучуваат раководство од генералниот секретар на ОН, за да се утврди зошто списоците на ОН не успеаја да го надоместат неуспехот, техниките, како што е улогата на модел, менторство и механизмите, како што се квотите и афирмативната акција. Аргументот дека жените треба да посредуваат во конфликти заедно со мажите, на хартија веќе е добро направено. Потребно е само да се имплементира во практиката.

Што работат медијаторите

Медијаторството во конфликт има тенденција да биде претставено како дел од тајна уметност, нешто тешко, таинствено и можеби помалку гламурозно дело, кое останува надвор од разбирањето на непосветените. Целта на медијаторството е да се воспостави договор и траен мир, наспроти предизвикот за вооружен конфликт. Медијаторот работи со сите страни во конфликтот, со цел пронаоѓање на практично решение за разликите помеѓу страните кои се вклучени во конфликтот и, ако е можно, да ги подготви за имплементирање на претпоставеното трајно решение во практика. Во суштина, работата на медијаторот е политичка и дипломатски работа, која ја вклучува целата моќ и способност за пристап, вклучувајќи го и користењето на таа моќ за да се постигнат тешки цели, како што е градењето на коалиции на промировно ориентираните страни, со цел тие да го поддржат процесот, како и за добивање и одржување на правото на сите „играчи“ кои се вклучени во процесот и за обезбедување на медиумска поддршка на процесот.

Истражувањата покажуваат дека мажите и жените имаат различни мотиви при влегување во преговори, а тоа може да се подели пошироко во задачи со специфични мотивации и меѓуделување со специфични мотивации. Релативната важност, со оглед

на мотивацијата, во голема мера зависи од ситуацијата, но, исто така, истражувањата покажуваат дека под влијание на родовите, жените ставаат поголема тежина во преговорите од аспект на интеракција, за разлика од мажите.

Истражувањата, исто така, покажуваат дека мажите и жените се разликуваат во нивната интерперсонална ориентација, односно во „степенот до кој поединците се заинтересирани и одговораат на интерперсоналните аспекти на нивните односи." Жените-медијатори имаат повисока интерперсонална ориентација од нивните машки колеги, при што жените се поистоветуваат во однос на нивните меѓучовечки односи во многу поголем обем отколку мажите. Тие често успеваат во повеќето преговори да ја вклучат димензијата на односите меѓу преговарачките страни. Ова доведува до поголема желба од страна на жените да ги поттикнат добрите, пријателски односи меѓу сите страни кои се вклучени во преговорите, вклучително и противниците.

Во контекст на меѓународните конфликти, аспектот на односите и праведноста во распределбата се важни црти за постигнување на траен мир.

Анализите на работата на машките и женските медијатори укажува на тоа дека присуството на една жена може да изгледа помалку заканувачки пред конфликтните страни, а со тоа воедно се промовира и помалку агресивна атмосфера. Еден (машки) медијатор опишува како „женски архетипи" можат да го заобиколат машкото его и да ја постигнат целта без никој да биде губитник во преговорите. Еден (женски) набљудувач, кој тесно соработува со активен (машки) медијатор во конфликтот, проценува дека „флертувањето помага многу, без оглед на полот". Терминот „флерт" тука се користи во својата најширока и најмалку сексуална смисла. Можеби уште поважно, шармот и способноста да се заведат луѓето често се споменуваат како клучни компоненти на медијацијата помеѓу раководството на конфликтните страни. Некои соговорници при истражувањата потенцираат дека доколку жените се вклучени во различни нивоа во преговарачкиот процес, можат да влијаат на смиреноста на луѓето, на промовирање на добрите односи и атмосфера на топлина и хумор. Но, со оглед на моментално малиот број жени-посредници и силниот консензус, дека шармот е речиси неопходен атрибут на секој медијатор, може само да се констатира дека се прави разлика помеѓу начинот на распоредување на мажите и жените. Жените, при медијација, со својот вроден шарм можат да влијаат позитивно на малтретирањето и на промена на неприфатливото однесување. Во согласност со наведеното, предрасудите како аргумент, дека би било несоодветно да се вклучат жените како медијатори во конфликт, се чини дека не е издржан.

Разрешување на меѓународни конфликти

Многу од горенаведените разлики, без разлика дали се резултат на реални или перцепирани полови разлики, стереотипни очекувања или одредени ситуации, имаат последици при меѓународно решавање на конфликти. Во контекст на меѓународните конфликти, прифаќањето на стилот на соработка или на компромис, наместо конкурентност, е голема предност. Поголема соработка произведува повеќе конструктивни резултати за страните кои се во спор. Дури и компромитирачкото однесување може да биде добра работа, на пример, во ситуации каде што е важно да се постигне профитабилен (но не најдобро можен) договор, но исто така и за одржување на добрите односи, или во случај кога зачувувањето на врската е поважно од дистрибутивните аспекти. Одбивањето да се постигне најдобар можен резултат може да ги „изгори мостовите" и да ги намали шансите за постигнување договор. Иако агресијата понекогаш може да ги поттикне преговарачките страни кон правење на подобра понуда, во меѓународните конфликтни ситуации, тоа може да доведе до ситуација двете страни да не успеат да постигнат договор, дури и кога тоа е во нивни интерес. Во контекст на мир, каде партиите често мора да коегзистираат, тешките тактики за договарање можат да го чинат скапо општеството. Според тоа, во ситуации на меѓународен конфликт, женскиот пристап на соработка може да биде попродуктивен во споредба со наклонетоста на мажите кон тешка преговарачка тактика.

Очекувањата за кооперативно дејствување ги зголемува шансите на преговарачките страни да делуваат кооперативно. Ефектот на „очекување на набљудувачот", способноста на учесниците да влијаат едни на други преку нивните очекувања, може да има позитивен ефект при посредувањето во меѓународен конфликт.

Според начинот на кој жените ги дефинираат нивните мотивации, постигнатите цели, како и нивната перцепција во општество, тие имаат тенденција да се однесуваат покооперативно и спогодбено. На тој начин да се има женски посредник или женски претставник на страните што се во конфликт, може да придонесе страните што се во конфликт да бидат покооперативни.

Во меѓународните конфликти, каде што акцентот е ставен на градење на пријателски, долгорочни односи, способноста на жените да ги приближи „различните" страни е исклучително важна.

Во преговорите премногу често се менува фокусот на преговори, што доведува до тоа страните да игнорираат други важни резултати, посебно релациските резултати кои се клучни за стабилизирање на преговорите во меѓународните конфликти. Тоа не е само ограничување, туку и скратување на погледот на односите само како инпут, ограничувања или инструменти за преговори, а не резултати што треба да се добие или да се изгуби, особено во меѓународните конфликти. Дадените актуелни или претпоставени цели на жената-медијатор за одржување на долгорочна хармонија во односите и нивната чувствителност за интерперсонални знаци, укажува на тоа дека тие најверојатно ќе бидат поуспешни во деликатни конфликти кои вклучуваат и идни односи, а воедно и помала е веројатноста да постигнат неуспех во постигнувањето на договор, за разлика од случаи кога преговарачот бил маж. Анализите покажуваат дека жените-медијатори имаа значително поголема веројатност да постигнат договор во посредувањето, за разлика од двајца машки преговарачи заедно.

Во меѓународните конфликти во кои се инволвирани повеќе страни (често оние обесправените), поимот на правичност води до постабилни договори. Истражувањата покажуваат дека во однос на рамнотежата во преговорите, жените имаат тенденција да бидат повеликодушни и порамноправни од мажите, а имаат помали очекувања. Наведеното најверојатно е можно заради тоа што жените се почувствителни од мажите за прашањата на целокупната праведност во преговарачкиот процес или поради поголемата наклонетост кон социјализација.



Интересна точка за напоменување е влијанието на мешаните тимови во преговорите. Експериментите покажуваат дека луѓето кои обично се однесуваат себично во нивните индивидуални одлуки во врска со распределбата во спорот, кога се составен дел од тим во кој се вклучени жени, стануваат многу повеќе дарежливи. Се чини дека при изборот во мешовити родови тимови, доминира понудата на жената. Следствено на наведеното, приклучувањето на жени во преговарачкиот тим ја зголемува великодушноста на целиот тим.

Виолета Куновска



КОНКРЕТНИ ЧЕКОРИ И МЕРКИ

ЕУ ВО БОРБА ПРОТИВ СОВРЕМЕНИОТ ТЕРОРИЗАМ

Во рамките на Европската унија се преземаат мерки и активности за справување со тероризмот кој ги загрозува основните вредности врз кои се заснова Унијата, а тоа, пред сè, се општите вредности на човековото достоинство, слобода, еднаквост и солидарност, како и почитувањето на човековите права и основните слободи. Европската унија е основана врз принципот на демократија и владеење на правото. Тероризмот претставува еден од најсериозните прекршоци на сите принципи.

Дефиницијата за терористичките кривични дела треба да биде усогласена во сите земји-членки, вклучително и оние престапи што се поврзани со терористичките групи. Понатаму, казните и санкциите треба да бидат обезбедени за физички и правни лица што извршиле или веројатно ќе извршат такви престапи кои се одразуваат на сериозноста на тие престапи.

Правилата за надлежност треба да се воспостават заради сигурност дека ќе се изврши ефикасно кривично гонење на терористичкиот престап.

Жртвите на терористичките престапи се ранливи и затоа во таа насока се неопходни посебни мерки.

Целите на предложената акција не можат да се постигнат едностарно од страна на земјите-членки, но може, заради потреба од реципроцитет, да се постигнат на ниво на Унијата, која може да донесе мерки во согласност со принципот на супсидијарност. Во согласност со принципот на пропорционалност, оваа рамковна одлука не го надминува она што е неопходно за постигнување на тие цели.

Оваа рамковна одлука ги почитува основните права што гарантирани со Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи и произлегуваат од уставните навики, заеднички за земјите-членки како принципи на правото на Заедницата.

Унијата ги почитува принципите утврдени со членот 6(2) од Договорот за Европска унија и што се одразени во повелбата за основните права на Европската унија, особено во глава VI од истата. Ништо од содржината на рамковната одлука не може да се толкува како намера за намалување или ограничување на основните права или слободи како што се правото на штрајк, слобода на собирање, здружување или изразување, вклучително и правото секој да може да формира и да се приклучува на синдикати заедно со други заради заштита на неговите интереси и сродното право на демонстрации.

Во наредниот дел ќе се обидеме да ги издвоиме некои од конкретните чекори на ЕУ во борбата со современиот тероризам за да се покаже дека тие, сепак, повеќе се потпираат на декларативна поддршка, отколку на координирана акција.

Имено, по терористичките напади на САД во 2001 година, ЕУ декларативно им даде поддршка на САД, но на теренот сè се сведе на поединечни акции на земјите-членки на ЕУ отколку на координирана акција на Унијата. Во антитерористичката коалиција учество земаа вооружените сили на земјите-членки, но не врз основа на европската перспектива и заложби, напротив, врз основа на билатералната соработка која одделните земји-членки ја негуваа со САД.

Мора да се нагласи дека и „Ал Каеда“ брзо ја согледа оваа аномалија, при што со нападите во Мадрид предизвика Шпанија да ги повлече своите сили од Ирак. Со сличен предизвик се соочија и некои други земји.

И покрај сериозноста со која се закануваше меѓународниот тероризам, сè до нападите од 11 септември тој не го доби



потребното внимание од страна на ЕУ. Заради политичките интереси, тежиштето на загриженост околу употребата на вооружена сила беше врз трите најфреквентно споменувани закани: организираниот криминал, внатрешните конфликти и меѓународните конфликти. Нападите од 11 септември, сепак, го сменија ваквиот пристап.

САД и Велика Британија решително го отфрлија традиционалниот пристап за справување со тероризмот и пристапија кон концептот на третман на тероризмот преку примена на правилата за внатрешен вооружен конфликт во кој стратегијата се заснова на комбиниран ангажман од полициски и воени сили, новиот пристап на претходната група држави во справувањето со тероризмот е како кон меѓународен вооружен конфликт, односно дека во прв план, за справување со меѓународниот тероризам ќе се користат воени сили. Овој концепт, за жал, беше прифатлив само за одделни членки на ЕУ, но не и за Унијата.

ЕУ во својата безбедносна стратегија го смени пристапот кон тероризмот како „чиста и присутна опасност која ја наметнува потребата од поинаков пристап во размислувањето на употребата на сила во меѓународните односи“. Оваа стратегија ја промовира демократијата, дијалогот и доброто владеење како начин за справување со тероризмот.

Стратегијата за борба против тероризмот на Европската унија е базирана на четири столбови: „спречи“, „заштити“, „продолжи“ и „одговори“.

Од друга страна, пак, од заклучоците донесени од страна на Европскиот совет од 21 септември 2001 година може да се констатира дека постои широка вербална поддршка од страна на Европската унија околу правото на САД да одговори со употреба на воена сила.

Уште повеќе, на 8 октомври 2001 година, Европскиот генерален совет за надворешни односи изјави дека: „ЕУ ја изразува својата целосна солидарност и срдечна поддршка за акцијата на САД, која е преземена во име на самоодбрана во согласност со Повелбата на ООН и Резолуцијата на ГС на ООН 1368 од 2001“.

Сепак, се чини и покрај силната вербална поддршка на акцијата на САД, изостана активното учество на Унијата во мисијата „Enduring Freedom“ против Авганистан. Од меѓународно-правна и институционална гледна точка постои разбирање и оправдување за вакуумот помеѓу активната и декларативната поддршка изразена од ЕУ во полза на акцијата на САД.

Во согласност со членот 17(2) од Договорот во Амстердам, надлежноста на ЕУ на воен план беше ограничена само со „хуманитарни и спасувачки задачи, задачи за чување на мирот и употребата на борбени сили за управување со кризи, вклучувајќи и креирање мир.“ Тоа значи дека правната рамка во која земјите-членки на ЕУ можеа да дејствуваат офанзивно, во случај кога тие не се директно нападнати, е за време на борбени операции со кои треба да се наметне мирот или да се менаџира криза, што секако не е случај со Авганистан.

Од сето ова, а имајќи предвид дека со новиот Устав не настанаа речиси никакви промени на овој план, недвосмислено произлегува дека ЕУ, онака како што е дизајнирана во моментот, не е подготвена ефективно да се справи со современите закани од тероризмот.

Координаторот на ЕУ за борба против тероризмот, Жил де Керков, во декември 2010 година за МИА изјави дека Европската унија одвојува малку пари за борбата против тероризмот во момент кога транспортната мрежа не е доволно заштитена. Тој ја повика ЕУ да ја зголеми помошта за развој на регионите со екстремистичка дејност, како Јемен, Пакистан или Африка јужно од Сахара, и да одвои повеќе средства за да им помогне на владите да се изборат со екстремистите. Треба да има значителна промена во размерот на сумата, која Унијата ја издвојува за антитероризмот. Ако ЕУ сака да биде сериозен актер во постигнувањето глобална безбедност, тогаш таа треба на тоа да ги посвети потребните ресурси, се наведува во писмената изјава на Де Керков.



Меѓутоа, механизмите кои ЕУ ги има за стандардизација и хармонизација во голема мерка можат да влијаат на зајакнување на регионалната соработка во справувањето со овие современи закани. Од друга страна, се покажа дека регионалната соработка во справувањето со ова глобално зло е еден од можните вистински одговори.

Регионалната соработка, аргументирано, може да биде соодветен безбедносен одговор за заканите од современиот тероризам, поради тоа што во себе содржи предуслови на кои почива и преку кои оперира оваа закана. Впрочем, повеќе од јасно е дека земјите од даден регион делат слични, безбедносни, политички, економски, социјални, културни и историски перспективи и предизвици. Од друга страна, после физичкото уништување на „Ал Каеда“ во Авганистан по операцијата „Анаконда“, „Ал Каеда“ доживеа неочекувана трансформација. Таа трансформација, како што видовме претходно, се состои во тоа што само идејата на „Ал Каеда“ остана централизирана. Сè друго, па дури и тактиката на оперирање на групите кои од различни региони се поистоветија со „Ал Каеда“, е карактеристично за регионот. Ако се има ова предвид, но и ако се знае дека од практиката на САД и на антитерористичката коалиција не е можно справувањето со современиот тероризам само преку употребата на воена сила (како еден од инструментите на национална моќ), станува јасно зошто регионалната соработка може да биде ефективна во борбата против тероризмот. Во тој контекст, на пример, се напорите и активностите за интегрирано гранично обезбедување. Преку централизираната база за размена на податоци се обезбедува ефективен проток на информации. Тоа може да биде соодветен лек за досегашната инертност и за бирократските процедури кои го отежнуваа соодветниот одговор на тероризмот.

Во контекст на регионалната соработка, во јануари 2014 година ЕУ и Русија на еднодневниот самит во Брисел потпишаа заедничка декларација за борбата со тероризмот.

Во договорот, особено е потенцирано дека двете страни имаат намера да ги испитаат можностите за натамошно зајакнување на соработката како одговор на злосторствата извршени од терористите и организираниот криминал, вклучително и проучувањето на перспективата за потпишување иден договор за соработка, со цел да се обезбеди размена на информации во борбата против тероризмот.

м-р Драган Марковски



НАТО

РЕЛАЦИИ НА АЛИЈАНСАТА СО ОН

НАТО ги проширува своите капацитети за соработка со партнерски земји, меѓународни и невладини организации и локални власти, со цел управување со кризи и сопствено зајакнување. Алијансата, особено гради поблиски партнерства со актери кои имаат искуство и вештини во областите како што се градење на институциите, развојот, управувањето, судството и полицијата. Тоа се однесува на соработката со ОН и агенциите на: ОН, ЕУ, ОБСЕ, Светската банка, Меѓународната организација за миграции, Интерпол и Лигата на арапските држави. На Самитот на НАТО во Велс, во септември 2014 година, министрите за надворешни работи на НАТО за првпат одржаа состанок со високиот претставник на ЕУ за надворешни работи и безбедносна политика, со претседавачот на ОБСЕ и со генералниот секретар на Советот на Европа, за да разговараат и да договорат поблиска соработка за прашања од заеднички интерес.

НАТО-релации со ОН

Соработката помеѓу двете организации започна во септември 2008 година, кога генералните секретари на двете организации се согласија да се воспостави рамка за проширени консултации и соработка. Рамката се однесува на прашања од заеднички интерес, вклучувајќи комуникација и размена на информации, градење на капацитетите, обука и вежби, научени лекции и оперативна координација и поддршка. Постојат голем број комисии и тела на ОН кои се поставени со цел да се одговори на предизвиците на тероризмот, на ширењето на оружјето за масовно уништување и средствата за нивна примена, на промовирање на правата и улогата на жените во конфликт, заштита на цивили, вклучително и заштитата на децата погодени од вооружен конфликт, нелегалната трговија со мало и лесно оружје и заштита од катастрофи.

Генералниот секретар на НАТО редовно доставува извештаи до генералниот секретар на ОН за напредокот и мандатот на операциите предводени од НАТО, а соработува и со Северноатлантскиот совет во областа на управувањето со кризи и во борбата против тероризмот. Во последниве години, состаноците на вработените и посетите на високо ниво станаа сè почести, а ОН често се поканети да присуствуваат на состаноците и самитите на НАТО. Од друга страна, генералниот секретар на НАТО учествува во Генералното собрание на ОН, а се одржуваат и состаноци на годишно ниво помеѓу секретаријатите на НАТО и ОН.

Во 2010 година, по потпишувањето на Декларацијата за соработка помеѓу ОН и НАТО, Алијансата ја воспостави функцијата цивилен офицер за врски на НАТО во Обединетите нации, со цел сеопфатен пристап кон управувањето и одлучувањето во криза.

Стратегискиот концепт на НАТО од 2010 година і дава за право, но и обврска на Алијансата да преземе мерки за управување со конфликти и стабилизирање на постконфликтни ситуации, вклучително и потесна соработка со меѓународните партнери на НАТО со ОН. Поврзаноста е особено изразена преку резолуциите што ги носат ОН, а се однесуваат и на активности поврзани со НАТО. Резолуциите на Советот за безбедност на ОН го пропишаа мандатот за операции на НАТО во Западен Балкан, во Авганистан и во Либија. Тие, исто така, ја предвидоа рамката на НАТО-мисијата за обука во Ирак. НАТО има обезбедено поддршка на спонзорирани операции од ОН, вклучително и логистичка помош за мировни операции на Африканската унија во Дарфур, во Судан и во Сомалија. Следува поддршката на операциите за спасување при елементарни непогоди во Пакистан (после силниот земјотрес во 2005 година) и придружбата на трговски бродови со хуманитарна помош во близина на брегот на Сомалија од страна на Светската програма за храна.

Генералниот секретар на НАТО, Столтенберг, за глобалните безбедносни предизвици разговараше со генералниот секретар на Обединетите нации, Бан Ки Мун, за време на отворањето на министерската сесија на Генералното собрание на Обединетите нации. Разговорите во целина се фокусираа на кризата во Украина и на конфликтите на Блискиот Исток и во Северна Африка. Столтенберг го информираше генералниот секретар на ОН за напорите на НАТО да се



изгради капацитетот за одбрана на земјите на Блискиот Исток и во Северна Африка. Во тоа време се празнуваше 70-годишнината на ОН, а двајцата лидери ја изразија својата поддршка за поблиска соработка во иднина. Столтенберг истакна дека НАТО е подготвен да ја зајакне поддршката на ОН во повеќе области, вклучително и заштита од импровизирани експлозивни направи, обука, образование, вежби и брзо распоредување на силите.

Полиња за заемна соработка на НАТО и ОН

Соработката на НАТО и ОН особено се однесува на следните полиња од заеднички интерес:

– *Борба против тероризмот*

НАТО активно придонесува во работата на Комитетот за борба против тероризмот на ОН, утврден во согласност со Резолуцијата на Советот за безбедност (UNSCR) 1373 после терористичкиот напад на САД од 11 септември 2001. Учествува на посебни состаноци на Комитетот и спроведува реципрочни брифинзи за напредокот во областа на борбата против тероризмот. НАТО е посветен на поддршката на Глобалната стратегија за борба против тероризмот на ОН.

– *Неширење на нуклеарното оружје*

НАТО придонесува кон работата на Комитетот на Советот за безбедност на ОН, особено по усвојувањето на Резолуцијата 1540, која се однесува на закана за меѓународниот мир и безбедноста од ширењето на нуклеарно, хемиско и биолошко оружје. Во тој контекст, почнувајќи од 2004 година, Алијансата организира серија на меѓународни семинари за неширење на оружјето, со активно учество на партнерските земји и меѓународните организации.

– *Заштита на жените, мирот и безбедноста*

НАТО останува посветен на целосна имплементација на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста и други резолуции кои се во насока на заштита и унапредување на правата на жените, улогата и учеството во спречување и завршување на конфликти. Во август 2012 година, генералниот секретар на НАТО назначи специјален претставник на НАТО по однос на овие прашања.

– *Заштита на децата во вооружени конфликти*

НАТО останува посветена на спроведувањето на Резолуцијата 1612 и слични резолуции за заштита на децата погодени од вооружен конфликт. Во 2012 на Самитот на НАТО во Чикаго, лидерите на НАТО ја изразија својата загриженост во поголем спектар на закани на децата во вооружени конфликти и остро ги осуди. Децата сè повеќе се подложни на регрутирање, сексуално насилство и целни напади.

– *Мало и лесно оружје*

НАТО, исто така, придонесува за Програмата на ОН во акцијата за спречување, борба и искоренување на недозволената трговија со мало и лесно оружје во сите негови аспекти, донесена во јули 2001 година од страна на речиси 150 земји, вклучувајќи ги и сите земји-членки на НАТО. Се состои од мерки на национално, на регионално и на глобално ниво во областа на законодавството, уништување на оружјето кое е конфискувано и запленето и идентификување и следење на нелегалното и лесно оружје.

– *Катастрофи*

Соработката со ОН продолжува во рамките на операциите за спасување при елементарни непогоди. Преку Координативниот центар за евроатлантска реакција при елементарни непогоди (EADRCC), НАТО ги координира напорите и споделува информации за помош при непогоди. Сите задачи од овој центар се вршат во соработка со Канцеларијата на ОН за координација на хуманитарните прашања која, пак, има примарна улога во координацијата на меѓународни операции за спасување при елементарни непогоди.

Примери на соработка на НАТО и ОН

Работните односи меѓу Обединетите нации и Алијансата беа ограничени за време на Студената војна. Ова се промени во 1992 година поради конфликтите во регионот на Западен Балкан. Соработката беше насочена кон воспоставување мир во поранешна Југославија. Во јули 1992 година, бродови на НАТО кои припаѓаат на постојните поморски сили на Алијансата во Медитеранот, со помош на поморската патрола од авиони, започна со следење во Јадранското Море во знак на поддршка на ембаргото за оружје на ОН против сите републики од поранешна Југославија.

Неколку месеци подоцна, НАТО и Западноевропската унија започнаа со поддршка во спроведување на резолуциите на Советот за безбедност на ОН за спречување на ескалација на конфликтот. Беа обезбедени операции за блиска воздушна поддршка (Close air support) за силите на Обединетите нации (УНПРОФОР) под надлежност на Советот на НАТО и Европа. По потпишувањето на Рамковниот договор за мир (Дејтонскиот договор) во 1995 година во Босна и Херцеговина му беше даден мандат на НАТО од страна на Обединетите Нации. Ова се случи врз основа на Резолуцијата 1031 на Советот за безбедност на ОН, за имплементација на воените аспекти на мировниот договор. Прва мировна операција на НАТО беа Силите за имплементација (ИФОР). Една година подоцна, беа заменети од страна на силите предводени за стабилизација (СФОР).



Втор пример за соработка е распоредување на силите за Косово (КФОР) врз основа на Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ОН од 12 јуни 1999 година, со цел да се обезбеди присуство на меѓународни безбедносни сили, како предуслов за мир и реконструкција на Косово.

Соработката меѓу НАТО и ОН ја имаше својата клучна улога во Авганистан. Во август 2003 г., Алијансата официјално ја презеде функцијата на Меѓународните безбедносни сили за помош (ИСАФ) со мандатна ОН. НАТО и ИСАФ соработуваат тесно во мисијата на Обединетите нации за помош во Авганистан (UNAMA) и со други меѓународни актери кои го поддржуваат владеењето на правото, обновата и развојот. Според условите во Резолуцијата 1546 на Советот за безбедност на ОН и на барање на ирачката привремена влада, НАТО обезбеди помош во обуката и опремувањето на ирачките безбедносни сили во текот на НАТО-мисијата за обука од 2004 г., сè до крајот на 2011 г.

Во јуни 2005 година, на барање на Африканската унија и во тесна соработка со Обединетите нации и Европската унија, НАТО се согласи за поддршка на мисијата на Африканската унија во Судан, која се обидува да стави крај на насилствата во регионот Дарфур. Понатаму, на барање на Африканската унија во 2007 година, НАТО прифати да ѝ помогне на мисијата на Африканската унија во Сомалија (AMISOM) преку обезбедување поддршка за воздушни мостови до државите на Африканската унија подготвени да распоредат сили за оваа мисија.

Во октомври 2008 година, за да ја одврати „пиратеријата“, НАТО се согласи со барањето на генералниот секретар на ОН за распоредување бродови во близина на брегот на Сомалија и за придружба на трговски бродови кои носат товар на Светската програма за храна.

И, конечно, НАТО-сојузниците решија да ја преземат целата воена операција во Либија, во согласност со Резолуцијата 1973 на Советот за безбедност на Обединетите нации. Сојузниците реагираа брзу и одлучно за да се спроведе ембаргото на оружје со зоната на забранети летови во операцијата „Унифициран заштитник“.

Драган Павловски




КОНЦЕПТ НА „OODA ЈАМКА“

ЗА КОМПЛЕКСНОСТА НА ПРОЦЕСИТЕ ПРИ ДОНЕСУВАЊЕТО ОДЛУКА

Несомнено, најголемата промена во воените работи во 20 век беше развојот на воздухопловната моќ. Истовремено, додека авионите како средства за војна го променија изгледот на војната, пилотите како специфичен тип на луѓе дадоа значителен придонес да се развие теоријата за модерно војување. Прв во ова бил пилотот Вилијам Били Мичел („Штит“ бр. 45), кој за промена употребил критично, креативно и логично размислување за да ја развие воената теорија за идните војни. Неговиот придонес е легендарен и тој се смета за татко на американското воено воздухопловство. Но, колку авионите ги правеле побрзи и помоќни, толку повеќе се зголемувале и критериумите да се биде пилот. Следните генерации на пилоти морале да размислуваат побрзо и попаметно, што генерирало профил на уште поостроумни луѓе од кои произлегоа нови воени теоретичари за модерниот начин на војување.

Американскиот пилот-ловец, полковник Џон Бојд (1927-1997), се смета за првиот постмодерен стратег и творец на концептот на „OODA јамка“ (Observation, Orientation, Decision, Action). Како инструктор за летање бил познат по тоа што никогаш не изгубил обложување дека за помалку од 40 секунди ќе го победи некого во симулирана борба, и тоа почнувајќи од неповолна позиција. Директно бил вклучен во дизајнирање на авионите „Ф-15“ и „Ф-16“, а посебно значајна е неговата улога во развојот на стратегијата за напад врз Ирак во 1991 година. Неговата воена теорија е применлива ширум светот, и тоа не само во воените работи туку и во други сфери чиј опстанок зависи од зголемување на ефикасноста во работата. Тоа што било карактеристично за него како човек е сличниот темперамент како и на Вилијам Мичел: не замолкнувал пред авторитетите кога сметал дека нешто што се прави е погрешно. Бил познат по тоа што не се двоумел да ги навреди претпоставените за краткогледост и бирократија. Исто како и Вилијам, Бојд развил репутација на страствен, тврдоглав и упорен борец кој ја ризикувал кариерата за доброто на војската и татковината.

Бојд го развивал концептот на „OODA јамка“ со години. Идејата му се родила како пилот на „Ф-86“ во Корејската војна, уочувајќи дека пилотот во воздушна борба мора постојано да реагира во однос на промените околу него. За да победи против „Миг-15“ кој имал подобри перформанси, пилотот на „Ф-86“ морал да донесе правилна одлука многу побрзо отколку противникот. Концептот на „OODA јамка“ се состои од четири чекори кои се преклопуваат и кои секој човек или организација несвесно ги процесира во секоја интеракција со средината: набљудување, ориентација, одлука и акција. Од квалитетот на овој циклус зависи степенот на приспособливост кој е критичен за преживување на секоја индивидуа или организација.



Основна цел на секој систем е да го ограничи или прекине противничкото дејство. Јамката создава фрикција за противникот преку брзина и темпо на дејството кое се повторува со подобрени корекции, сè додека не се оствари крајната цел. Преку набљудување се стекнуваат информации, се согледува нивото на несигурност и исходот на акцијата. Преку ориентација постојано се врши анализа на боиштето. Одлуката е најлогичната хипотеза, а акцијата е тестрање на таа хипотеза. Повратната спрега на јамката обезбедува казуалност меѓу акцијата и набљудувањето и го затвора кругот. Одлуката зависи од набљудувањето, бидејќи постојано ја проверува релевантноста на информациите.

Денешниот процес на донесување воена одлука е врзан и самиот во јамката на Бојд. Штетно е доколку тој се одвива линеарно, со последователност на чекорите. Вториот чекор, анализата, треба да е во јамка со последниот, бидејќи по издавање на наредбата, планирањето не завршува. Дури и во самиот процес за првично донесување на одлука, тој не би требало да биде линеарен. Релевантноста на јамката на Бојд е очигледна и во системот на командување и контрола. Додека првото дава насоки, второто овозможува корекции. Командувањето е

во тесна врска со лидерството, можност да се набљудува и да се цени што е добро, а што лошо. Командувањето и контролата преку лидерството го обликуваат системот да се приспособува на промените и условите.

Постојат повеќе контраверзности во врска со јамката на Бојд. Најголемата заблуда е што таа често се толкува онака како што е нацртана, како кружен, последователен тек на нејзините чекори: прво да се набљудува, потоа да се ориентира, па да се одлучи и на крај да се реагира. Проблемот е во тоа што ова никогаш не функционира по тој редослед. Организмите не престануваат да набљудуваат додека донесуваат одлуки, или барем оние кои преживуваат не го прават тоа. Тоа не е добра формула за победа против паметен и силен противник. Бојд истакнал дека ориентацијата е најважниот чекор од јамката, но не престанува за време на другите три чекори. Концептот на ориентација е богат и комплексен, впрочем во сите војски тоа е меѓу првите лекции што војниците ја учат. Ориентацијата го наведува набљудувањето и ги обликува одлучувањето и акцијата. Таа има централна улога во однос на останатите чекори, бидејќи по пат на повратна спрега истовремено се храни од нив додека прави корекции.



Повеќе денешни аналитичари и критичари или погрешно или површно ги сфаќаат стратегиските размислувања кои ги развил Бојд. OODA-јамката има многу подлабоко значење отколку што на прв поглед се чини и нејзините принципи може да се применат и надвор од воените работи. Јамката нуди објаснување за функционирање и развој на секој систем. Со јамката на Бојд се објаснува тактичкото и оперативното ниво на војување, но и работата на која било организација, со оглед на тоа што тие се однесуваат како живи организми. Низ процесот на јамката се гледа создавањето и растењето на која било организација на сите нивоа, на пример од основна воена единица до цела армија, бунтовнички, герилски или терористички организации, па сè до фирми, компании и држави во целост.

За да се сфати некоја теорија, треба да се запази временскиот контекст во кој таа е развиена. Бидејќи Бојд ја развил неговата јамка под влијание на постмодернистичките теориите за комплексни, хаотични и турбулентни структури, тој се смета за прв постмодерен воен стратег. Може да се оди дотаму, да сметаме дека сè пред него, главно, е линеарно размислување за војната. Неговиот пристап за стратегиско размислување е револуционерен. Прво, вредноста на неговата работа се гледа во начинот на кој го развил аргументот, користејќи математички модели кои го опишуваат модерното општество. Иако карактерот на војната останува ист, војувањето неизбежно еволуира. Ако една војска се потпира само на старите теории во врска со начинот како се доживува војната, таа ќе биде чекор назад зад војските кои се приспособуваат на новите услови. Според историчарот Гадис, сè што правиме денес веќе е минато.

Затоа постојано треба да се потсетуваме дека одредени теории се релевантни само во одредено време. Според Клаузевиц, воената теорија треба да се проучува, да се пребарува низ минатото, бидејќи секогаш е затворена во одредено време. Сосема е можно принципите на војната да бидат извадени од контекст и погрешно да се применат во анализа на изминати битки, со што се прикажува нешто што всушност не постои. Самиот Клаузевиц предупредил за парадоксалната природа на воената стратегија и стратегиската теорија. Парадоксот е во тоа што ако таа како општествена теорија отстапува од моделот на теорија во природните науки, тогаш може и да не се смета за теорија, туку како сет од искази и хипотези.

Бојд ја опишал војната како судир на два нелинеарни, комплексно-приспособливи системи или системи кои не само што учат, туку и се натпреваруваат во генерирање на нови промени. Неговите ставови сугерираат дека војната произлегува од безброј фактори, и со тоа одлучно го напаѓа концептот на тројството на Клаузевиц, нудејќи основа за поновиот концепт на четвртата генерација војување и најновиот за еволуција на хибридна војна. Ако Клаузевиц тврдел дека воената организација мора да биде приспособлива, јамката на Бојд го нуди токму тоа: општа теорија на стратегиско однесување на комплесни системи во променливи услови. Тој не се потпира само на една научна дисциплина, така што јамката е комбинација на повеќе дисциплини, и тоа ѝ дава интердисциплинарност во повеќе сфери во животот.

Бојд демонстрира два начини за поврзување на менталните концепти за да ја претстават реалноста, дедуктивно (од општо кон посебно) и индуктивно (од посебно кон општо). Според него, големата стратегија треба да ги поврзува тактичките и стратегиските работи преку националната волја. Големата стратегија ќе ги поддржи националните цели само ако издејствува решение, кое ќе го заврши конфликтот со прифатливи услови и ако обезбеди решенија за мир кои нема да генерираат иден конфликт. Преку принципите на војната се обидуваме да го опишеме и да го предвидиме континуитетот на војната, но тие постојано се менуваат поради непредвидливи промени кои секогаш се случуваат (воени изуми како тенк, авион, атомска бомба).

Ако го земеме предвид Хајзенберговиот принцип за неодреденост за да ја објасниме динамиката на војската како систем, заклучуваме дека колку повеќе се набљудува, толку поголемо влијание се прави. Обидот да се сфати системот е влијание врз него и секоја одлука ќе следува со нови корекции. Тоа значи дека јамката на Бојд не е измислен модел за работа туку природен механизам кој отсекогаш постоел. Сфаќање на поврзаноста на јамката само ни дава појасна слика за функционирање на војската како организација. Постои став дека не може реално да се сфати системот доколку сме дел од него. Треба да се набљудува



однадвор за навистина да се проучи. Ова е логично само по себе, затоа и борбената готовност на една единица пореално ја проверува претпоставениот, кој е надвор од системот (единицата која се проверува).

Вооружените сили треба да се сфатат истовремено како органски систем (жив организам кој учи, еволуира и преживува) и како систем кој функционира во еден поголем отворен систем (општеството и неговото оперативно опкружување). Секоја промена во доктрината, тактиката, опремувањето, организација или трансформација на војската, треба да биде оправдана реакција на организмот во однос на акцијата на опкружувањето. Бидејќи војските многу подолго време поминуваат во мир отколку во војна, теоријата на Бојд е релевантна не само за водење војна, туку и за правилен развој на војската како институција во нормални услови.

Ѓорѓи Вељовски



ХУМАНОСТА НЕ ПРИЗНАВА ГРАНИЦИ И НАЦИОНАЛНИ РАЗЛИКИ

АМЕРИКАНСКИ МЕДИЦИНСКИ ТИМОВИ НА МАКЕДОНСКИОТ ФРОНТ 1915–1918 ГОДИНА

Непосредно пред избувнувањето на Првата светска војна и во првите поголеми воени операции и борби на Балканскиот фронт во 1914 година за воени потреби биле ангажирани бројни човечки и материјални потенцијали од делот на територијата на Македонија кој по Букурешкиот мировен договор му припаднал на Кралството Србија. Илјадници Македонци биле мобилизирани и гинеле во првите борбени редови на Армијата на Кралството Србија во одбрана на Северниот фронт од нападите на Австроунгарската војска во 1914 година. Покрај жртвите на бојното поле, „големата војна“ носела жртви и од бројни рани и заболувања кои се појавиле во Македонија од самиот почеток на војната и за време на опстојувањето на Македонскиот фронт од 1915–1918 година.

Хуманитарната улога на бројни меѓународни организации, поединци, експерти и волонтери кои му помагале на македонскиот народ и македонското население, е забележана во бројни мемоарски и литературни дела, фотографски материјали и архивска документација која ни дава основа за истражување на хуманитарните мисии за лекување на ранети и болни и спроведување на дел од обврските од Хашките конвенции кои освен делумно за улогата на Црвениот крст, со медицинските мисии во најголем дел не биле почитувани во случајот на Македонија и Македонците во време на Првата светска војна. Надвор од политиката посебно е значајно да се истакнат активностите, хуманоста и посветеноста на странски медицински лица дојдени во Македонија за време на Првата светска војна, од кои голем број настрадале и починале за



време на вршењето на својата мисија во Македонија. Особено значајна е улогата на американските медицински тимови кои биле испраќани во Македонија од декември 1914 година, па сè до завршувањето на војната и потпишувањето на Версајскиот мир. Американските лекари, специјалисти, медицински сестри, волонтери и други хуманитарци работеле на територија на Македонија во рамките на организацијата на американскиот Црвен крст.

Првата американска болница на територија на Македонија била организирана во декември 1914 година во Гевгелија, под раководство на д-р Етан Флег Батлер и д-р Ернст Магрдуред, и двајцата од Вашингтон, а помошници биле хирургот Џејмс Ф. Донели од Бруклин, Клапам Кинг од Анаполис и Мортон Лејн од Њу Орлеанс, на копи им помагале 12 медицински сестри. Под многу тешки услови, во недостаток на основни средства за работа, американскиот медицински тим во почетокот лекувал 175 ранети војници од двете спротивставени страни во зграда за преработка на тутун, искористена и адаптирана во воена болница. Како најголем недостаток се наведувала потребата за чиста вода. Набрзо во такви услови се појавиле тифусот и тифусната треска, која набрзо ќе се прошири не само кај населението и болните и ранети војници, туку ќе зафати и голем број на членови на американскиот медицински тим – доктори и медицински сестри. Меѓу жртвите бил и д-р Џејмс Ф. Донели кој починал на 21 февруари 1915 година и бил погребан во Гевгелија. Гробот на д-р Донели е зачуван и денес се наоѓа во Гевгелија, а сведочи дека хуманоста не признава граници и национални разлики, туку е одлика на херојство и пожртвуваност за доброто на човештвото и како таква е потребна да се истражува и презентира во јавност. Ова е само еден пример на пожртвуваноста на американскиот народ и на поддршката и соживотот што Македонците и Американците го имале и на американска почва, но и на територијата на Македонија во минатото.

Медицинските записи на доктор Џејмс Ф. Донели се објавени во „Њујорк тајмс“ на 15 мај 1915 година и претставуваат особено значаен извор за случувањата во Македонија во почетокот на Првата светска војна. Во дневникот на доктор Донели хронолошки се наведени позначајните настани од денот на неговото пристигнување во Гевгелија на 18 декември 1914 година, сè до шест дена пред неговата смрт на 18

февруари 1915 година. Во овој значаен историски извор од раката на докторот, кој е директен учесник во лекувањето на болните и ранетите, е пресликана хуманитарната катастрофа како резултат на првите воени дејства во Првата светска војна, катастрофа која не разликувала националност, пол, етникум или вера, туку немилосрдно сеела смрт на луѓето низ Македонија и ширум светот. Во дневникот е наведено: ,,Гевгелија, Македонија, 18 декември. Пристигнав овде напладне и ја посетив фабриката за свила, која е претворена во болница со 2000 пациенти. Таква глетка исполнета со страдање прави на секој срцето да му крвари. Се надевам ќе можам да дадам сè од себе и да помогнам. 19 декември – ја направив мојата прва операција овде и извадив куршум од вратот на еден српски војник и денес ги преврзав раните на околу 100 пациенти. Условите за работа се ужасни. 20 декември – овој мал град на јужниот дел од Србија има прекрасна клима и не сме изложени на никаква опасност, додека војната трае 500 милји северно и ранетите се испраќаат овде со воз. Страдањето на овие кутри луѓе е жално, а нивната истрајност е вчудоневидувачка; тие дозволуваат да бидат оперирани и за време на операцијата воопшто не мавтаат со рацете. 21 декември – извршивме пет операции денес и им ги пресековме нозете на тројца војници кои имаа гангрена на стапалата. Да се направи обиколка и визита низ болницата со сите тие звуци и страдања е ужасно искуство. Само што ми нареди д-р Батлер да ги посетам сите пациенти и да ги подготвам за утрешната операција, па очекувам утре да биде тежок ден. Споделувам мала соба со други двајца доктори, без удобност, како и да е, и со многу стаорци. Шерман ја зборуваше вистината кога рече дека војната е пекол. Никогаш не посакувам мојот мал син да биде војник. 28 декември – многу сме зафатени овде со 2000 пациенти и овдешниот хорор ми го заболува срцето и ме лечи од желбата да зборувам за војната. Добиваме малку вести овде, само француските весници од Грција. Божиќна вечер – уште еден голем ден. Навечер е, 8 часот. Само што се вратив во мојата соба и го пишувам ова на светлина од свеќа. Ќе си легнам до 8:30, бидејќи сум премногу уморен и ми треба одмор. Креветот е тврд и не е бил наместен откако пристигнав овде. Божиќ наутро – моите први мисли ова утро одлетаа кон мојата сопруга и мојот мал син. Се надевам од дното на моето срце дека ќе си поминат среќно за Божиќ. Посакувам да бев поблиску до нив. Часот е 7:30 и после шолја чај и парче црн леб ќе направиме визита и ќе оперираме 20 пациенти, и тоа ќе биде нашиот божиќен ден.

Божиќ навечер – Бев во болницата цел ден до 6 часот навечер. За вечера имавме печено свинско месо старо 3 недели, овошје, слатки и малку црвено вино испратено до нас од Солун. 31 декември – последниот ден од годината, и тоа каква година! Го поминав целиот ден во болницата, обидувајќи се да го намалам страдањето – тоа е најдобриот начин што го знам за до го завршам денот. 4 јануари – најпосле нештата почнавме да ги средуваме. На почетокот со целото тоа страдање успевавме да добиеме малку храна и млеко; сега нештата изгледаат подобро, и за уште еден месец се надеваме да ги средиме работите. 5 јануари. Денес добивме наредби да се преселиме во нови соби наспроти болницата. Ако добиеме неколку потребни работи кои ќе ги споделуваме со цимерите, мислам дека ќе ни биде поудобно. Немавме многу удобности досега. Ова го пишувам на светлина од светилка, која е подобра од онаа на свеќата. 6 јануари – ова е ден пред Божиќ за Србите, и ова утро четири мали деца дојдоа на нашиот кат и пееја српски национални песни. Им дадовме на сите по 10 центи и си заминаа среќни. Погледот од нашиот прозорец овде е прекрасен. Можеме да ги видиме снежните планини оддалечени околу 5 милји. Денес работев на терен со австриски затвореници, копајќи дупки за ѓубре. Како пролет да е, премногу топло е за мантил и мали диви цвеќиња растат насекаде. Болницата само што доби 100 свињи, па пациентите и војниците ќе добијат прасе за нивната божиќна вечера. Кутрите тие,



потребен им е добар оброк. 12 јануари. Ова попладне отидов пет милји надвор од градот за неколку буриња вода. Пет милји на обилен дожд, по ненаправен пат, во кочија со двајца австриски затвореници кои не зборуваат ниту англиски ниту германски. Се капев со сулфурна вода во една турска бања, многу примитивно и само што се вратив во една неисправна кочија, оставајќи ги двајцата војници и возачот да се вратат таму од каде што дојдоа. Го пишувам ова, пиејќи малку турско кафе, нарачав и топол чај со лимон и шеќер за да го оттргнам студот. Едно турско момче ми продаде две тврдо варени јајца за 5 центи, па тоа е мојата вечера. 13 јануари. Пишувам од вториот кат на една штала, која ја претворивме во хируршка соба. Денес се вратив на мојата вообичаена работа да ги преврзувам пациентите. Вчера беше лош ден и мора да бев многу цврст штом го издржав во влагата цел ден. Но, не приговарам, бидејќи донесов еден тон чиста вода од планините и стекнав ново искуство. Утре е српската Нова година. Сè е многу тивко. Никој не поминува, освен војниците на нивниот пат кон фронтот. Колку е тажно да ги гледаш. Поголемиот дел се млади луѓе, без мантили, носејќи само пушка, куршуми и векна леб. 18 јануари. Работев во операционата соба цел ден. Добиваме



пациенти со тифус и тифусна треска, ама не можеме да сториме многу за нив. Стапката на смртност е шест луѓе дневно, што е многу, земајќи предвид дека имаме 2000 пациенти. 19 јануари. Роднина на Кралот дојде во болницата. Таа беше многу шармантна и нè испрашуваше за нас самите. Само двајца од сите доктори беа женети. Кога ì кажав дека имам мало момче таа рече: ,,Ако твојата сопруга и син дојдат во Србија мораш да ме известиш и мора да бидеш претставен кај кралот. Само што разгледав англиски весник од 13 јануари и изгледа дека Италија и Романија ќе се придружат во војната. Можно е тие да влезат и да ја завршат. Сега е речиси 9 часот навечер и подготвени сме за во кревет. Стануваме во 6 часот наутро, следува појадок од леб и чај во 7 часот и до 7:30 часот сме во болницата, правиме визита и ги оперираме пациентите. Врне обилно веќе 24 часа, така што не можеме да се жалиме на времето: Во Ниш и во Белград имаше обилни снегови, но овде сè уште нема. Изгледа како блага зима. Изгледа како сите овде да собираат сили за да направат голем удар напролет. Не сум нетрпелив за да видам уште страдање. 24 јануари. Неколку дена ќе бидам на служба во карантинот, ќе бидам задолжен за доктор кој има тифусна треска. 25 јануари. Пишувам од карантинот, кој е на две милји од градот. Бил изграден за пациенти со колера, ама досега не сме имале такви, па пациентите со мали сипаници, дифтерија, тифус и сите други заразни болести се испраќаат овде. Доктор Гутес, кој пред три недели беше со мене во сулфурната бања, се наоѓа овде заболен од тифус. Тој се оженил минатиот август и бил ис-

пратен овде од Црвениот крст 'Бохемија'. Неговата сопруга е медицинска сестра и му се придружила. 26 јануари. Доктор Гутес е многу подобро и има добри шанси да оздрави и да оди на север за неколку недели. Пред една или две години имало околу 300 српски доктори, а сега има само околу седумдесет, а велат дека половина од нив се болни и никогаш повеќе нема да можат да лекуваат. Ова е резултат на војната и тешкотиите во последните четири години. 27 јануари. Сам сум во зградата која е претворена во лабораторија, и сега сум задолжен да ја испитувам целата бунарска вода и да се грижам за општите санитарни услови, и тоа со сигурност е некаква работа. Д-р. Батлер замина за Ниш. 29 јануари. Денес бевме посетени од крунисаниот принц Џорџ. Тој бил погоден од куршум двапати и сега е на пат за Италија за да заздрави. Тој не е женет, има околу 30 години и изгледа како добар пријател. Им даде неколку златници на пациентите во операционата соба. 30 јануари – беше тешка глетка да се видат 200 болни и ранети војници како пристигнуваат денес во градот. Многу од нив паднаа покрај патот додека се обидуваа да стигнат до болницата; некои беа без чевли. Направивме сè што можеме за нив. Тие се вистинско чудо, никогаш не се жалат. Човечкиот живот не е ист за сите. Човекот кој ги прави мртовечките ковчези се гордее со тоа што нив ги чува надвор пред неговиот дуќан, а војниците ги бројат како што поминуваат. Премногу чувствителните личности нема да издржат во овој дел од светот. 7 февруари. Денес е недела и јас сум на должност цел ден, грижејќи се за петстотини пациенти. 9 февруари. Денес пристигнаа гласини дека Бугарија може да се приклучи во војната и ќе го нападне најпрво овој град. Сите се договоривме да се собереме во нашата болница и да ги подигнеме значките и лентите. Неколку еминентни англиски хирурзи поминаа низ градот денес и мислам дека ќе има многу работа за сите доктори и медицински сестри овој месец. 13 февруари. Јас сум на станицата и го чекам пристигнувањето на сер Томас Липтон. Неговата јахта 'Ерин' го донесе до Солун со уште шест доктори, дванаесет медицински сестри и три моторни автомобили. Тој е на пат за Ниш. 14 февруари. Беше вистинско задоволство сер Томас Липтон да ни биде гостин за еден час вчера. Тој се сети дека се имавме сретнато во клубот Лотос. Тој ме претстави на целото негово друштво, околу триесетина души, и





потоа пешачевме до болницата. Беше одлична глетка да се види како сите го гледаа него и колку добар и љубезен беше тој со сите доктори и медицински сестри. Тој ми даде златна детелинка со четири листа, која ќе ја чувам за мојата сопруга. Тој, исто така, ми даде негова фотографија и ќе ми испрати американско и ирско знаме. За седум дена се очекува да помине повторно, при неговото враќање за Солун, и ќе ми пише кога да го очекувам, така што ќе бидам на станицата за да ги добијам чајот и намирниците што тој сака да ги презентира кај нашата воена партија. 17 февруари. Кога го гледам страдањето овде моето срце плаче. Ужасно е да се видат млади луѓе кои умираат како муви. Нема веќе дрва за да се направат ковчези, а во бараката каде што се чуваат телата, четириесет веќе чекаат за погреб. Доктор Гутес е добар и е повторно на визита, но неговата сопруга заболе од тифус. 18 февруари. Јас сум на станицата чекајќи го пристигнувањето на сер Томас Липтон од Ниш. Сакам да му се заблагодарам за големото американско знаме и за знамето на Црвениот крст кои ми ги испрати. Подоцна: тој не пристигна, но го очекуваме за неколку дена."

Еве што сер Томас Липтон напиша за неговото враќање во Гевгелија: „Првата болница која ја посетив на патот кон Ниш беше во Гевгелија. Тоа беше американска болница. Бев одведен во секоја соба од страна на доктор Донели. Имаше околу 1.400 пациенти, главно заболени од тифус. Многу пациенти лежеа без ќебиња или душеци, само во нивната вообичаена облека. Состојбата на овие пациенти беше ужасна. Исто така, видов и неколку од американските медицински сестри: од дванаесет, седум од нив лежеа заболени од тифус, а тројца од шесте доктори лежеа заболени од истата болест. Доктор Донели дојде на станицата да ме испрати. Тој беше фин, здрав човек како што можеше да се види, среќно и весело расположен. На враќање назад, кога пристигнав на станицата во Гевгелија, го побарав Донели, но за жал, разбрав дека починал претходниот ден."

Набрзо по влегувањето на Кралството Бугарија во војна на страна на Централните сили и повлекувањето на српската војска од вардарскиот дел на Македонија, и како след на военостратегиските планови и операции, во текот на октомври 1915 година започнало формирање на фронт во Македонија, кој според своето значење се става во редот на најважните војувалишта чие пробивање од страна на Антантата во септември 1918 година ќе придонесе за севкупен успех и победа овековечена со потпишување на Версајскиот мировен договор во полза на силите на Антантата на чија страна учествувале и САД како значајна воена сила и моќен политички фактор за време и по војната. За време на опстојувањето на Македонскиот фронт, американски воени болници во Македонија главно биле стационирани во Драма и во Кавала. Особено е значајна улогата на американските медицински тимови за уништување на епидемијата на тифус која се појавила во текот на 1918 година и по потпишувањето на примирјето на Македонскиот фронт на 29 септември 1918 г., особено во Кавала, во Серес, во Драма и во Демир Хисар, под раководство на доктор-мајор Семјуел Вокер и докторите, капетанот Пол Вајт и поручниците Кларк, Бинџер и Хоџсон.

Американската дипломатија по вклучувањето во војната го зголемила својот интерес за Македонија и пристапила кон собирање на информации и проучување на балканскиот проблем, особено за македонското прашање, заради градење став на претстојната Мировна конференција. Американскиот новинар Хербирт Кори во 1917 година во едно национално географско списание објавил потресна политички ангажирана репортажа од Македонија за трагичната положба на македонскиот народ, за страдањето на обичниот македонски човек и за пустошот што го оставила војната во Македонија, каде што на Македонскиот фронт биле концентрирани вкупно 1.200.000 лица на двете завојувани страни, кои три и половина години војувале на територијата на Македонија. Тоа биле автентични видувања и кажувања на еден американски новинар, со цел американската научна и поширока јавност да се запознае со вистината дека во Македонија живее посебен македонски народ со изградено македонско национално чувство. Притоа ги соопштува зборовите на една Македонка, селанка, што лично ги слушнал на патот кај селото Добровени: „Не сум ниту Бугарка ниту Србинка. Јас сум Македонка…" Информациите за страдањата на македонскиот народ имале непосредно влијание и придонеле за преземање хуманитарни акции на организации од САД. Во почетокот на 1917 година во Македонија допатувала Американката Емилија Симод во добротворна мисија. Таа во Македонски Брод згрижила и дневно прехранувала околу 150 деца, а облека добиле 94 лица. Покрај оваа мисија, во Македонија имало и други американски добротворни мисии.

д-р Александар Стојчев



АКАДЕМИК, ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ

МАКЕДОНСКИ ВОЈСКОВОДЦИ И КОМАНДАНТИ

Генерал-полковникот и академик Михаило Апостолки е роден на 8 ноември 1906 година, на православниот верски празник Митровден во надалеку прочуеното револуционерно штипско Ново Село. Неговите родители Митре и Васа имале тројца синови и една ќерка. Во матичната книга е запишано дека тој се вика Михаило Митиќ, но тој од пријателите и роднините бил нарекуван Мијалчо, Мишко, Мише. Подоцна, во текот на Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија (НОАВМ), ќе го промени презимето во Апостолски според дедо му Апостол и ќе ги добие партизанските прекари: Јанез и Дончо.

Уште како дете, израснат во традиционална револуционерна средина од неговиот дедо Апостол, Михаило ги примил првите сознанија за револуционерните борби на македонскиот народ за слобода.

Неговото средно ситуирано занаетчиско семејство му овозможи на Апостолски да се школува во родното место каде го завршил основното училиште, а потоа школувањето го продолжува во гимназијата во Штип во 1924 година. Таму, по завршувањето на седмиот клас, поради лошите материјални услови за живот тој го напушта школувањето во гимназијата и се запишува на Воената школа во Белград, која што со успех ја завршува во април 1927 година и се

АКАДЕМИК, ГЕНЕРАЛ МИХАИЛО АПОСТОЛСКИ (НОВО СЕЛО-ШТИП, 8 НОЕМВРИ 1906 - ДОЈРАН-СКОПЈЕ, 7 АВГУСТ 1987), ЛЕГЕНДАРЕН ГЕНЕРАЛ-ПОЛКОВНИК, НАРОДЕН ХЕРОЈ, АКАДЕМИК, ДОПИСЕН ЧЛЕН НА ПОВЕЌЕ АКАДЕМИИ НА НАУКИТЕ И УМЕТНОСТИТЕ ВО БИВША СФРЈ, ОРГАНИЗАТОР И ВОЕН ВОДАЧ НА НОАВМ, СТРАТЕГ НА ВОЕНАТА ТАКТИКА НА НОВ И ПОМ, КОМАНДАНТ НА ГШ НА НОВ И ПОМ, ПРВ ДОКТОР НА ВОЕНИ НАУКИ ВО МАКЕДОНИЈА, ДИРЕКТОР НА ЈНУ-ИНИ-СКОПЈЕ, ЧЛЕН НА ПРЕЗИДИУМ НА АСНОМ, КОМАНДАНТ НА 6. ЈУГОСЛОВЕНСКА АРМИЈА ВО САРАЕВО, НАЧАЛНИК НА ВИШАТА ВОЕНА АКАДЕМИЈА, НАЧАЛНИК НА ПЕШАДИЈАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА АРМИЈА, ЧЛЕН НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА АВНОЈ, ПРАТЕНИК НА УСТАВОТВОРНОТО СОБРАНИЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА, ПРАТЕНИК НА СОБОРОТ НА НАРОДИТЕ, ПРАТЕНИК НА НАРОДНОТО СОБРАНИЕ НА НР МАКЕДОНИЈА, ПРАТЕНИК НА СОЈУЗНИОТ СОБОР НА СОБРАНИЕТО НА ФНР ЈУГОСЛАВИЈА, ОДНОСНО НА СОЈУЗНОТО НАРОДНО СОБРАНИЕ, ПРАТЕНИК НА ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ СОБОР НА СОЈУЗНОТО СОБРАНИЕ, ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА, ЧЛЕН НА ЦЕНТРАЛНИОТ КОМИТЕТ НА КПМ, ЧЛЕН И НА ГЛАВНИОТ ОДБОР НА НАРОДНИОТ ФРОНТ НА ЈУГОСЛАВИЈА, ОДНОСНО НА СОЈУЗНАТА КОНФЕРЕНЦИЈА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ СОЈУЗ НА РАБОТНИОТ НАРОД НА ЈУГОСЛАВИЈА, НА ГЛАВНИОТ ОДБОР НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОАВМ И НА СОЈУЗОТ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА БОРЦИТЕ ОД НОВ НА ЈУГОСЛАВИЈА, НАУЧЕН РАБОТНИК УНИВЕРЗИТЕТСКИ ПРОФЕСОР ПО ВОЕНА ИСТОРИЈА



стекна со чин потпоручник. Потоа добива воен распоред на служба во родниот Штип во рамките на 23. пешадиски полк. Во периодот 1931-1933 година своето воено усовршување Апостолски го продолжи на Вишата воена академија во Белград. По завршувањето на Вишата воена академија, Апостолски во 1933 година се жени со сопругата Цвета од фамилијата на Глигорови од Штип. Во периодот од октомври 1935 г. до март 1938 година, Апостолски во Белград ја завршува Генерал-штабната академија, по што се стекна со чинот капетан. Како офицер на кралската југословенска војска, Апостолски беше на служба на повеќе места, како што се: Штип, Белград, Земун, Сушак, Огулин, а по завршувањето на Генералштабната академија во 1938 година, капетанот Михаило Апостолски стапи на служба во Љубљана како помошник-началник на штабот на Дравска дивизија каде е унапреден во чин мајор.

Како млад офицер имаше можност да почувствува дека општествено-политичкиот систем на тогашното Кралство Југославија води кон разединување на народите и етничките заедници, а нему посебно тешко му паѓаше денационализацијата на македонскиот народ. Ова сознание Апостолски го доведе во врска со прогресивната младина, посебно за време на студиите на Вишата генералштабна академија во Белград, каде што уште пред априлската војна 1941 година како млад офицер Апостолски одржувал врски со прогресивното студентско движење. Тоа е период на непосредна воена опасност од фашистичката агресија (1939-1941), кога сите прогресивни сили се сплотуваа и бараа начин за организирање вооружена борба. И по прекомандувањето во Љубљана, Апостолски бил поврзан со овие прогресивни сили.

Во Априлската војна 1941 година и на почетокот на Втората светска војна во Кралска Југославија, кога таа беше нападната од силите на Третиот рајх, Апостолски ја врши должноста началник на заднината на Триглавската дивизија. По априлската окупација 1941 година на Кралството Југославија од страна на Третиот рајх и неговите сојузници, Апостолски со група Македонци, веќе во јули 1941 година е пуштен од италијанското заробеништво и пристига во Скопје каде се вклучува во подготовките за Народноослободителната и антифашистичка војна (НОАВМ). Поради активното учество во подготовките на вооружената борба во септември 1941 година, Апостолски е избран за член на Покраинскиот воен штаб за Македонија.

Богатото воено образование и искуство на Михаило Апостолски, во командувањето со единиците и штапската работа, претставуваат голема предност и помош во организирањето на вооруженото востание во Македонија, а токму во неа тој даде свој голем удел. Него постојано го среќаваме во друштвото на Мирче Ацев и Страшо Пинџур и други видни македонски организатори на вооруженото востание во Македонија.

Заради што поуспешно раководење со воените единици и операции уште во почетокот од првата година на војната во Македонија, од страна на македонското воено и политичко раководство беше формирана Воена комисија под чие раководство во јули 1941 година беа формирани диверзантски групи во Скопје, а на 22 август 1941 година беше исфрлен на терен 1. Скопски НОПО.

Оваа комисија дејствува до септември 1941 година, кога по реорганизацијата прерасна во Покраински воен штаб (ПВШ) при Покраинскиот комитет на чело со командантот Михаило Апостолски. Седиштето на штабот беше во Скопје. Составот на ГШ на НОПОМ, односно подоцна по преименувањето на НОВ и ПОМ, во наредниот период постојано се надополнуваше и се ме-



нуваше во чекор со растежот на вооружената борба и бројот на единиците на НОВ и ПОМ, така што тој формациски се приспособуваше и се прошируваше според потребите. Но, секогаш негов командант беше и со него раководеше генералот Михаило Апостолски. Тоа беше тешка и одговорна задача која му ја довери военото и политичко раководство на вооружената борба во Македонија – да раководи со вооруженото востание што се крена против окупаторите и да изгради македонска воена организација која ќе стане столб на вооружената борба.

Формирањето на ГШ, односно прераснувањето на Покраинскиот воен штаб во ГШ на НОПОМ, ќе истакне во една пригода Михаило Апостолски, носеше во себе зародиш на новата, таканаречена „Македонска војска“ и една нова состојба на воено-политички план за Македонија: Имено, тоа беа веќе и основите за добивањето место на македонскиот народ меѓу останатите југословенски народи и етнички заедници”. Тоа во суштина значеше дека со формирањето на Главниот штаб на НОПОМ на чело со Михаило Апостолски, односно со прераснувањето на Покраинскиот воен штаб во Главен штаб на НОВ и ПО на Македонија, се стави темелот на идното конституирање на нови меѓунационални односи во повоена Југославија. Со оформувањето на Главниот штав на НОПОМ, воено и политички се трасираат основите на новата југословенска заедница во која Македонија добива полна рамноправност со другите народи на Југославија.

Во мај 1943 година ГШ НОПОМ на чело со командантот Михаило Апостолски излегува на терен во Западна Македонија во делот окупиран и контролиран од фашистичка Италија и нејзините албански колаборационисти. ГШ се смести во својата прва база на теренот во месноста Лопушник, на планината Јама. Но, набргу, по откривањето на базата од непријателот, следува преместување на военото и политичко раководство на НОВ на Македонија во новата база во реонот на с. Црвена Вода во Дебарца. Заедно со ГШ тука се префрли и ЦК КПМ. Третата база на ГШ и на ЦК КПМ е базата во реонот на Преспанското Езеро кај с. Отешево, каде тие се префрлија во почетокот на месец август 1943 година. Во овој период ГШ на НОПОМ се дополни со нови членови и се издигна во ранг на самостојно воено раководство со јасна воена и политичка стратегија за понатамошниот развој на вооружената борба. Членовите на Главниот штаб на

ракавите имаа сошиено ознаки и чинови по кои се препознаваа од останите војници и општествено-политички лица.
Познатиот историски Преспански состанок на военото и политичко раководство на НОВ на Македонија се одржа на 2 август 1943 година во с. Отешево крај Преспанското Езеро. На него беа зацртани насоките за најскоро можно формирање на покрупни оперативни македонски единици кои ќе делуваат на целата територија на Македонија. За таа цел, по одржувањето на овој состанок ГШ на НОПОМ и ЦК КПМ повторно се префрлаат на теренот на Западна Македонија во реонот на с. Црвена Вода, каде останууваат во периодот од втората половина на месец август до почетокот на месец декември 1943 година. Тука, по капитулацијата на Италија се оформи слободна територија на која започнува интензивен процес на растење на вооружените единици на НОВ и ПОМ по формирањето на првата регуларна македонска воена единица, баталјонот „Мирче Ацев“ на 18 август 1943 година. Командантот на ГШ на НОВ и ПОМ Михаило Апостолски, не можеше да присуствава на оваа свеченост, бидејќи тој веќе беше заминат на теренот на Мавровско. Со формирањето на овој баталјон беа удрени темелите на современата македонска народноослободителна војска. Денешната АРМ на Република Македонија го слави и го одбележува овој датум како темел на нејзиното формирање, со што воедно ги презеде и сите светли тарадиции на Македонската војска од периодот на НОАВМ, кои нејзините воени единици ги негуваат.

Со тоа во периодот кој следуваше се отвори интензивен процес на формирање на нови баталјони и бригади под директна команда на ГШ на НОВ и ПОМ. Компетенциите на ГШ на НОВ и ПОМ во наредниот период се проширија не само на воен план, туку и на државотворен, во напорите за организирање на животот на ослободените територии.

ГШ на НОВ и ПОМ, во координација со ЦК КПМ, дејствуваше во својство на највисоко воено, а во извесни функции и како највиско државничко и политичко тело, сè до одржувањето на Првото заседание на АСНОМ. Тој на овој терен ќе формира Оперативно одделение со задача да раководи и да подготвува воени операции од поширок размер и да ги координира акциите на единиците на НОВ и ПОМ кои се изведуваа на поголем терен. Покрај тоа, во рамките на ГШ на НОВ и ПОМ беа развиени активности на верски, училишен, судски, економски, санитетски, пропаганден, известувачки, политички и државотворен план. ГШ на НОВ и ПОМ во текот на месец октомври ќе го издаде и познатиот Манифест на ГШ на НОВ и ПОМ. Но, поради влошување на ситуацијата на воен план, ГШ на НОВ и ПОМ и ЦК КПМ заедно со 1. македонско-косовска НОУБ се префрли во пределот на Меглен, во егејскиот дел на Македонија, каде што е формирана Втората МНОУБ. Оттука, ГШ на НОВ и ПОМ и ЦК КПМ во рамките на познатиот Февруарски поход, проследен со жестоки борби, заминува на теренот на Кумановско, во пределот на манастирот „Св. Отец Прохор Пчињски“ на Козјачкиот масив. Тука ГШ на НОВ и ПОМ се поврзува со јужноморавските и косовски единици на НОВ.

Развојот и изградбата на Македонската народноослободителна војска во текот на Втората светска војна, беше еден од основните постулати на целокупната активност на военото и политичкото раководство на Народноослободителната и антифашистичка војна на Македонија. Со тоа настана нов пресвртен момент во начинот на војувањето и изградбата на македонската антифашистичка воена доктрина. Јакнењето на македонската ослободителна војска овозможи создавање на слободни територии на кои започна из-



градбата на органите на народната власт. Тука, за прв пат слободно започнаа да егзистираат македонски државотворни и културно-просветни институции како придобивка на дотогашните успеси на македонската војска во рамките на антифашистичката коалиција. За прв пат на слободната територија, слободно започнаа да егзистираат и првите училишта на мајчин македонски јазик.

Со успесите на антифашистичката борба беше одредена и положбата на Македонија во рамките на новата југословенска држава, што беше санкционирано и со одлуките на Првото заседание во 1942 година и на Второто заседание на Антифашистичкото собрание на Југославија (АВНОЈ) и Првото заседание на Антифашистичкото собрание на Македонија (АСНОМ) во 1943 година Тие, воедно ги навестуваат и историско-политичките основи за прогласување на Македонија како федерална единица во идната југословенска федерција, содржани во одлуките на Второто заседание на АВНОЈ, односно во одлуките за државно-правно конституирање на Македонија, подоцна донесени на Првото заседание на АСНОМ.

Наредната, 1944 година, е година на клучни военостратегиски операции како што се Февруарскиот и Богомилски поход, Пролетната офанзива и процесот на создавање бројни македонски бригади, дивизии и корпуси, кои се составен дел на завршните операции за ослободување на Југославија, бидејќи тогаш започнаа и операциите за ослободување на Македонија. Тоа е време кога беше направена пресвртница со која воената иницијатива наполно мина во рацете на Народноослободителната војска, а окупаторите беа принудени да ги бранат само поважните населени места, воени објекти и комуникации.

Февруарскиот поход заврши во точно определено време од страна на Главниот штаб на чело со командантот Михаило Апостолски, на 24 февруари 1944 година, кога баталјоните, пробивајќи си го патот во најтешки зимски услови со жестоки борби, пристигнаа на одредено место на планината Козјак. Тука, на 26 февруари, е формирана Третата МНОУБ, со што факелот на вооружената борба се пренесе и во Источна Македонија.

Многу борци и истакнати револуционери од тоа време во своите сеќавања говорат за војсководецот од Февруарскиот поход, за командантот што знаеше да оди на чело на колоната, кој умееше на изнемоштената војска да ѝ обезбеди одмор, а потоа да ја води во секојдневни битки против десетпати понадмоќниот непријател и со вешти маневри да го победува истиот тој непријател. Затоа неговите борци уште во текот на НОАВМ во познатата песна на македонскиот поет Ацо Шопов, „Маршот на Третата македонска ударна бригада”, ја пееја и маршовата песна: „Апостолски беше првиот на пат...”.

Во рамките на Пролетната контраофанзива на единиците на НОВ и ПОМ под командата на Михаило Апостолски на 24 април 1944 година, по жестокиот вооружен судир со бугарската војска, за кратко време беше ослободено Кратово. Маршовите и битките на македонската војска предводена од командантот Михаило Апостолски, овозможија во првата половина на 1944 година поволни услови на слободната територија на планината Козјак на 2 август 1944 година во манастирот „Св. отец Прохор Пчињски“ да се одржи Првото заседание на АСНОМ. Една од првите одлуки на ова заседание е оддавање благодарност на македонската војска за сè она што таа го стори во текот на вооружената борба.

д-р Марјан Димитријовски
Генерал Борис Стојаноски



КОНТРОЛА НА ПРИСТАП

ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ПОТВРДУВАЊЕ

При користење на компјутерските системи неопходна е проверка на идентитетот на корисниците заради безбедно користење. За таа цел е потребна проверка на идентитетот на корисникот на компјутерот. Корисничкиот идентитет се запишува кога е потребно да се евидентираат постапките кои обезбедуваат сигурен пристап. Но, треба да се има предвид дека секогаш не е потребно контролата на пристап да се базира на идентитетите на корисниците и ако идентитетите повеќе би требало да се користат за регистрирање на дневната евиденција. Во овој дел ќе говориме за идентификацијата и потврдувањето, бидејќи е стандардно за постојните компјутерски системи.

Корисничко име и лозинка

Корисничкото име и лозинката се користат уште при првиот контакт со компјутерот и треба да го категоризираат базичниот безбеден пристап до содржината на компјутерот. Првиот чекор се нарекува идентификација, и затоа е потребно корисникот да се најави кој е. Следниот чекор се нарекува потврдување и служи за да се изврши основна идентификација преку потврдување на ентитетот. Па, така, откако корисникот ќе ги внесе корисничкото име и лозинката, компјутерот ја споредува неговата содржина со постоечката содржина која е претходно сочувана во датотеката за лозинки. Најавата ќе биде успешна ако внесете важечко име и соодветна лозинка. Ако корисничкото име или лозинката се неточни тогаш најавувањето нема да биде успешно. Вообичаено на екранот ќе се прикаже дека е погрешен внесот и дека е потребно повторно корисникот да се обиде. Компјутерските системи го евидентираат бројот на неуспешни најавувања и можат да го забранат понатамошниот пристап на корисникот по постигнување на одреден број на обиди. За да се намали шансата дека напаѓачот користи компјутер кој не е под контрола, а на кој веќе е најавен друг корисник, проверката може да се побара не само на почетокот, туку и во одредени временски интервали во текот на работата. Притоа може да се избере опција на заклучување на екранот или автоматско затворање на тековната работа ако корисникот подолг период не работи. Кога корисникот врши повторна идентификација, односно потврдување, тогаш тоа се нарекува TOCTTOU (или време на проверка до време на користење). Оперативниот систем го проверува идентитетот на корисниците на почетокот на работата, но притоа константно го користи идентитетот за донесување одлуки за контрола на пристап во текот на работата.



Во минатото на почетната работа или сесија се внесуваа корисничкото име и лозинката на екранот со пријателска порака и некои информации за системот до кој се пристапува. Поради намалената безбедност во сајбер-просторот современите системи не преферираат толку многу информации да бидат достапни за „надворешните субјекти" и за таа цел ја заменуваат поздравната порака со предупредување за пристап на неовластени лица. На пример, Windows NT нуди опција за прикажување на правно известување. Корисниците треба да ја потврдат ваквата порака со предупредување пред да може да продолжи најавата.

Па, така, денес компјутерските системи користат идентификација и потврдување преку корисничко име и лозинка како основна базна препрека за неовластен пристап до компјутерот. Корисниците се навикнати на тоа и затоа за современите системи е неопходно зголемување на мерките за безбедност при пристап до содржината. Од друга страна, добивањето на валидна лозинка е вообичаен начин за добивање неовластен пристап до компјутерски систем. Како резултат на тоа се зголемуваат бројот на заканите кои можат да го загрозат сајбер-просторот. Па, така, начинот за неовластен пристап до содржината на компјутерот најчесто се прави на следните начини:

– со погодување на лозинката;
– со лажирање на лозинка;
– со компромитирање на датотеката за лозинки.

Притоа, треба да се има на ум дека секој корисник треба да ја чува во тајност својата лозинка со цел анулирање на можностите од неовластен пристап до содржината на компјутерот.



Избирање лозинки

Изборот на лозинки е мошне важно прашање од доменот на сајбер-безбедноста. Иако не можете целосно да го спречите напаѓачот од случајно погодување на важечката лозинка, можете да создадете услови за таквата веројатност да ја намалите. Со цел тоа да го направите, треба да бидете свесни дека напаѓачите се фокусираат на два начини на погодување:

– преку детаљно пребарување (со сила): испитување на сите можни комбинации на валидни симболи до некоја одредена должина и



– интелигентно пребарување или пребарување преку ограничен временски простор (на пример лоцирање на лозинки кои се некако поврзани со корисникот, како што се имиња, модели на автомобили, регистарски број на возило, телефонски број или лозинки кои обично се популарни. Вообичаен пример за вториот пристап е напад со речник со сите лозинки од интернет-речник, иако многу ретко е успешен.

Според тоа, потребно е ваша одбрана, и тоа:

– поставување на лозинка - ако системадминистраторот или корисникот заборави да стави лозинка за корисничка сметка, напаѓачот дури не ни треба да погодува која е лозинката;

– промена на предефинирани лозинки - испорачаните системи обично имаат предефинирани сметки како „систем“ со предефинирана лозинка како „управувач”. Ова му помага на теренскиот инженер да го инсталира системот, но ако лозинката не се промени, напаѓачот лесно може да влезе во системот. Во дадениот пример напаѓачот дури има и пристап до особено привилегирана сметка;

– должината на лозинка. За да се спречи детаљно пребарување, треба да се пропише минимална должина на лозинката која ќе изнесува поголем број на карактери, но и комбинации од интерпункциски знаци, со што значително ќе се зголеми безбедноста. Но, сепак, за жал, многу Unix-системи имаат максимална должина на лозинката, поставена само на осум знаци;

– формат на лозинка - мешање на симболи со големи и мали букви и вклучување нумерички и други неалфабетски симболи во лозинката;

– избегнување очигледни лозинки – потребно е да се избегнуваат вообичаените таканаречени популарни лозинки, бидејќи истите се наоѓаат на веб-мрежата и пристапот и користењето се многу едноставни.

Начин на зголемување на безбедноста на лозинката:

– проверувач на лозинка - како администратор на систем можете да користите алатки кои проверуваат лозинки наспроти некои речници за „послаби” лозинки. Тие ги имитираат и ги спречуваат нападите со речници против системот;

– генерирање на лозинка - во некои оперативни системи можат да се вклучат генератори на лозинки кои произведуваат случајни лозинки, кои е мошне тешко да се погодат. Па, така, на корисниците не им е дозволено да изберат сопствена лозинка, туку треба да прифатат лозинка предложена од системот;

– застареност на лозинки - во повеќето системи може да се утврди датум за истекување на лозинка, што ќе ги принуди корисниците да ја менуваат лозинката во редовни интервали. Може да има и дополнителни механизми за спречување на корисниците од враќање на стари лозинки, на пр., листа на последните десет употребени лозинки. Се разбира, упорните корисници сепак ќе можат да ги користат нивните омилени лозинки со правење доволен број промени, сè додека нивната стара лозинка повторно не биде прифатена;

– ограничени обиди за најава – ова претставува таков вид на заштита кога системот врши мониторинг на неуспешни обиди за најавување и реагира со целосно затворање за определен временски период за да се спречат понатамошните обиди;

– информирање на корисник - по успешното најавување и после поголем број на неуспешни обиди за најавување, има цел да го предупреди корисникот за последните напади.

Аналогно на горенаведеното, произлегува дека највисоко ниво на сигурност се постигнува ако корисниците користат долги лозинки, интегрираат големи и мали букви како и нумерички симболи, најверојатно генерирани за нив од системот, и кои редовно се менуваат. Исто така, корисниците тешко помнат долги и сложени лозинки и истите вообичаено ги запишуваат на хартија или во телефон, па се поставува едно друго прашање, токму околу личната безбедност на кориникот во зависност од содржината на компјутерот. Сигурносните администратори имаат стандарна задача да бараат лозинки напишани на белешки поставени на компјутерските терминали. Корисниците тешко се справуваат со таква шема за управување со лозинки, поради што може да бидат во искушение да користат лозинки кои полесно се помнат, а поради тоа и полесно се погодуваат. Тие брзо може да се вратат на нивната омилена лозинка или да направат лесни и предвидливи промени во лозинката со кои напаѓачот, доколку една открил по метод на асоцијација ќе го открие и редоследот, односно што треба следно да очекува.

Безбедносните механизми не треба да се разгледуваат изолирано. Ставањето преголем акцент на еден сигурносен механизам, всушност, може да го ослаби системот, затоа што корисниците ќе најдат начин да ја заобиколат сигурноста за да можат соодветно да ја извршат нивната работа. Со лозинките може да се забележи размената меѓу сложеноста на лозинки и капацитетите на човечката меморија. За таа цел, неопходно е интегриран систем од безбедносни мерки за да се онемозможи пристапот до содржината на компјутерот или барем да го отежни пристапот, секако во таков случај треба да се предупреди сопственикот навремено да реагира и навремено да ги спречи понатамошните обиди.

Маја Ржарова



ОСВОЈУВАЊЕ НА АЛПИТЕ

ОД ДНЕВНИКОТ НА ВОЈНИКОТ-ПЛАНИНАР

Игор Марковски е припадник на Армијата на Република Македонија. Посветено ги исполнува своите работни обврски и задачи во четата за АБХ во рамките на Првата механизирана пешадиска бригада. Исто така, Игор веќе подолг период е и пасиониран планинар, кој во своето слободно време ги освојува високите планински врвови. Минатата година направивме прилог за неговото успешно искачување по патеките на Првата македонска трансверзала од Љуботен до Охрид. Овојпат предизвикот беше уште поголем, да се освојат високите Алпи и од Австрија преку високите врвови на Алпите да се стигне до Љубљана во Словенија. Игор беше единствениот учесник од редовите на АРМ, а воедно и член на планинарското друштво „Макпетрол“. Во овој број на „Штит“ ви ги пренесуваме во вид на кратки забелешки неговите импресии, размислувања и случки во текот на повеќедневното освојување и движење по високите Алпи, заедно со неговите клупски другари Јасмина Атанасовска, Дејан Климовски и Никола Цицовски. Доставувајќи ни го материјалот не заборави да ни напомене дека преку страниците на нашиот магазин сака да изрази јавна благодарност до припадниците на 1. механизирана пешадиска бригада, на четата АБХО и на Водот за специјални намени од гарнизонот „Петровец“, кои секогаш му ја даваат потребната поддршка при неговите планинарски подвизи.

Експедицијата за освојување на алпинистичката трансверзала по Алпите од Австрија до Словенија започна од Белград, Р. Србија, каде групата од Македонија се спои со останатите членови на експедицијата и со автобус се упати кон Австрија.

24.07.2015 год.


Пристигнавме во Белград каде што нè пречека Никола и нè прими во неговиот дом. Кај него добро се одморивме бидејќи нè чекаше напорна ноќ за патување. Одморени и релаксирани отидовме на зборното место пред храмот „Св. Сава“ во Белград, час пред останатите, бидејќи не сакавме да доцниме. Во 23:00 часот сите полека се собравме, направивме една заедничка фотографија пред храмот за спомен и со автобусот се упативме во правец на Австрија.

25.07.2015 год.

Движејќи се низ Австрија не можев а да не се восхитувам на прекрасните предели кои ги поминувавме пред да пристигнеме во градот Грац. Во Грац успеавме да одвоиме малку време за да го разгледаме прекрасниот дворец „Егенберг“, кој е највеличествениот барокен комплекс во областа Штаерска во Австрија. По обиколката на Грац се упативме кон Малниц. Малниц е мало место сместено во срцето на „Хох Тоерн“ (Hohe Tauern) – преубав национален парк на Алпите. Тука, беше предвидено да преноќиме пред да продолжиме понатака.

26.07.2015 год.

Осамна нов ден сите и сите сме подготвени за првиот подвиг. Иако таа ноќ врнеше, сепак не се колебавме во намерата за освојување на првиот врв. Со првата жичарница се искачивме до Хановерхоса (Hannoverhausa) на височина од 2626 метри. Потоа пеш се упативме кон врвот Анкогел (Ankogel), кој е висок 3252 метри. Се движевме по патеката 520. Оваа патека не е за потценување, мошне е стрмна и бара добра подготовка и умешност во движењето на планинарите. На некои места при искачувањето се движевме ползејќи и придржувајќи се со рацете. Бевме заморени, но заморот веднаш го снема кога го видовме крстот кој се наоѓа на врвот. Уште некој метар и стасавме – го освоивме овој врв. Среќата беше неизмерна, што се гледа и од фотографиите кои ги направивме таму. Исцрпени се симнавме во долината каде





што требаше да преноќиме и да се подготвиме за наредните искачувања.

27.07.2015 год.

Денот ни започна во раните утрински часови. Требаше да стигнеме на определеното место за искачување и навреме да започнеме со планинарењето. По долго патување пристигнавме во Алгана (Algana), од каде со жичарница се искачивме до врвот Пасо Индрен (Passo Indren), на височина од 3260 м, а потоа пешачевме до планинарскиот дом „Гнифети“ (Gniffeti), кој е сместен на височина од 3647метри. На оваа патека за првпат се движев по глечер. Искуството е несекојдневно, па и за поискусни планинари претставува вистински предизвик. Искачувањето од жичарницата до домот траеше околу 2 часа. Кога пристигнавме во планинарскиот дом, веднаш се сместивме и исцрпени заспавме во длабок сон. Ни беше потребен одмор за претстојните искачувања.

28.07.2015 год.

Денот беше прекрасен, како што најавуваше и временската прогноза, па водени од убавото време и временската прогноза, го изменивме планот за искачување. Инаку, тој ден беше предвиден за аклиматизација, но бидејќи ноќта сите ученици поминаа добро, односно никој не се здоби со симптоми на висинска болест и се чувствуваа добро и одморено, одлучивме да се оди на највисокиот врв, односно зацртаната цел – врвот Зумстеиншпице (Zumsteinspitze), на височина од 4563 метри. Дојдовме на платото под врвот и од платото се искачувавме кон врвот, а потоа се спуштавме до платото и повторно се искачувавме на следниот врв, Сигналкупе (Signalkuppe), на височина од 4554 метри, каде што на самиот врв се наоѓа планинарскиот дом „Маргарита“ (Margherita). Во текот на искачувањето цело време нè служеше времето, освен малиот ветар пред самиот врв, но затоа кога го освоивме врвот, небото се отвори и имавме прекрасен поглед кој ќе ни остане долго во сеќавање. Како што беше и планирано, се симнавме и веднаш се упативме кон Сигналкупе (Signalkuppe) на 4554 м, каде водичите не ни дозволија задржување бидејќи се очекуваше невреме. Се одморивме малку, се напивме вода и веднаш се симнавме. Со овие искачувања направивме т.н. „наврска“ во која цело време бевме јас, Јасмина Атанасова, Дејан Климовски и Никола Цицовски, клупските другари со кои имам искачено многу врвови. Се приклучивме кон екипата и влеговме во колоната. Како што беше најавено така и бидна. Само што стигнавме во домот, се спушти густа магла, што е најнепосакуваната појава при планинарење.

29.07.2015 год.

Поради лошото време, овој ден одлучивме да останеме во домот, да се одмориме и да физички да се подготвиме за следниот предизвик. Денот го поминавме во дружење и подобро запознавање со другите планинари кои учествуваа во искачувањето. Некои од нив навистина пријатно нè изненадија со големата умешност во готвење и имавме можност да уживаме во прекрасно подготвените јадења.

30.07.2015 год.

Овој ден требаше да го напуштиме планинарскиот дом. Се движевме по нова патека која, исто така, беше доста интересна, но и стрмна, па на некои места имаше потреба и од заемно помагање и придржување при движењето. Се спуштивме со жичарниците до Алгана, каде нè чекаше нашиот автобус. Ако возењето со жичницата нагоре беше адреналинско искуство, ова надолу беше двапати и повеќе од прекрасно. Се спуштавме нагло, на некои места имавме и преку 500 метри провалија под нас. Гратчето беше мошне симпатично и по кратко разгледување се упативме кон националниот парк „Гран Парадисо“ (Gran Paradiso), каде бевме сместени во истоименот камп. Се распределивме по собите, ја подготвивме опремата за утрешниот ден и заминавме на спиење, на заслужен одмор.

31.07.2015 год.

Денот беше прекрасен за искачување. Мал дел од патот се движевме по асфалт, но кога навлеговме во планинарските патеки, убавината на природата нè освои и ни ја наполни душата. Наоколу прекрасни водопади, кои ги имаше во изобилство покрај патеката по која се качувавме до планинарскиот дом „Виторио Емануеле“ (Vittorio Emanuelle II – VEII), кој се наоѓа на 2.732 метри надморска височина, каде го поминавме денот. Во домот ги добивме потребните информации за врвот кој ни беше во агендата за искачување. Дента имаше многу експедиции кои се симнаа од врвот и добивме многу информации од нив. Дојде време за одмор, па се сместивме во просториите на домот кој беше извишен над едно прекрасно езеро.

01.08.2015 год.

Утрото не започна како што би посакал еден планинар, цела ноќ врнеше дожд, дури одреден период имаше и врнежи од снег, но во 7:00 часот дождот престана и небото се расчисти. Излеговме подготвени и се упативме кон врвот. Во нашата група бевме четворица планинари, двајца од Република Бугарија, Радослав Георгиев и Благо Поцев, јас и Марјан Малинов од Велес. Како што се приближувавме кон врвот така и времето почна да се отвора, на моменти дури грееше и сонце, но близу до врвот времето комплетно се промени и почна да ни врне снег. Во пресрет ни доаѓаа двајца Шпанци кои се враќаа од врвот и ни кажаа дека имаме уште само половина час до врвот, што ни даде дополнителна мотивација. Пред самиот врв имаше голем распукан глечер кој го поминавме преку поставени скали. На врвот се качивме по карпестиот масив. Карпата беше мокра и немавме безбедносно врзување, па одлучивме последните два метри да не ги одиме поради безбедносни причини. Симнувањето помина исто како и качувањето, со променливо време кое на крајот заврши со обилен дожд. Се спуштивме во долината и пристигнавме во домот каде добивме честитките од целата македонска експедиција.

02.08.2019 год.

Поаѓање од Гран Парадисо (Gran Paradiso) кон Словенија со попатни застанувања. Стигнавме во Словенија, се сместивме во Љубљана, каде што вечерта прошетавме по локалните кафулиња.

03.08.2015 год.

Денот започнува со утринско кафе и појадок. Разгледување на Љубљана, мал-



ку пазарување и поаѓање за Белград. Следеше ноќно патување и пристигнување во раните утрински часови. Превозот за Скопје беше следниот ден во 15.00 часот. Нè чекаше уште едно патување до Скопје, и конечно, во доцните часови, пристигнавме дома кај своите семејства.

Игор Марковски




ПРИКАЗНАТА ЗА ТИЛМАН

ОД ФУДБАЛСКА ЅВЕЗДА ДО НАЦИОНАЛНА ЛЕГЕНДА

„Тој беше човечко суштество. И со наметнување на овие херојски квалитети и особини на светец, вие му ја одземате борбата како човек.“

Мери (Дени) Тилман

Април, 2004 година. Првите страници на американските весници и телевизиските најави се преплавени со наслови од тековната војна во Авганистан. Се евидентираат нападите на другата страна од светот, бројчаникот со жртви постојано се врти, означувајќи со секое поместување една дополнителна душа која го напушта светот. Додека април ги одбројува последните денови, бројчаникот на „засекогаш заминатите“ уште еднаш ќе ја промени последната цифра, но овојпат, праќајќи во вечноста војник кој е добро познат на јавноста - Пет



Тилман, ѕвездата на американскиот фудбал. На врвот од својот успех, овој млад човек ненадејно ја напушта спортската кариера за да се вклучи во американската војска, во мисијата за разбивање на „Ал Каеда“ во Авганистан, каде и трагично ќе заврши неговиот животен пат. Уште пред светот и неговото семејство вистински да ја сфатат информацијата за смртта на Тилман, тој веќе станува политичко-маркетиншка алатка, идеализирана приказна, национална икона... Америка го има новиот херој, нешто што Тилман никогаш не сакал да биде. Но, со сите бајки и „маскенбали“ за хероизмот кои се продаваат кај западната јавност, на нација кај која раните од терористичките напади на 11 септември се сé уште живи, жртвувана е вистината. Што навистина се случило со Пет Тилман и како се одвивале настаните кои довеле до неговата смрт? Уште од првиот момент кога ќе се постави тоа прашање, сомнежите испливуваат и станува јасно дека некој ја прикрива целосната приказна, сервирајќи му на светот нелогични фрагменти. Разјаснувањето на мистеријата за смртта на фудбалерот станува императив за неговото семејство, особено за неговата мајка која е решена да ја открие вистината за смртта на нејзиниот син.

По седуммесечно убедување со семејството на Патрик Тилман, режисерот на филмот „Приказната за Тилман“ за кој зборуваме во овој број – Амир Бар Лев, конечно добива согласност да направи и да сними низа интервјуа за овој контроверзен случај. Спакувани во класичен документаристички стил, тие разговори трагаат по одговорот на прашањето: Што навистина се случило на 22 април во авганистанскиот кањон и како беше прекинат животот на американскиот фудбалер? Во обидите да се најде одговор и да се разјаснат околностите кои довеле до трагичниот исход, спротивно на очекувањата, приказната сè повеќе се заматува и се замрсува, но и се „вперува прст“ во личности од високите политички кругови, сè до Белата куќа. Пет Тилман не е тука да посведочи за неговата судбина, но неговото семејство нема по никоја цена да се откаже од патот на вистината, без разлика колку време ќе биде потребно за тоа и колку „скелети“ ќе треба да се извадат од „плакарите“ на воено-политичките челници.

Потрагата по вистината

Пет Тилман е пример за човек со висок вредносен систем. Неговото име е асоцијација на најдобрите човечки особини – искреност, скромност, патриотизам, чесност. Израснал во хармонично семејство со двајца помлади браќа, среќно оженет со долгогодишната средношколска љубов и потписник на мултимилионски договор во Националната фудбалска лига – се чини дека овој 26-годишен фудбалер има сè што човек може да посака. Тоа е и главната причина што сите се изненадени кога Тилман одлучува да остави сè, неговото семејство и кариера која допрва влегувала во зенитот, за да се вклучи во американската војска. Но, за него, одлуката е сосема логична.





Оваа рубрика ја посветуваме на ВОЈНИКОТ – ЧОВЕКОТ кој е прв на удар на виорот наречен војна – ЧОВЕКОТ кој е високо мотивиран да ја брани својната, татковината и идеите – ЧОВЕКОТ кој е физички и психички подготвен на највисоко ниво – ЧОВЕКОТ кој оставил дел од својата душа дома кај своето семејство – ЧОВЕКОТ кој, на крај, сепак, е само ЧОВЕК.
И затоа тој е инспирација за многу уметнички филмски дела кои оставиле силен впечаток на неутралната широка публика, ја разбранувале нашата закоравена емотивност и ни покажале колку сурова е всушност војната и како таа делува на луѓето.
Во следните броеви на ШТИТ ќе се осврнеме на некои од тие филмови без некоја посебна амбиција да бидеме филмски критичари. Сакаме само да ви пренесеме дел од нашите чувства, да ви покажеме дека една војничка, човечка судбина може да ги промени нашите ставови за вредностите во животот, а посебно да истакнеме колку тој тежок, исполнет со труд, кал и пот војнички живот е достоен за ПОЧИТ.



Режија: Amir Bar-Lev

Нарација и улоги: Patrick Tillman, Marry Tillman, Josh Brolin

Сценарио: Amir Bar-Lev, Marc Monroe

Музика: Philip Sheppard

Земја: САД

Година: 2010

Времетраење: 94 минути

Награди: „Еми“ награда, награда за најдобар документарен филм од кружоците на филмски критичари на Флорида и Сан Франциско и дваесетина други номинации

Случувањата од 11 септември 2001 г. кај Тилман оставаат длабока трага. За човек кој потекнува од семејство со долга традиција на воена служба, одговорноста е мотивација која не може да се заобиколи или да се потисне. Внатрешната потреба да го даде својот придонес за подобар свет, надополнета со неговата исклучителна скромност, без желба за публицитет и слава, го трасираат неговиот пат кон разгореният Исток.
Додека семејството Тилман, а најмногу неговата мајка Дени, се обидува да најде помирување со судбината и да го прифати фактот дека Пет не се враќа дома, неочекувана информација испливува на виделина. Нивното тагување е потресено од информацијата дека Пет, за кој се веруваше дека е жртва на заседа од страна на авганистански бунтовници, всушност е жртва на пријателски оган. Дали е можно овој млад човек да е убиен по грешка од некој од неговите соборци? Како што се нижат нови информации и нови факти и сведоштва испливуваат на површина, болката непрекинато расте. Зошто на родителите на овој човек со недели им се сервира една друга приказна, кој и со какви мотиви се обиде да ја прикрие причината за смртта на фудбалерот? Дени Тилман, мајката на Патрик, поседува преку 3000 страници извештаи и интервјуа добиени од војската со кои се надева дека ќе ѝ се разјаснат работите. Но, она што го откриваат записниците, е дека постојат многу нелогичности во водењето на постапката и редактираните документи содржат важни информации кои од „безбедносни причини“ се прикриени. Кој ја носи вината за трагичниот настан и кој се обидува да си го заштити грбот?

Создавање на легендата

Документарниот филм на Пет Тилман е систематски и квалитетно развиван. Сведоштвата на инволвираните се разоткриваат постепено, отплеткувајќи една мистерија, чиј исход е непознат до крајот. Иако прашањето кое сакаме да го дознаеме е зошто неговата смрт е контроверзна тајна, Амир Бар Лев оди многу подалеку во содржината на неговиот документарен филм. Тој цели не само да ја демистифицира смртта на фудбалската ѕвезда, туку и да ги разбие митовите за карактерот на Тилман и перцепцијата која луѓето ја имаат за него. Патрик Тилман постхумно станува национален симбол на патриотизам и херојство, нешто што никогаш не било негова желба. Неговата судбина се злоупотребува како инспиративна кампања за регрутација, иако тој всушност не го загубил животот во директна битка со непријателот, туку бил застрелан токму од неговите. Режисерот отвора повеќеслоен проблем на американскиот систем, не само преку критизирање на таа злоупотреба на личните трагедии за национално-патриотски цели, туку и преку нефункционалниот систем кој доведува до грешки, а потоа и за дрскоста на одредени луѓе на висока позиција тие грешки да се прикријат. Амир Бар Лев посочува кон политичките игри кои се одвиваат зад очите на јавноста и обидите за манипулација и заговорите од најдолните, па до највисоките редови. Всушност, во самиот филм гледаме три испреплетени приказни: едната е биографска, за фудбалерот кој одлучува да стане војник, другата е за смртта на тој војник и третата приказна е тешката борба на семејството низ правниот систем, нивото разочарување и изневерување од земјата за која нивниот син го дал животот.
Дени Тилман при нејзиното сведоштво вели: „Тажно е што некои луѓе би земале млад човек со искрени и чесни намери, кој ѝ служел на својата земја, и би лажеле за причините за неговата смрт само за да промовираат војна. Да се искористи оваа смрт како пропагандна алатка е неморално. Лагата и дезинформациите кои ѝ се сервираат на нацијата мора да се тргнат.“ Случајот за Тилман не добива завршница каква што семејството се надевало да дочека ниту, пак, ќе донесе мир, но, барем до некаде ја демаскира лажната перцепција за овој воен херој и го прикажува како честит и скромен човек, каков што и целиот живот самиот се претставувал.

Елена Ѓорѓиевска





НАЦИОНАЛНИОТ ПАРК „ПЕЛИСТЕР“ – УБАВЕЦ НА БАБА ПЛАНИНА

Туристичкиот центар „Пелистер“ се наоѓа на Баба Планина (2.601м), оддалечен 14 км од Битола и 75 км од охридскиот аеродром. Се наоѓа на подрачјето на истоименот национален парк во југозападна Македонија.

Пелистер е името на највисокиот врв на Баба Планина, а со своите 2601 метри надморска височина претставува трет највисок планински врв во Република Македонија. Често името на врвот Пелистер се користи и како име за самата Баба Планина и како синоним за градот Битола. Според планинскиот врв Пелистер е именуван и најстариот национален парк во Македонија, кој го опфаќа врвот Пелистер и се протега на падините на Баба Планина.

Името „Пелистер“ води потекло од античкиот период, односно најверојатно името е дадено од древните (антички) македонските племиња, Пелагонци и Линкестиди, кои живееле непосредно под планината Баба, во овој дел од рамнината Пелагонија. Меѓу народот постои и легенда дека името „Пелистер“ доаѓа од зборовите „пет лисје“.



Националниот парк „Пелистер“ зафаќа површина од 12.500 хектари. Од релјефните облици на врвот Пелистер највпечатливи се т.н. камени реки. Тоа се наклони на релјефот, исполнети со блокови од карпи со различен состав.

Посебна привлечност имаат двете глацијални езера, Пелистерски Очи - Големото и Малото Езеро на Пелистер, исто познати како „Горски Очи“.

Растителниот свет на „Пелистер“ е мошне разнообразен, па оттаму и неговото специфично ботаничко значење. Тука растат 88 дрвни видови. Во вегетацијата на НП „Пелистер“ се среќаваат 21 растителна заедница, од кои 8 се шумски, а 13 тревни заедници. Од шумските дрвни видови најголема вредност има моликата - автохтон вид на петоигличест бор со терциерна старост, којшто расте само на неколку планини на Балканскиот Полуостров.

„Пелистер“ претставува класично наоѓалиште за повеќе од 20 растителни видови, од коишто 2 вида се локални ендемити. Од ‘рбетниците се среќаваат: 10 видови водоземци, 15 влечуги, 91 вид птици и 35 видови цицачи. Од рибите, значајно е да се истакне присуството на пелистерската ендемична поточна пастрмка (Salmo trutta peristericus) и пелагониската поточна пастрмка (Salmo trutta pelagonicus).

Највисоките врвови на секоја планина, независно од нејзината висина, секогаш се најпривлечните и најафирмираните места, кога станува збор за првата посета на некој планински масив.

Кога човек ќе застане на највисокиот врв од една планина, оттаму тој ја пие со поглед, ја доживува и визуелно ја искусува пејсажната претстава која се нуди од самото место. Самиот врв се искусува емоционално, физички, психолошки, духовно...

Таков е случајот со премолчениот убавец на Баба Планина – врвот Бабин



Заб, кој се вбројува во еден од помаркантните и позабележителни врвови на оваа македонска планина. Иако во таа потесна група според висината е меѓу последните, врвот Бабин Заб плени со уникатност и впечатливост на теренот при искачувањето, изобилува со природна раскошност и неповторливот поглед кој се отвора кон поголем дел од масивот Баба со нејзиниот главен врв Пелистер.

Овој дел од Баба Планина изобилува со убав спој на карпи и со живописно зеленило, чија комбинација прави да се почувствувате возвишено од целата таа убавина.

Убавините на Баба Планина изнудуваат воздишки со нивната импресивност и уникатност.

Кристина Илиевска







УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА



Ми-24

ЩИТ